**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**
ИНСТИТУТ ЗА ОДБРАНБЕНИ И МИРОВНИ СТУДИИ

# МЕСТОТО И УЛОГАТА НА СПЕЦИЈАЛНИТЕ ЕДИНИЦИ ВО СОВРЕМЕНИТЕ СИСТЕМИ ЗА НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА СОСТОЈБИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

- МАГИСТЕРСКА ТЕЗА -

**МЕНТОР:**
***Проф. д-р Митко Котовчевски***

**ИЗРАБОТИЛ:**
***Жанет Граовац***

# СОДРЖИНА:

**Вовед** .......... 5

***I ДЕЛ*** .......... *9*

**1. Местотот и улогата на специјалните сили во современите системи за национална безбедност** .......... 9

1.1. Доктрина на современите начини на војување .......... 9
1.2. Поим за специјални сили .......... 16
1.3. Организација на специјалните сили .......... 21
1.4. Обука на специјалните единици .......... 25

***II ДЕЛ*** .......... *30*

**2. Специјалните единици на САД** .......... 30

2.1. Структура на силите за специјални операции на Соединетите Американски Држави .......... 30
2.2. „Ренџери“ .......... 35
2.3. „Зелени беретки“ .......... 39
2.4. Противтерористички одред „Делта“ .......... 44
2.5. Специјални единици на Морнарица на САД .......... 49
2.6. СЕАЛ-тимови .......... 50
2.7. Корпус на морнаричката пешадија -Маринци .......... 54
2.8. Посебни специјални единици на Авијацијата на Копнената војска на САД .......... 56
2.9. Специјални сили на Военото воздухопловство .......... 59
2.10. Специјални сили за психолошки дејства и за цивилни односи .......... 61
2.11. Единици за специјални операции на ЦИА (SAD) .......... 62

2.12. Специјални сили на САД во Авганистан во 2001-2002..............64

**3. Специјалните единици на Велика Британија........................................68**

3.1. Специјални воздушни сили САС..................................................68

3.2. Кралски морнарички командоси..................................................75

3.3. Специјален одред од нуркачи SBS (Special Boat Squadrons).......76

3.4. Петтиот падобрански полк на британската армија ...................77

3.5. Специјална единица на Гурка воини ............................................79

3.6. Успешно дејство на специјалните единици на
Фокландските острови..................................................................80

**4. Специјалните единици на Франција.......................................................83**

4.1. Легија на странците.........................................................................83

4.2. Специјална антитерористичка единица на француската
Жандармерија -GIGN.......................................................................87

4.3. Акција на француските легионери за ослободување
на заложници француски државјани во Заир 1978 год.............89

**5. Специјалните единици на Турција..........................................................91**

5.1. Турските специјални единици во Мисијата на
мирот во Авганистан.......................................................................94

***III ДЕЛ...........................................................................96***

**6. Специјалните единици на Грција ...........................................................96**

6.1. Динамис катадромон........................................................................97

**7. Специјалните единици на Република Албанија ................................103**

7.1. Командо – бригада на Република Албанија..............................104

7.2. Специјални единици на Министреството за
јавен ред и мир...............................................................................106

**8. Специјалните единици на Војската на Заедницата Србија и ЦрнаГора** ........ **108**

8.1. 63. падобранска бригада ........ 111

8.2. 72.специјална бригада ........ 113

8.3. Антитерористичка единица „Кобри“ ........ 114

8.4. Специјални полициски антитерористички единици на Заедницата Србија и Црна Гора ........ 117

8.5. Операција на специјалните единици во Чаплина во1992 ........ 119

**9. Специјални сили на Република Бугарија** ........ **121**

9.1. Специјални единици на Полицијата на Република Бугарија ........ 123

***IV ДЕЛ*** ........ ***125***

**10. Специјалните единици на Република Македонија** ........ **125**

10.1. Баталјон за специјални намени на Министерството за одбрана „Волци“ ........ 129

10.2. Извидувачки единици и единици за електронско извидување и противелектронско дејство ........ 134

10.3. Специјални единици на ВВ и ПВО ........ 135

10.4. Единица за мировни операции ........ 136

10.5. „Ренџери“ ........ 140

10. 6. Полк за специјални операции на Република Македонија ........ 143

10.7. Специјална единица на МВР на Република Македонија „Тигар“ ........ 145

10.8. Специјална единица за брзо распоредување (СЕБР) ........ 148

10.9. Гранична полиција ........ 151

10.10. Местото и улогата на специјалните единици во системот за национална безбедност на Република Македонија ........ 153

**Заклучок** ........ **163**

**Литература** ........ **169**

## Вовед

Настаните кои го обележаа крајот на дваесеттиот век, како и оние со кои се соочува новиот милениум претставуваат пресвртница во начинот на функционирање на повеќето држави и нивните востановени институции. Очигледни се промените при манифестирањето на глобалната нестабилност. Војната, во дефинициска определба, како судир меѓу државите, односно водење вооружена борба помеѓу вооружените сили на државите е сѐ помалку застапена. Многубројни воени аналитичари даваат злослутни перспективи за војните во дваесет и првиот век. Според нивните предвидувања можно е целокупниот светски простор да прерасне во глобално војувалиште на кое постојано ќе тлее новата видоизменета војна. Новиот тип на војување, таканаречените војни од трет вид, неконвенционалното војување, судирите со низок интезитет, верската, етничката и расната нетрпеливост, внатрешните и меѓудржавни инциденти и судири се во постојан пораст и се карактеристика на времето што претстои. Тероризмот и организираниот криминал се здобија со епитетот - глобална опасност. Тие, како такви создадоа и нови механизми на дејствување и поврзаност во 21 век. Терористичкиот напад на Светскиот трговски центар во Њујорк од 11 септември 2001 година, воените аналитичари го приложија како доказ дека зад главната глобална слика на светски мир се одвива сурова тајна светска војна со несогледиви трагични последици.

Сето тоа неминовно бара промена и во начинот на дејствувањето на институциите на државите создадени да ја создаваат и одржуваат безбедноста, сигурноста и опстанокот на една држава.

Војската како институција постои од дамнина. Современите демократски општества не се откажуваат од овој апарат, иако тој по својата генеза е строго хиерархиска, субординирана и авторитарна организација. Современите општества прашањата од овој тип ги решаваат со поставување демократска (цивилна контрола) врз војската. Кога станува збор за современите армии, мора да се потенцира фактот дека е неминовно секоја армија да ги следи потребите на времето и постојано да се реновира и иновира.

Секоја современа држава, која ги остварила условите за независност и територијален интегритет има потреба од организирање на сопствен модел на систем на одбраната и безбедноста. Всушност, еден од условите за меѓународно признавање и прифаќање на државата во меѓународниот колективитет е и организацијата на ефикасни системи кои ќе го гарантираат нејзиниот суверенитет, територијален интегритет и независност. Ова подразбира и формирање на ефикасен безбедносно-одбранбен систем.

Со осамостојувањето и донесувањето на свој сопствен Устав, Република Македонија се конституира како суверена и демократска држава, во која суверенитетот и територијалниот интегритет се неделиви и неотуѓиви. Исто така, во Уставот се утврдени и одделни членови кои се однесуваат на одбраната и вооружените сили на Република Македонија. Подоцна, со донесувањето на Законот за одбрана беа регулирани сите витални нормативно-правни и друг вид прашања од областа на одбраната и вооружените сили. Од овие два базични документи произлегоа и редица други закони, подзаконски акти и упатства кои се однесуваат на одбраната на Република Македонија. Меѓу нив ќе ги наброиме Законот за служба во Армијата, Националната концепција за безбедност и одбрана и Стратегискиот одбранбен преглед како најактуелни и најкомпатабилни со современите потреби на безбедносниот сектор.

Бидејќи Република Македонија е држава која допрва треба да се покажува, афирмира и прифати во меѓународната заедница и колективните системи за безбедност неминовно е да се случуваат трансформации во самата држава, нејзиниот апарат, како и промени во нејзините закони, прописи и документи, што подразбира и промени во организацијата и структурата на одбранбениот и безбедносниот систем во согласност со современите потреби и барања.

Република Македонија е во фаза на целосна трансформација на системите за безбедност и одбрана.Сите недостатоци од претходниот период мора да се надминат и по пат на вистинска евалуација и реализација на определените цели да се изгради ефикасен одбранбен систем. Во „Националната концепција за безбедност и одбрана“ се определени нашите клучни цели и определби, а тоа е полноправното членство во НАТО. Во Стратегискиот одбранбен преглед се издиференцирани насоките по кои ќе се

одвива трансформацијата на одбранбениот систем, односно трансформирањето на вооружените сили и на Министерството за одбрана на Република Македонија.

Зачленувањето во НАТО подразбира способност не само дека ќе се гарантира безбедноста на граѓаните на Република Македонија, туку и подготвеност да се придонесе кон колективната безбедност. Учеството на македонските вооружени сили во меѓународните мировни мисии во Ирак и во Авганистан е јасен показател дека Република Македонија е земја која е подготвена да биде партнер во обезбедувањето на мирот и стабилноста во светот.

Република Македонија е длабоко и сериозно навлезена во процесот на реформирањето на АРМ. Стандардите за влез во Алијансата се поставени. Треба само да се направи трансформација која ќе одговори на сите потреби и барања од надвор и однатре. Согледана е потребата од редуцирање на конвенционалните капацитети и инвестирање во мобилни, стратешки и тактички, лесни и брзо распоредливи сили. Поради објективните причини предизвикани од конфликтите во окружувањето, како и внатрешниот конфликт од 2001 година и можни идни слични конфликти во Регионот, безбедносните сили ќе мора да бидат подготвени во секој миг да одговорат на таквите предизвици. Постконфликтните и операциите за стабилизација бараат многу исцрпувачки и вешти способности. Заради тоа треба да се оди на професионализацијата на вооружените сили на сметка на прогресивната редукција на регрутниот состав.

Армијата на Република Македонија мора да се оспособи да може да оперира и да се одржува надвор од земјата до ниво на баталјон или еквивалентно ниво. Сето ова наведува на заклучок дека јадрото на идната модерна армија треба да бидат токму специјалните единици. Од Република Македонија се бара да поседува специјални единици кои ќе можат лесно да се распоредуваат и да се одржуваат, а воедно и да бидат наш придонес кон капацитетите за НАТО операциите. Специјалните единици, трансформирани според светски стандарди и критериуми, ќе бидат нашиот аргумент за влез во колективните системи за безбедност.

Изминатите педесет и повеќе години покажаа дека третманот на тероризмот во светски рамки е сѐ позначаен. Веќе е извесно дека тероризмот

се стреми целосно да ја замени конвенционалната војна. За разлика од повеќето класични воени закани, тероризмот е закана која може да погоди каде било и во кое било време, што значи дека и Република Мкедонија не е имуна од овој вид безбедносни закани.

Против ова најцрно зло на денешницата е поставен добро замислен бастион на светската слобода. Тоа се Елитните специјални единици. Акциите на овие воини се најчесто покриени со превезот на врвна тајна, но сепак нивните акции, обука и организација, сето она што ги прави посебни и елитни заслужува да биде предмет на обработка на овој труд.

# *I ДЕЛ*

## 1. Местото и улогата на специјалните сили во современите системи за национална безбедност

### 1.1. Доктрина на современите начини на војување

Уште во шеесеттите години на минатиот век, американскиот претседател Џон Кенеди прогнозираше дека новиод вид војување нема да се одвива помеѓу стандардни воени сили, туку дека тоа ќе биде војување помеѓу герилски групи, дека тоа ќе бидат субверзивни и терористички акции, востанија и атентати и инфилтрирање на специјалните сили наместо отворени вооружени судири, односно дека ќе се применуваат методите од арсеналот на специјалното војување.Тоа што во тој период беше само една визија и предвидување денес стана најсурова реалност која се шири со невидена брзина и во пандемски облик. И што е уште пострашно, отпадниците, терористите и герилските борци се стремат своите дејства да ги видоизменат и да ги синтетизираат на глобално ниво како нова војна против целиот свет. Светот денес, како што изјави претседателот Буш, е соочен со нов вид војна која се одвива на глобално ниво. И на таа војна тој и се спротивстави со објавување војна која со сите сили и средства ќе се стреми да го совлада непријателот. Војската со која светот треба да се справи е терористичка, регрутирана од држави, организации и движења ширум светот. Новите терористи и се однесуваат како нова војска која собира сили и средства, која се поддржува од глобални организации, која, може да се рече, има достигнато суверен статус во управувањето со војната. Припадниците на оваа терористичка војска во блиска иднина ќе бидат целосно подготвени и на конвенционален начин да им се спротистават на конвенционалните сили на државите и тоа и на копнените и на поморските, но и на воздухопловните сили на државите. За моќта на

идеолошката индоктринација на овие организации нама потреба да се дискутира, нивниот фанатизам е до самоубиствени граници, што значи дека заканата е присутна во секоја индивидуа. Новиот непријател на светот има информатичко-технолошка можност за информатичка контрола на целокупното светско војувалиште и поседување на нуклеарно оружје во најблиска иднина. Значи, новото време бара промени во системите за национална безбедност на државите од стратегиско до најниско тактичко ниво. И самата доктрина на специјалното војување треба да се дополни и прилагоди кон новонастанатите ситуации и проблеми. Меѓународниот тероризам му отстапува место на уште пострашнио глобален тероризам. Заканата од глобалниот тероризам, таканаречен панбунт на меѓусебно поврзани терористички организации покажува дека оваа појава има повеќедимензионални и далекусежни безбедносни, геополитички и геостратегиски импликации на глобално рамниште. Потребно е да се направи нова стратегија која и доктринарно ефикасно ќе треба да се вообличи , односно ќе ги прецизира сите мерки, сили и средства за справување со глобалниот тероризам.[1]

Меѓународната заедница мора да се подготви ефикасно да се справува со овој вид војување. Потребно е да се легализираат и официјализираат постапките, силите и средствата кои ќе се применуваат во војната, како и најефикасните начини за воспоставување глобална безбедност.

Специјалните единици остануваат да бидат во фокусот на доктрината на современите начини на војување, но треба да се конструираат и нови мерки , пред се превентивни и невоени средства, кои ќе ја елиминираат, или барем намалат можноста за појава на нови кризни жаришта и расадници на терористички организации.

Иако за посебните видови воени вештини и војување пишувал уште воениот теоретичар на стариот век Сун Цу Ву во својот труд „Вештина на војувањето“, за современо толкување на специјалните сили и специјалното војување може да се зборува дури во дваесеттиот век. За Сун Цу Ву ќе забележиме само дека неговата констатација дека „во битката не е најголемо достигнување да се бориш и да победиш, туку најголем успех е противничкиот

[1] Види пошироко: Котовчевски, М. (2005). Панбунт. Современа македонска одбрана бр. 11.

отпор да се совлада без борба“[2], ќе ни ја даде насоката за дефинирањето на современите видови војна и силите кои учествуваат во нив. Како насока во одредувањето на современите видиви и начини на војување, за разлика од класичната дефиниција на Клаузевиц за војната воопшто, би посочиле дека реалноста денеска повеќе претставува збир на организирани и координирани, повеќе или помалку прикриени, политички, економски, психолошки, разузнавачки, дозирани и со воени акции, мерки и активности од субверзивен карактер, што ги презема една или повеќе држави, како вовед во војна, како составен дел на војната или самостојно против други држави (групи држави), народноослободителни и револуционерни движења, поради наметнување, односно зачувување на хегемонијата, отколку класично вооружено и декларирано војување помеѓу државите. За да се стигне од Сун Цу до оваа дефиниција на современиот начин на војување мора да се забележи дека целата воена историја е историја на големи и мали војни во кои се испреплетени и судири и облици на дејствување содржани во горенаведената дефиниција. Низ историјата биле применувани најразлични облици на конфронтации, диверзии, саботажи, шпионирања, герилски дејства, индоктринирање, психолошки притисоци, пропаганда, расна и верска нетрпеливост, поттикнување граѓанска војна и погроми, бруталност, репресии и слично...

Сите овие придружни и предвестувачки елементи на војната, во дваесеттиот век се воздигнуваат како средство и цел сами по себе. Овие дејства стануваат одредувачки фактори на воениот исход. Самата војна не е повеќе решавачки фактор на политичката цел. Стратегија на новото време е да се постигне иста цел со помалку видливи воени средства. На сцената стапува токму стратегијата на специјалното војување. Таа стратегија, теориски вообличена и разработена во педесеттите години на дваесеттиот век на Универзитетот во Илиноис во Соединетите Американски Држави како „настојување да се поткопуваат комунистичките режими на сите можни начини и со сите можни средства“[3], веднаш ја прифаќаат и понатака ја доразработуваат американските стратези и администрацијата, не отстапувајќи

[2] Цу Ву, Сун. (1994). Вештина на војувањето. ВИЗ „Штрк“.
[3] Михајловиќ, М., Арсиќ, С. (2003). Специјалне снаге света. Београд: 8.

од нејзината примена до денешни дни, а во тоа ги следат и сите останати светски држави.

Во седумдесеттите години на изминатото столетие специјалното војување е доста присутен облик на конфронтација, во вид на политичка, економска, субверзивна и разузнавачко-пропагандна активност што ја презема една или повеќе држави против друга држава и посебно против терористичките групи, кои во овој период изразуваат особено распространета и успешна активност во секое катче од нашата планета. Тоа е период на големи терористички акции, но и на државни преврати, соборени режими, многубројни вооружени акции и слично. Специјалнато војување се разгорува со сиот дијапазон на своите орудија. Современите облици на војување веќе имат изградено своја солидна доктрина која би можела да се подведе под неколку најбитни поставки.

Доктрината на специјалното војување подразбира употреба на посебно организирани, оспособени и опремени специјални сили кои се во тесна координација со разузнавачките служби, со владините и невладини служби, како и со таканаречената петта колона, односно внатрешните опозициски сили. Доктрината на специјалното војување опфаќа офанзивни, прикриени или тајни акции. Таа е долготрајна и истрајна. Се изведува во период на мир, но и во време на воени дејства.Се избираат најповолни позиции на регионално, но и на глобално ниво. Таа е долготрајна. Специјалното војување, по примерот на американската доктрина на специјално војување, најчесто опфаќа неколку сегменти и сé почесто се именува и како неконвенционална војна или како судири со низок интензитет и специјални операции, но постојат нијанси на различност кај сите три поими.[4]

Во склоп на силите на специјалното војување влегуваат и државните и националните организирани структури, но и различни верски, економски, информативни, културни, спортски, хуманитарни, невладини организации и институции, специјалните единици, а по потреба и севкупните вооружени сили, силите на опозицијата и непријателски расположената емиграција. Најчесто со овие акции се раководи од едно место, и тоа најчесто од таканаречениот Кризен штаб.

---

[4] Терповски, В. (1998). Специјални сили. Скопје: ПРИМА, 141.

За неконвенционалната војна би можеле да кажеме дека е збир од воени и полувоени дејства што се изведуваат на територијата на противникот за која тој е политички осетлив. Тоа најчесто се последователни и поврзани герилски акции, субверзии, саботажи и вооружени препади. За ваков вид војување потребна е соработка однатре, најчесто од опозицијата која е во координација со надворешниот фактор. Крајна цел е соборување на постојниот режим и доведување на власт на марионетски режим кој ќе се покорува на волјата од надвор[5]. Повеќето воени превратни и режимски промени на територијата на Јужна Америка се еклатантен пример за моќта на неконвенционалната војна. Одвивањето на оваа војна е завиткано во дебели слоеви од пропагандно-психолошка дејност за неминовноста и хуманитарната оправданост на дејствијата. Оттука е и логично што за реализирањето на овој вид дејства најчесто се одговорни и ги планираат разузнавачките служби на државата. Инаку самото спроведување на специјалното војување, односно на неконвенционалната војна е најчесто означено со степен на тајност. Дејствувањето може да биде тајно, (се кријат и акцијата и државата), прикриено (акцијата не се крие, но се крие идентитетот на државата цел на акцијата) и отворено кога не се кријат ниту постапките ниту идентитетот на државата кон која се насочени.

Под судири со низок интензитет се подразбира широк спектар на невооружени и вооружени дејства. Како невооружени дејства се сметаат сите активности од разузнавачка, психолошка, воена, политичка и економска дејност и притисоци, а вооружените дејства и притисоци ги опфаќаат сите видови терористички дејствувања, бунтовничко-превратничката дејност и ударите од дистанца. Во американската база Ленгли, во 1986 година, во рамките на КоВ и ВВ на САД се развива Центар за судири со низок интензитет каде се проучува интервидовското ангажирање на силите во такви судири., се согледува нивната улога и начинот на остварувањето на инфаструктурата. Со распаѓањето на СССР и Варшавскиот договор, САД создаваат нова групација од елитни сили наменети за употреба во судирите со низок интензитет, кои ги нарекоа „сили за одговор на кризи“.

[5] Михајловиќ, М., Арсиќ, С. (2003). Специјалне снаге света. Београд: 9.

Доктрината на судирите со низок интензитет која го обележуваше вториот период на дваесеттиот век ќе остане да биде актуелна и во дваесет и првиот век со нужни проширувања и промени.

Суштината на оваа доктрина се состои во примена на тактика на удари од мали размери и брзо повлекување. Значи, таа претпочита невидливо војување, војување преку мирољубиви потфати и примена на морално прифатлива тактика против непријателот чија тактика нема ниту морални ниту етички ограничувања.

Суштината на доктрината на судирите со низок интензитет е комбинирањето на специјалните дејства, директно настапување и директна воена интервенција со ограничени цели и со примена на т.н. готови сили. Судирите со низок интензитет се проектирани како ограничено воено-политички судири за дејство на ограничен географски простор, во земји со нестабилна внатрешна структура и внатрешни кризи. Ова подразбира селективна употреба на невоени, паравоени, параполициски и воени облици на сила и можност за употреба на дејство од дистанца.[6]

За остварување на доктрината на судирите со низок интензитет неминовна е организираност на сили за специјални дејства.

Највисок облик на судири со низок интензитет се седимензионалните операции. Судирите со низок интензитет подразбираат различни дејства на пониско ниво, тоа е политичка и воена борба надвор од конвенционалното војување, како што е противтерористичката борба, противгерилското војување, гранични сукоби помеѓу две држави. Судирите со низок интензитет ги изведуваат националните сили за остварување на политички, национални, економски и психолошки цели.

За реализација на стратегиските и доктринарни определби на судирите со низок интензитет, во американската воена стратегија периодично се изработуваат посебни планови во мир, т.н. контингенси планови кои постојано се надополнуваат во зависност од промените на воено-политичката ситуација во светот. За секоја земја се креираат разузнавачки операции, хуманитарна помош, евакуација на американските граѓани, воено-економска помош, демон-

[6] Котовчевски, М. (2000). Национална безбедностна на Република Македонија (трет дел). Скопје: Македонска цивилизација, 80.

страција на сила, препади и напади, операции за спасување и пребегнување, поддршка на американските цивилни власти (на територија на САД). [7]

Доктрината на судирите со низок интензитет е една комплексна доктрина која дејствува интегрално на сите нивоа со сите сили и средства и од надвор и однатре.

За судирот со низок интензитет да не прерасне во вооружен судир, односно да не се отргне од контрола на настаните, во американската доктрина се предвидува организациски да се обликуваат судирите со низок интезитет во таканаречените повеќедимензионални операции. Овие операции се составени од повеќе одделни операции. Тоа се психолошките, разузнавачките, воено-цивилните, логистичките, информатичките, специјалните и противтерористичките операции.

Психолошките операции се наменети исклучиво за цивилното население, разузнавачките операции се во доменот на разузнавачкиот дел на формацијата на специјалните единици и се однесуваат најчесто за тајни акции на ликвидација, давање илегална помош на сојузниците и слично и најчесто, во современи услови, како антитерористичка дејност.

Во цивилно-воените операции се вклучени хуманитарните и мировните операции, борбата против пренос на дрога и оружје и слично.

Логистичките операции се состојат од давање поддршка и помош на сојузничките и сопствените сили, а информатичките се во доменот на информатичката поддршка и оневозможување итн.

За денешните глобални настани најзначајни се таканаречените специјални операции, кои ги опфаќаат сите видови противтерористички активности, во кои се вклучени и противгерилските акции, како и дејствијата против бунтовниците и религиозните фанатици.

Специјалните операции се воени операции водени од специјално обучени, опремени и организирани сили против сите видови закани наведени во Стратегијата. Тоа се акции од посебна стратегиска потреба.

Специјалните операции се спојката што ги поврзува судирите со низок интензитет со конвенционалното војување. Тие се подготвувани во тајност најчесто од анонимни специјализирани органи и служби, но се одобрени од

---

[7] Ибид, 86.

највисокиот воен врв, како што на пример е Националниот совет за безбедност.

Во контекст на успешно изведување на специјална операција мора да се исполнат неколку од основните операциски принципи креирани токму за специјалните операции. Тие се директни дејства (DA), Контратероризм, (CBT) , Одбрана на пријателски земји (FID), неконвенционална војна (UW), специјално извидување (SR), психолошки операции (PSYOP), цивилни односи,(CA) информациски операции (IO) и контра пролиферација на оружје за масовно уништување (CP). Силите за специјални операции се посебно организирани, обучени и опремени токму за исполнување на овие девет принципи на специјалните операции.

Сите држави во светот денес се свесни дека силите за специјални операции или дејства се клучниот фактор пред евентуалното конвенционално конфронтирање меѓу државите.

Современата американска стратегија 3Д се потпира на три различни планови, кои во извесни точки се преклопуваат. Едниот план е во врска со глобалната борба против тероризмот и државите кои го продуцираат, како и попречувањето на пролиферацијата на оружјето за масовно уништување и борба со државите кои не се придржуваат кон нормите за негова употреба и производство.

### 1.2. Поим за специјални сили

Денеска, во светот не постои сериозна армија која во своите воени и полициски сили не вклучува и некоја специјална единица токму од потребата за справување со современите видови безбедносни закани. Тоа, најчесто се антитерористички специјални единици, но и друг вид елитни специјални единици, во кои влегуваат најдобрите, најобучените и најспособните од сите и кои секоја држава ги формира во рамките на своите системи за национална безбедност.

Дефинирањето на специјалните единици, од времето на нивното званично претставување е збир на најразновидни дури и контрадикторни дефиниции. Некои воени теоретичари специјалните единици ги дефинираат како сили само за антитерористичка дејност, односно сили кои, најчесто веќе

ги има во состав на Полицијата и кои се милитарен пандан на истите. Според други теоретичари, специјалните сили се столбот, 'рбетот на современите армии и клучна сила за справување со секој вид современи закани. Трети, пак, ги дефинираат единствено како истурен дел од вооружените сили на државата, сили, кои, сепак, се зависни од класичната воена сила. Како и да се разгледуваат сите овие дефиниции, треба да се нагласи дека улогата на специјалните единици при современото војување не е спорна и има евидентно значење.

Во современото дефинирање на специјалните сили претходните дефиниции претрпуваат извесни модификации. Исто така, често експлоатираната дефиниција со која се среќававме во нашата литература дека специјалните сили се „мали, офанзивни, внимателно избрани воени или паравоени единици, исклучително добро обучени и подготвени за извршување на посебни задачи кои обичните воени единици не се во можност да ги извршат, или тоа го прават со голем напор, составени од поединци со несекојдневни физички и психички способности“[8], денес би ја дополниле дека во современото толкување на специјалните сили би се вклучиле и посебни цивилни структури, најчесто од разузнавачката, културната, хуманитарната и слична бранша.[9] Специјалните сили се посебни, често и тајни воени единици кои дејствуваат пред, за време и по завршувањето на воените дејства, и тоа најчесто во заднината на непријателот. Основна задача и цел им е да се скрши волјата на противникот за давање било каков понатамошен отпор, но во зависност од ситуацијата и да извршуваат и многу други специфични задачи .[10]

Во рамките на американската безбедносна политика и доктрина, специјалните сили се сили кои ги планираат, предводат и поддржуваат специјалните операции. Улогата и организацијата на специјалните сили е секогаш во непосредна корелација со стратегијата за национална безбедност и политиката и секоја промена во стратегијата и политиката има директни импликации на мисиите на специјалите сили. Всушност промената на политиката може да ја одолжи или оневозможи мисијата. Армијата ги организира, обучува, опремува и подготвува специјалните сили за изведување

---

[8] Брдар, В. Снаге за вођење специјалног рата. Воено дело, 3/83.
[9] Михајловиќ, М., Арсиќ, С. (2003). Специјалне снаге света. Београд: НИЦ „Војска“, 9.
[10] Ибид

пет основни мисии: неконвенционална војна, директни акции, помош на странски земји, специјално извидување и контратероризам. Контратероризмот е основна мисија само за специјални единици посебно формирани, обучени и опремени за такви дејства. Мисите на специјалните единици се динамични бидејќи се директно предизвикани од воено-политичките влијанија.

Според приоритетот на мисијата се определува и видот на специјалната единица.[11]

Но, сепак, при дефинирањето на специјалните единици од која и дефиниција да се тргне треба да се потенцира дека доктринарно, специјалните единици секогаш се третираат како офанзивни сили, односно борбени единици кои се под директна команда на врховниот командант, односно државно-политичкото раководство кое издава наредба за нивна употреба, им дава задачи и ја одобрува нивната употреба.

Специјалните единици извршуваат исклучително важни задачи и се инкорпорирани во сите видови на вооружените сили или дури и се издвојуваат како засебна компонента надвор од родовите и видовите на современите армии. Доктрината на употребата на специјалните единици, нивната организација, обука и тактика се одвиваат според нестандардни критериуми. По правило, овие единици се најелитниот и најмистериозниот елемент на секоја модерна армија. Со оглед дека и во нашата армија е согледана потребата од бројно помала, но професионално и технички современа армија, што е и еден од предусловите за влез во НАТО, се работи на тоа да се создаде армија која ќе може да одговори на сите предизвици на новото време. Тоа значи дека местото и улогата на специјалните единици во системот за национална безбедност се нагласени и дека тие се оние професионалци на кои им припаѓа иднината.

Историски гледано, облици на специјални единици постоеле одамна...

Старогрчките поморски диверзанти се далечна претходница на денешните поморски диверзанти. Ренџерите своја далечна претходница имаат во некогашните чувари на кралските шуми во Англија, а во помодерна верзија генезата им е во ренџерските единици кои се бореле на Дивиот Запад во новосоздадените Соединети Американски Држави.

---

[11] (1990). Doctrine for Special Forces Operational FM 31-20 . Washington: US Army, Ch3, pg 1.

Бурските војни на Јужноафриканската територија ги исфрлаат на виделина прекалените Командоси, борци, кои, дејствуваат најчесто во задницата на непријателот, користејќи посебна тактика за справување со надмоќниот непријател.[12]

Извесни облици на специјални единици се доизградуваат и во текот на Првата и Втората светска војна, но сепак нашето време е време на вистинска апотеоза на специјалните единици, а ова е од причина што за справување со современите безбедносни закани токму таквите единици го добиваат приматот во успешноста при справувањето со нив.

Традиционално, во редот на специјалните сили на армиите најчесто се вбројуваат извидувачките, диверзантските, јуришните, воздушно–десантните, поморско-десантните, како и други специјални единици наменети пред сѐ за борба во задницата на непријателот. Од сите нив се издвојуваат анти-терористичките и контретерористичките кои освен за класични специјални дејства се обучуваат за борба за справување со тероризмот во урбана и рурална средина, како и за друг вид асиметрични закани. Исто така, секоја современа држава и во рамките на институциите за внатрешно обезбедување на државата мора да формира специјални единици. Освен што егзистират како посебно формирани и организирани специјални единици во рамките на армиските и полициските безбедносни системи, елементи од специјалните сили се инфилтрираат во извесни цивилни структури (хуманитарни и културни организации, разузнавачки служби и меѓународни организации“.

Поради порастот на безбедносните закани олицетворени во зголе-мениот број на регионални конфликти, пролиферацијата на нуклеарното, биолошкото и хемиското оружје, интернационалниот тероризам, радика-лизацијата на политичките и религиозните движења и нестабилноста на голем број држави во транзиција, специјалните единици сѐ повеќе добиваат на значење и нивната улога сѐ повеќе се зголемува, а со тоа и бројот на мисиите за кои се подготвени.

Специјалните единици се неконвенционални борбени единици. Основни задачи за кои се формирани специјалните единици најчесто се: дејство во задницата на непријателот; копнени и поморски уфрлувања, воздушни

---

[12] Лазански, М. (2001). Командоси. Београд: Књига-комерц, 8.

десанти; патролирање; пресекување на линиите за снабдување; демонстративни дејства; означување на цели со помош на ласерски обележувач; разузнавачко – извидувачки дејства; психолошки дејства;-спасување на екипажот на урнати воздухоплови; уништување на површински бродови; антитерористички и контратерористички активности и др. [13]

Од самата доктрина на специјалното војување, произлегуваат и борбените карактеристики на специјалните единици. Најзначајни од тие карактеристики, кои и ги диференцираат од конвенционалните сили се следните: нивните задачи се со највисок приоритет; припадниците на овие единици се најчесто доброволци; тие се селектираат по најостри критериуми (медицински, психолошки, физички и друг вид критериуми); специјалните единици се најчесто со професионален состав, што подразбира професионално однесување во секој поглед, врвна индоктринираност и мотивираност. Нивната обука е посложена и подолготрајна од обуката на конвенционалните единици; тие се секогаш во постојана борбена готовност, подготвени за моментално дејство на која било дестинација; припадниците на специјалните единици се обучени за примена на посебни тактички задачи и дејства и тоа во мали групи, со што им се олеснува изведувањето на брзи напади и брзо повлекување во заднината, како и постигнување ефект на изненадување, ноќни акции, долготрајна издржливост и опстојување во неповолни услови. Исто така, за разлика од конвенционалните сили, специјалните единици се оспособени да соработуваат со локалното население, да го го организираат за герилско војување и да даваат инструкторска помош на пријателски земји.

Специјалните единици се подготвени на посебен начин да дејствуваат во состојба на војна, во конфликтна ситуација, а имаат своја улога и во време на мир.

Во ограничена или тотална војна специјалните сили имаат свои определени мисии и на стратегиско и на оперативно и на тактичко ниво. Основна улога им е да изведуваат и поддржуваат операции во заднината на непријателот кои конвенционалните единици не се во можност да ги извршат. На пример, тимови од специјални сили се инфилтриаат во длабочината на заземената територија од непријателот со цел да соберат информации битни

[13] Михајловиќ, М., Арсиќ, С. (2003). Специјалне снаге света. Београд: 19.

за националната стратегија; да го развијат и поддржат обезбедувањето во задницата на внатрешните пријателски сили; и слично.

При конфликтни ситуации, каде што употребата на конвенционални сили е несоодветна и кога невоените средства на националната моќ, исто така не се можни, специјалните сили се тие кои се испраќаат да ја разрешат состојбата.Ова особено се практикува при контратерористичките мисии (CT). откриените директни акции (DA).

Специјалните сили во мир имаат превентивна и детерентна улога.Нивното стратегиско значење и политичка осетливост ги прави овие единици најсоодветни за учеството во операциите за зачувување на мирот и произведувачи на колективната безбедност.[14]

### 1.3. Организација на специјалните сили

Не постои систем за национална безбедност, кој во рамките на својата структура не вклучува и специјални сили. Значи не постои држава во светот која не формира специјални единици. Какви единици ќе формира, од кои причини, во колкав број и со каква организација, е прашање кое секоја држава го решава според своите можности и потреби, но и од побарувањата на колективното членство, доколку е членка на колективни системи за безбедност.

Претставувајќи ја организациската структура на специјалните единици на големите светски сили во однос на бројот на припадниците ќе констатираме дека тие поседуваат репрезентативна бројка на специјални единици. И обратно, постојат земји кои поседуваат специјални единици кои бројно не се повеќе од двестотини луѓе, дури и помалку. Сепак откако ќе ја разгледаме организацијата, обуката и начинот на дејствувањето на специјалните единици и на големите сили и на малите држави ќе забележиме дека во многу нешта нивните карактеристики се преклопуваат.

Многу фактори се одредувачки за тоа каква организација на специјалните единици ќе направи една држава. Формирањето на специјалните единици, на пример, зависи од тоа колкава е територијата на државата, какво е нејзиното окружување, уредување, какво е геостратегиското значење на

[14] (1990). Doctrine for Special Forces Operations, FM 31-20. Washington: US Army, Ch 1, pg 13.

државата, кои се и во колкав обем факторите на загрозувањето на државата. Исто така, какви специјални единици ќе формира земјата зависи и од тоа дали таа држава е членка на колективните системи за безбедност и какви се побарувањата на колективното членство.

Многу битен фактор за формирање на специјалните единици е и економската моќ на државата, бидејќи одржувањето на вакви единици е доста скапо и битно е дали ѝ се овозможува доволно економска поткрепа и инструкторска помош од партнерските или пријателски земји за организирање на специјалните сили и под кои услови државата ќе ја оствари доделената помош.

Соединетите Американски Држави како најмоќна светска воена сила имаат и најсложена и најбројна компонента на специјалните сили во рамките на својот систем за национална безбедност.Во рамките на вооружените сили овој сегмент од системот за одбрана и е издвоен како засебен и има своја сопствена командна и организациска структура. Репрезентстивната бројка од 48.000 припадници на специјалните единици е под директна врховна заповедна надлежност на председателот на САД. Синџирот на раководење со специјалните единици преку државниот секретар за одбрана се спушта до Здружениот генералштаб за специјални операции, кој понатака ја разгранува шемата на раководење во посебни штабови надлежни за специјалните единици според видовите на вооружените сили и војувалиштата итн (што е подетално обработено при обработката на специјалните сили на САД).

Командната структура во другите држави може да е поинаква, со помала командна и друг вид структура, но во повеќето држави овие единици се под директна надлежност на претседателот на државата. Големината и разгранетоста на мрежата на раководење и командување повторно е во зависност од бројот на единиците и припадниците. Специјалните единици, најчесто, се издвоени, но сепак пополнети од припадници на армиските видови кои одговараат на потребите на тој вид специјални единици.

Специјалните единици, начелно, се организирани на сличен начин, што произлегува од совпаѓањето на доктрината на нивната употреба, борбените задачи кои ги извршуваат, односно тактиката, начините и облиците на борбеното дејство.

Доколку се следат принципите за организирање на специјалните сили на САД и на Велика Британија како најрепрезентативни членки на НАТО, кои најчесто се и земји кои нудат инструкторска помош за сите прашања поврзани со формирањето на специјални сили во партнерските земи и земјите аспиранти за членство, прво што паѓа во очи е дека нивната организација е екстремно флексибилна и повеќефункционална. Во рамките на Армијата на САД сите специјални сили се групирани како СФ групи. (Special Forces Group) СФ групата има формална организација и органски елементи. Нивната основна мисија е да ги планираат, преземаат и поддржуваат специјалните операции во која било операциска област во мир, во конфликт или во војна. Во зависност од ситуацијата се прави организацијата на единиците. Во американската војска специјалните сили се определени како групи од специјални сили составени од тимови. Тим А, тим Б и тим Ц. (detachment A , B,C) и други потребни елементи.

Тимот А е основната организациска клетка на сите специјални сили. Има шест А тима во секоја чета на специјалните сили.Тимот од дванаесет луѓе го предводи капетан. Тимовите се извежбани за сите специјалности. Сите членови на тимот се квалификувани за специјални дејства.

Во рамките на четата на специјалните сили мора да се имплементираат соодветни тимови за потребната мисија. Еден од шесте А тима е обучен за подводни дејства, друг за специјални падобрански искокнувања. Овие две вештини најчесто се користат при методите на инфилтрација. Тимовите А се опремени со најсофистицирани и најсовремени средства за врски, оружје и опрема.

Значи, групите специјални сили се подготвени во секое време да изведат инфилтрација и ексфилтрација во областите на изведувањето на специјалната операција и тоа од воздух, од копно и од море. Тимовите, исто така, во секој момент се подготвени да дадат помош, да организираат, опремат, обучат и советуваат воени или паравоени сили на пријателски земји, да планираат и преземаат унилатерални специјални операции, да обучуваат, советуваат и им помагаат на други сили на САД или на сојузниците, да изведуваат и други специјални операции наредени од Советот за национална безбедност. Како и групите специјални сили и баталјоните ги планираат, предводат и поддржуваат специјалните операции. Баталјоните најчесто се составени од командна чета, чета за поддршка и неколку борбени чети. Една чета од специјални сили

најчесто се состои од Б тим, команден елемент, неколку А тима, еден А тим за подводни дејства и еден А тим за специјални падобрански дејства. и така натака.[15] Каква и да е организацијата, на крај се доаѓа до основната клетка на секоја специјална единица, а тоа е тимот. Значи организацијата на специјалните единици се разликува од класичната воена организација, а тоа е поради различноста на доктрината и тактиката на војувањето.

Тежиштето на организацијата на специјалните сили е на тимот. Тимот е едноставна но непостојана борбена организација. Неговите активности не се определени и врзани, на пример со некој оружен систем, (тенковска посада) или на едноставна борбена функција (стрелечки вод). Припадниците на тимот се генерално подготвени и усовршени за една специјалност, но не во функционална смисла. Секој припадник практикува повеќефункционален пристап за време на планирањето и извршувањето на мисијата. Тимот од специјални сили е универзален оперативен елемент кој се состои единствено од припадници на специјалните сили и е раководен исто така од припадник на специјалните сили. Во американската армија постои посебна табела за организација и опремување на тимовите од специјалните сили т.н. МТОЕ табела. Според неа можна е организација на тимови од поединци ,или комбинација од армиски организирани тимови за специфични мисии, во броен состав од двајца до јачина на чета.

Секоја специјална единица има потреба од логистичка (сервисна) поддршка, која најчесто е во вид на разузнавачка, транспортна, (воздухопловна), за пребарување, извлекување или спасување од непријателски терен. Некои специјални единици во својата организација го вклучуваат и целосното заднинско обезбедување, а други пак, се потпираат на единиците за оваа намена од регуларниот состав.

### 1.4. Обука на специјалните единици

Во однос на обуката на специјалните единици треба да се нагласи дека таа во сите земји е поинаква во споредба со воената обука наменета за конвенционалните единици. Обуката на специјалните единици е најчесто посебна, пообемна и подолготрајна. Најчесто во неа освен класични воени

[15] (1990). Doctrine for Special Forces Operations FM 31-20. Washington: US Armu, Ch 4, pg 1-4.

вештини, се застапени и посебни специјалности специфични само за овие единици.Обуката се спроведува во временски период поделен во фази и тој период може да трае и повеќе од една година, во зависност од тежината на посебните специјалности и потреби.

На пример обуката на специјалните СЕАЛ тимови на американската армија трае и до две години, а и нашите Волци, барем досега се обучуваа две години.

Најчесто, првата фаза од обуката е основна воена обука, со посебен акцент на физичкото кондиционирање и оспособување на физички издржлив припадник кој може да се снајде и да издржи во секакви временски услови и на различен терен. Вториот дел од обуката, кој повторно може да се дели на повеќе фази е најчесто специјалистички, во зависност од потребите и видот на специјалната единица.

Обуката на специјалецот е базата на неговата успешност. Најчеста девиза при подготовките на специјалците е „вежбај тешко за да се бориш лесно“. Специјалистичката обука во сите земји се преклопува во многу детали. Специјалните единици применуваат специјални облици на борбени дејства, како и посебни начини на настапување и здружено дејствување.

Најчести борбени облици, кои ги применуваат специјалните единици на сите армии се: заседата, огнениот налет, препадот, блокадата, упадот, рацијата, претресот и други, кои во комбинација со класичните воени облици, како што се напад, одбрана, пробив во опкружување, извидување и диверзија се ефикасен начин за справување со посебните облици на пројавување на современите видови безбедносни загрозувања.

Припадниците на специјалните единици, посебно оние од анти-терористичка бранша мора да бидат до совршенство подготвени за изведување блиска борба во ограничен простор, односно за борба очи во очи со противникоти или кажано со терминологијата на специјалците за CQB, (Closw Quarter Battle). Ова е посебен концепт на блиска борба, кој се изучува и усовршува во повеќето еминентни безбедносни структури.

Според видот на борбеното дејство, CQB може да се класифицира како посебен облик на борба во урбана средина, но сепак таа се издвојува од класичната дефиниција за борба во урбана средина.

CQB е борба на блиско растојание во мал затворен простор и со релативно слаба видливост. Според „American Shooting Academy", концептот на ваква борба претставува самоодбранбена ситуација на блиско растојание во која може да дојде до физички контакт помеѓу учесниците.[16]

Овој начин на борено дејствување, пред сé се однесува на употреба на огнено оружје во специфични услови и ситуации какви што се заложничките ситуации, апсење на забарикадирани криминалци, чистење на простории и слично.

При изведувањето блиска борба се применуваат и повеќе борбени техники специфични за специјалните единици и нивниот начин на дејствување. Освен техниката на брзо гаѓање на цел во движење, се применува и т.н. „техника на сечење пита" (slicing the pie) - посебен начин на движење низ непријателски оган во затворена просторија, односно движење по агли, посебни упадни техники и обивање на простории и слично, во зависност од ситуацијата.

Во Соединетите Американски Држави овој концепт е составен и задолжителен дел од обуката и на одредени државни служби, како ATF, SWAT, FBI-HRT...) и на обуката на воените и на полициските специјални единици.

Значи, припадниците на специјалните единици се обучуваат за антитерористичка борба во урбани и други средини, за противдиверзантски дејства, за изведување воздушни десанти, за подводни диверзии, за отстранување минско-експлозивни пречки и друг вид специјалистичка обука.

По завршувањето на обуката, припадниците на специјалните единици се здобиваат со кваликативот на најелитните борци на армијата и полицијата на државата.

Тие се целосно подготвени за сите облици на борбено и друг вид дејство. Специјалците се квалификувани за: врски, деминирање, ракување со лесно орудие, медицинска помош, разузнавање и др. Исто така, припадниците на специјалните единици се предводници, во светски рамки, на воздушно-десантните оспособености, со најголем број специјалисти за изведување ХАЛО и ХАХО скокови. ХАЛО (High Altitude/High Opening) скокови се посебна техника на искокнување од воздух и по принцип на слободно паѓање од

[16] Бојовиќ, И. (2002). С противником очи у очи. Калибар бр. 67.

неколку секунди отворање на падобранот и тоа најчесто во ноќни услови. ХАХО (High Altitude/Low Opening) техника на слободно паѓање од неколку минути и отворање на падобраност на екстремно мали височини. Преку ваква техника се постигнува огромна брзина на движење и голема длабочина на продирање во непријателската територија (до 30 милји). За да се совладаат овие техники потребно е долготрајно вежбање, психичка подготвеност и совладување на вештината. Специјалците се неприкосновени и во изведувањето СКУБА (Self-Contained Underwater Breathing Apparatus) и СТАБО (Stablished Tactical Airborne Body Operations) методи на отстранување и ликвидирање под вода и од хеликоптер во лет и СЕРЕ (Survival,Evasion, Resistence, Escape) техники, за опстанок, освојување, преживување и извлекување).[17]

По завршувањето на обуката припадникот на специјалните единици е подобар борец и во психичка и во физичка смисла.

Она на кое најмогу се обрнува внимание при формирањето на поединецот-специјалец е оспособеноста за блиска борба со противникот на најразлични начини, со цел целосна елиминација на противникот.

Војникот специјалец и кога е ранет и кога е на умирање не смее да се откаже од својата цел.(задача). Ричард Бенет во својата книга „Елитни единици", за обуката на војникот специјалец вели „дека по обуката специјалецот е подготвен во секој момент да го активира и дезактивира анималниот инстинкт за убивање во себе"........[18]

А тоа се должи на посебно изградениот ментален склоп на војникот специјалец.

Во однос на борбените вештини кои се совладуваат, интересно е да се спомене дека се присутни и класични и современи, но и нестандардни дури и бизарни вештини за физичка ликвидација на противникот. Доста се обрнува внимани на совладувањето на источните вештини кои имаат за цел да се оствари хармонија и совршенство и на духовната и на физичката компонента на поединецот.

[17] Bennett, Richard. M. (2003). Elite Forces. London: 57.
[18] Ibid, 58.

На пример, интересно е да спомене дека во рамките на обуката на „Зелените беретки“ се совладува специфична техника за изведување блиска борба, таканаречена Филипино Мортиал Артс, или т.н. „кали“, „амис“ или „ескрима“ вештина, во која се применуваат нестандардни и ексклузивни орудија и вештини.

Од орудијата, за оваа борбена вештина, се застапени најразлични источни дрвени палки и стапови, како и специфични сабји и орудија со сечила. Тоа е целосен метод на изведување борба со комбинирано користење на боречки вештини, борба со голи раце и употреба на споменатите орудија. Овој начин на изведување борба е практичен, бидејќи во услови каде поединецот е оставен без оружје, секогаш во природата постои шанса да најде некој стап или некое импровизирано оружје кое ќе знае да го употреби на посебен начин. Дури и празна пушка со примена на овој метод станува убиствено оружје.

Една од најважните техники на специјалците е да се оспособат за борба со голи раце ( „Брус Ли“ и „Дан Инисианто“ стил на борење).

Филипино боречки  и ‘рвечки вештини, употреба на секој дел од телото, раце, нозе, колено, глава и врат за изведување офанзивни и контраофанзивни дејства .

Се совладува и најразличната употреба на ножот како едно од најстарите оружја за тивка ликвидација., но и обука за успешна одбрана од лице вооружено со нож.

И уште многу начини на водење блиска борба се усовршуваат до автоматизам.

Обуката на антитерористичките и контратерористичките специјални единици е уште пообемна и пософистицирана. За потребите на овој вид единици се изградуваат и посебни објекти и макети со цел при изведувањето, односно извежбувањето да се создадат услови најблиски со реалните. За усовршување на техниките на вкрстен оган и движење во затворен простор се градат посебни т.н. „куќи за убивање“. За совладување и решавање на заложнички кризи и терористички дејства во воздухоплови се вежба на вистински авиони. Се градат тунели, лавиринти и се симулираат најразновидни ситуации преку кои  се усовршува обуката на антитерористичките единици.

За обуката на припадниците на специјалните единици е специфично што таа често се изведува и оценува во реални услови, во кои неретко може да се случат и немили настани , но сето тоа е дел од цехот наречен елитен воин.

Во однос на другиот вид образование треба да се нагласи дека со креирањето на елитен воин не се мисли да се создаде единствено машина за борба и убивање, туку преку посебниот дел од обуката во која се изучуваат и јазиците и културните вредности  и обичаи ширум светот се тежнее да се создаде единка која е супериорна и во физичка и во духовна смисла.

За ментално-филозофскиот дел на обуката на специјалците е карактеристично што таа отстапува од стандардната шема за војник кој чека да добие наредба и да ја изврши дадената задача.. Елитните воини се учат како да се потпираат и да ја употребуваат својата интуиција, моќ за импровизација и индивидуална креативност, но и способност за брзо прилагодување и вклучување во тимска и колективна работа.

Обуката на специјалните единици е скапа инвестиција и не е секоја држава во можност да гради посебни центри, полигони и да го следи трендот на вооружувањето и поддршката за ваков вид единици. Затоа треба да нагласиме дека во таа насока е доста развиена инструкторската помош од пријателските и водечките земји, што само потврдува дека сепак обуката на специјалните единици е со светски стандарди. Најбараните инструктори , во моментот, се припадниците на „Зелените беретки“ кои следат посебни курсеви за инструкторска дејност. Исто така  и инструкторите од Велика Британија од САС единиците не заостануваат во оваа смисла. И во Република Македонија на овој план е направено доста. Прифатени се инструкторите од водечките НАТО сили, се очекуваат автентични тренери за источни боречки вештини од НР Кина, се вежбаат алпинистички и други вештини со грчите специјалци и инструктори од Швајцарија. Се разменуваат искуства во заеднички вежби со албанските и специјалните единици на другите соседни држави, што значи дека нашите специјални единици се влезени во кругот на елитните според обуката, но и со резултатите кои го покажуваат на теренот (Ирак, Авганистан) и пофалбите и одликувањата со кои се здобиваат.

# *II ДЕЛ*

## 2. Специјалните единици на САД

### 2.1. Структура на силите за специјални операции на Соединетите Американски Држави

Анализирајќи го развојот на доктринарните и стратегиски определби на САД во повоениот период се издвојуваат неколку проминентни определби присутни во речиси сите официјално прокламирани доктрини и стратегии на САД. Од Стратегијата за масовна нуклеарна одбрана до Стратегијата за хоризонтално ширење и најновата стратегија на превентивен удар, евидентна е определбата дека САД ги брани и застапува своите национални интереси и надвор од територијата на својата држава. Во контекст на ова интересно е да се забележи дека интересите на САД се честопати содржани и во внатрешната политика на друга држава, граѓанските војни и политичките превратинепосредна опасност за внатрешната безбедност и меѓународниот мир американските стручњаци ја гледаат и во сите локални и ограничени војни, како и во тероризмот и организираниот криминал. Начинот како сето тоа се спроведува најексплицитно е содржан во Доктрината на судирите со низок интензитет, и во Борбеното правило на КоВ на САД ФМ-41-10, а во врска со борбата со тероризмот како најзагрозувачки фактор на светскиот мир, Соединетите Американски Држави креираа најнова и сеопфатна стратегија за уништување на тероризмот, таканаречената 3Д Стратегија. И оваа стратегија е конципирана за одбрана на виталните вредности на Американците и дома и во странство. Новата американска стратегија застапува доста агресивен пристап, особено кон заканите од асиметричен вид. Според степенот на приоритет при справување со безбедносните закани, оваа стратегија акцентот

го става врз безбедносните закани кои доаѓаат од земјите отпаднички. Како помала опасност се претставени регионалните закани и државите со освојувачки претензии. Според Стратегијата, во иднина се помалку ќе бидат присутни заканите ид армиите и флотите на класичните армии, а загрозеноста на националната безбедност, како и на светскиот мир, пред сѐ ќе биде од тероризмот во сите негови појавни облици и од можноста оружјето за масовно уништување да се злоупотреби од овие организации, групи и поединци.[19]

За поразување на терористичките организации и спречување на нивното дејствување предвидени се сите инструменти на моќ. За остварување на таквата стратегија, доколку се издвојат настрана дипломатските и политички средства на одвраќање, поразување и уништување на тероризмот, очигледна е потребата за организирање на посебно обучени и организирани единици, кои честопати и надвор од официјалната политика на САД се во состојба секавично и ефикасно да интервенираат во кое било време и кое било место каде што, според процената на стручњацита, е потребна таква интервенција за која званичните сили не се обучени и овластени. Специјалните сили на САД се тие кои се ангажираат за извршување на специјални операции. Овие сили имаат широк спектар на дејства, меѓу кои се: борбени дејства со директно ангажирање во судирот, извидувачко-разузнавачки дејства, психолошко-пропагадни дејства, обука на други герилски сили, смирување или поттикнување нестабилност, одбрана на пријателски режими или промена на недемократскиот режим и слично. Исто така, тука спаѓаат и противтерористичките акции и борбата со герилците, но и учеството во хуманитарните акции.

Темелите на современите американски специјални единици се поставени во текот на Втората светска војна, со формирањето на 1. ренџерски баталјон во Северна Ирска. Оттогаш па до денешни дни американските специјални единици се незаменлив дел од Армијата на САД. Шеесеттите години се години на детекцијата на значењето на специјалните единици и во тој период специјалните сили се здобиваат со статус на трета компонента на вооружените сили.

---

[19] Котовчевски, М. (2004). Борба против тероризмот. Скопје: Македонска цивилизација.

Во времето на администацијата на Роналд Реган е извршена централизација на стратегиското раководење со специјалните единици на ниво на врховниот команданнт. На врвот на системот се наоѓа претседателот на САД, кој ги пренесува надлежностите до државниот секретар за одбрана, Здружениот генералштаб, Командата за специјални операции на САД и Командата за специјални операции на видовите на вооружените сили и војувалиштата. Оваа централизација на командувањето и раководењето со специјалните сили на САД е процес кој се одвиваше етапно во повеќегодишен временски период, односно во повеќе фази од осумдесеттите години навака.

Во 1981 год. во Генералштабот првин се формира Управа за специјални операции тнр. SOD (Special Forces Division).

Истата година во октомври, во рамките на Копнената војска е формирана Командата за специјални операции SOCOM-Special Operations Comand, во чија надлежност влегуваат: организацијата, обуката, опремувањето и поддршката на специјалните единици.

Здружената команда за специјални операции JSOC-Joint Special Operations, највисокото раководно тело за специјалните единици на САД е формирана 1983 како советодавен орган на началникот на Здружениот генералштаб, кој има задача да ги координира работите помеѓу видовите на вооружените сили на САД и специјалните операции, да води сметка за употребата на специјалните единици и обуката на припадниците на специјалните единици.

Во составот на Здружената команда е формиран и посебен оперативен тим составен од специјалисти од „Делта“ одредот и „Сеал“ групите, а по потреба се формираат и посебни привремени штабови таканаречени „Здружени сили за интервенција“ од припадници на „Делта“ одредот, „Сеал“ тимовите и „Ренџерите“.

На 16 април 1987 год. се формира Команда за специјални операции на САД-USSOCOM United States Special Operations Command со седиште во воената база Мек Дил, на Флорида.Оваа команда се грижи за борбената готовност, употребата и раководењето со специјалните единици. На оваа команда ѝ се потчинети командите на специјалните сили од сите три вида на вооружените сили. Сите SOF (специјални сили) на Армијата, Морнарицата и

Воздухопловството формирани во САД се под комада на здружена команда. (USCINCSOC).

Во секоја од петте регионални команди постои штаб за специјални операции SOC, во кој се применува територијален принцип според кој за штабовите се врзувани и штабовите на одредените војувалишта: EUROCOM, PACOM, CENTCOM и SOUTHCOM.

Во посебните видови на вооружените сили на САД, односно и во Копнената војска и во Воената морнарица и во Военото воздухопловство се формирани посебни команди за специјалните операции.

Во надлежностите на Командата за специјални операции на Копнената војска спаѓаат активните и резервните трупи „Ренџери", (75.Rangers Regiment) „Зелените беретки" (Special Operatons Groups-Green Berets), „Делта"одредот, специјалните авијациски единици за дејствување ноќе („Night Stalkers"), специјални единици за поддршка, со една команда и сигнален баталјон, (112., 528.), единиците за психолошки операции (PSYOP), за цивилни работи, воздухопловните сили на Копнената војска, Центарот за специјални воени дејства, Центарот за истражување, развој на оружјето,средствата и опремата за специјални дејства, како и соодветните придружни инструкторски и штабни единици.

Командата за специјални воени дејства на Воената морнарица (NAWSPECWARCOM) сместена во Коронадо (Калифорнија). Под нејзини инструкции дејствуваат две поморски специјални борбни, пет специјални поморски единици, една група за развивање, шест борбени СЕАЛ тимови, два СЕАЛ тима со подвосни возила, два специјални сквадрони и три специјални сквадрони од десантни чамци.

Командата за специјални операции на Военото воздухопловство е формирана најдоцна, во 1990, и е лоцирана во Харлбур Филд на Флорида и под нејзина команда се ставени сите воздухопловни единици за специјални операции, со цел да се овозможи поддршка на здружените команди на сите специјални операции.

Иако припадницие на Маринскиот корпус не се официјално дел од USSOCOM, тие често дејствуваат здружено со другите единици и под ингеренции на Министерството за одбрана.

Главната обединета команда,односно т.н. Здружена команда за специјални операции JSOC, која се наоѓа во Форт Браг, Северна Каролина е формирана за да ги проучува сите потреби и техники, интероперабилноста, стандарзицијата на оружјето и опремата, планирањето и изведувањето на специјални операции, како и развивањето и усовршувањето на тактиката на специјалното војување..[20]

Настанита од 11 септември означија пресврт во начинот на остварувањето на американската стратегија за зашита и одбрана на националните интереси. Владата јавно објави „војна против тероризмот", со што се втемелија определбите на администрацијата на Буш дека во таа војна на глобално ниво специјалните единици ќе ја играат главната улога.

Најзначајна иновација во тој поглед се случи за време на изведувањето на операциите во Авганистан во текот на 2001-2002 год., кога беше назначена Командата за специјални операции USSOCOM за првенствено надлежна за операциите, а не CETCOM како команда која стратегиски беше одговорна за ова подрачје. Значи, за прв пат се иновираше функционалната одговорност која ја замени дотогашната географска одговорност за изведување операции од страна на САД. Со ова претседателот на САД и секретарот за одбрана покажаа огромна радикалност и успешна проба на изведените трансформации во Министерството за одбрана. Значи Ирак ќе биде целта каде ќе се испробаат сите можности на новата стратегија и принципи на војување, а USSOCOM, со високо ниво на самостојност, ќе се здобие со водечка улога во 21 век.[21]

На крај ќе констатираме дека доколку силите за специјални операции во составот на армијата на САД се разгледуваат збирно се доаѓа до бројката од 48 000 луѓе во активниот и резервниот состав што е факт кој доволно покажува колкаво е значењето и кое место го има оваа компонента на вооружените сили на Соединетите Американски Држави, чија примарна цел на постоење е да одговорат најефикасно на сите видови современи закани по мирот во светот.

---

[20] (January 1998). Special Operations Forces Reference manual. ch. 2, pg 6.

[21] Bennett, R.M. (2003). Elite forces. London: 343.

### 2.2. „Ренџери“

Според многубројните воени аналитичари, „Ренџерите“ спаѓаат во редот на елитата како најдобро обучени пешадиски баталјони, единици кои се во можност со своите раце да ги направат сите работи подобро од другите. Значи, „Ренџерите“ се воени единици на американската копнена војска кои се оспособени за брзи и самостојни дејства во сите климатски и географски простори. Во структурата на американската војска „Ренџерите“ секогаш се поставуваат на челото. Тие се нарекуваат уште и „шок трупи“ за брзи удари во задднината на непријателот, но и за препадни фронтални дејства.Тие се врвот на американското бојно копје, односно најдобрите извидувачи и борци за препадни дејства, упади, заседи и слично.

Ренџерите се најстарите единици на специјалните сили, тие се претходница на сите современи специјални единици. Првата ренџерска единица е формирана од страна на Британците уште во 18 век, во војната за освојување на Америка. Припадниците на оваа единица, најчесто авантуристи и локални ловџии, под команда на легендарниот командант Роберт Роџерс, водејќи борба на неконвенционален начин, познавајќи ја вештината на војувањето на Индијанците и знаејќи го теренот, се здобиваат со многубројни победи и со голема слава. Вакви единици повторно формира Џорџ Вашингтон, но овој пат за борба против Британците. Подоцна Ренџерите стануваат посебни единици во американската коњица, кои во периодот на освојувањето на Дивиот Запад се бореле против Индијанците и за контрола на границата со Мексико. И во текот на Втората светска војна Ренџерите се истакнаа со посебно добро изведени акции. По војната со Кореа, каде што се бореа 16 ренџерски единици, истите беа расформирани, а нивните задачи ги преземаат новоформираните специјални единици.

Со разгорувањето на војната со Виетнам, ренџерските единици повторно се активираат. По дебаклот со Виетнам, во седумдесеттите години драстично е намален бројот на сите специјални единици, а и на буџетот за нивно финансирање.

Со доаѓањето на Роналд Реган за претседател на САД овие единици повторно добиваат на значење, се засилуваат и реорганизираат во согласност со новите доктринарни определби на САД.

### *Структура и организација*

На 8 февруари 1974 се случи првата званична инагурација на Првиот ренџерски баталјон во Форт Стјуарт во Џорџија. Подоцна се формираат и вториот и третиот ренџерски баталјон, кои заедно го сочинуваат 75 полк на Ренџери, што е и најголема ренџерска формација на војската на САД. Во денешен состав на 75. полк влегуваат и командната чета и извидувачкиот вод. Вкупна јачина на полкот е 2.400 војници и штаб кој се наоѓа во Форт Бенинг. 75. ренџерски полк е составен од три баталјони, кои географски се различно лоцирани. Првиот ренџерски баталјон е лоциран во Хантер Арми Еарфилд во Џорџија. Вториот баталјон на 75. ренџерски полк лоцира во Форт Луис, Вашингтон и третиот баталјон на ренџерскиот баталјон лоцира во Форт Бенинг во Џорџија.

Секој баталјон е со јачина од 580 луѓе. Баталјонот е составен од три чети, командна чета и чета за поддршка. Секоја чета од Ренџерите е составена од три стрелечки вода, а во секој вод има по 45 војници, офицери и подофицери.Стрелечкиот вод го сочинуваат три стрелечки сквадрони од по три тима. Тимовите се состојат од по шест припадника. Командантот на полкот е полковник, а неговиот штаб е составен од пет секции: персонална, разузнавачка, оперативно-вежбовна, логистичка и секција за цивилни работи. Во штабот има офицер за врски, офицер за огнена поддршка и офицер за правни работи и офицер за тактичка воздушна контрола и наведување.

75. ренџерски полк е во постојана висока борбена готовност. Секој баталјон е во можност за време од 18 часа да биде распореден на било која точка на Земјината топка. Ренџерските баталјони најчесто ги покриваат следниве дејности:-инфилтрирање и извлекување од копно, море и од воздух;-преземање директни акции и специјални дејства;-пронаоѓање луѓе и специјална опрема;предводење конвенционални или специјални операции од досегот на лесната пешадија, како и уште некои други специфични перформанси.

Во повеќе акции изведени од страна на антитерористичкиот одред Делта, Ренџерите беа борбената поддршка на антитерористичката акција.

Ренџерските баталјони имаат и извесни ограничувања во однос на другите специјални единици, а тоа пред се́, се однесува на противоклопните можности.Единствениот противвоздушен систем кој им е на располагање е

Стингер системот. Ренџерите, исто така, немаат здружена поддршка- Combat Support.[22]

### *Обука*

Обуката на „Ренџерите“ е една од најсеопфатните и најисцрпувачки во Армијата на САД. Таа се одвива во два циклуса од по шест месеци, значи во траење од една година..

Колку се ригорозни курсевите покажува и случајот со четворицата кандидат кои при извршувањето на задачите при крајот на курсот за преживување во логорот за обука на Флорида починале од студ, глад, изнемоштеност и неспиење. На прашањето до организаторите зошто се потребни толку тешки искушение и проба-одговорот бил: „За војниците да се подготват за она што може да им се случи во војна“.[23] Со ова се стекнува увид какви воини стануваат сите кои ќе ја поминат обуката за Ренџери

Кандидатите за Ренџери треба да се доброволци од 19 до 21 година. Предност имаат припадниците на Военото воздухопловство и на Копнената војска, а во 75 полк се примаат исклучиво припадници на воздушно-десантните единици. Сите кандидати треба да поминат низ селективен курс кој се состои од психофизички тестирања и десет скокања со падобран. Првичниот програм за кандидатите пријавени за Ренџери уште се нарекува РИП програма, односно програма на ренџерска индоктринација. Само оние што ќе ги минат првичните тестирања се упатуваат во баталјоните на совладување на првата фаза од обуката, која се изведува во Форт Бенинг, но и на други полигони во земјата и во странство.

Откако кандидатот ќе ја совлада исцрувачката обука, која се состои во совладување на повеќе боречки вештини, употреба на ладно и огнено оружје и совладување на повеќекилометарски маршеви во полна воена опрема, ориентација во просторот, уфрлање во задницата на непријателот, инженериска обука и употреба на минско-експлозивни средстсва, се здобива со звање ренџер и со право да си го стави на униформата ренџерскиот амблем.

---

[22] (January 1998). Special Operations Forces Refernce Manual, chapter III
[23] Џамиќ, Д. (1999). Ратници из сенке. Београд: Таргет, 20.

Севкупната обука и тренинзите се прилагодени на реални борбени услови, со употреба на вистинска боева муниција.

Вториот дел од обуката е строго специјалистички и опфаќа обучување за дејствување во различни климатски услови и терени. Се извежбува борба во планина, борба во населено место, борба во џунгла, во пустински услови и слично. Полигоните за обука се простираат од Панама до Аљаска и Саудиска Арабија. Ренџерите се предвидени за борба на секаков вид терен и во какви било временски услови. Тие се инфилтрираат и десантираат по копно, море и од воздух. Ренџерите во својата обука се извежбани за искокнување со падобран со ХАЛО и ХАХО техника, техника на искокнување со падобран на екстремно мали височини.

Спред своите карактеристики Ренџерите спаѓаат во лесната пешадија, односно тие се специјални единици за напад на непријателските командни и комуникациски позиции и центри. Со себе секогаш носат храна, вода и муниција за најмалку седум дена. Тие борбено се имаат прекалено во повеќе специјални операции, од кои би ги спомenale „Гранада", „Панама" „Пустинска луња" и во Авганистан и во Ирак.

Од специјалното ренџерско училиште на КоВ „Ренџер Дипартманент", кое го завршуваат избрани офицери и подофицери на Ков на САД, се излезени Ренџери кои подоцна имаат направено висока воена кариера како подоцнежни воени команданти и генерали на специјалните единици.

Ренџерите често се користат за поддршка на дејствата на антитерористичкиот одред Делта, особено кога е неопходно уривање, расчистување на згради и слично.

Флексибилноста на Ренџерите се огледа и во можноста да дејствуваат под разновидни командни структури. Можат да се стават по команда на воен корпус како дел од JSOTF, како специјални армиски сили за посебни задачи ARSOTF или како армиска компонента во JTF здружени сили за дејсво. Историски гледано, најважна задача на овие сили да ги преземаат првичните акции како дел од JSOPF, потоа да преминат во оперативната контрола OPCON на JTF за да им овозможат на иститат да ги преземат и изведат специјалните операции.

Ренџерските единици немаат органска борбена поддршка (CS) ниту пак борбн сервис за поддршка (CSS), и се опремени само за пет дена на прежививање без поддршка.[24]

Исто така немаат сопствени средства за транспорт. Како резултат на ова Ренџерите имаат потреба од логистичка поддршка од останатите сервиси и агенции. Тие се лесна пешадија и имаат само неколку возила и борбени ситеми со посада.

Она што ги издвојува, во однос на вооружувањето, од другите специјалци е ненадминатоста во ракувањето со ладно оружје.

## 2.3. „Зелени беретки"

„Зелените беретки" се најпопуларните и најпознати специјални единици на војската на САД. Со светска слава се здобиваат со војната во Виетнам, но не е мала заслугата и на американската филмска индустрија со филмовите од типот на „Рамбо". Званичниот назив им е „Special forses-Green Beret's". Со паѓањето на „железната завеса" и започнувањето на студената војна се јавува потребата од посебно обучени единици за дејствување на самата линија на разделбата со Источниот блок. Првично овие единици биле подготвувани за посебен вид конвенционално војување, но подоцна нивната намена е преиначена во единици за посебна намена и неконвенционален начин на војување. Претходницата на денешните „Зелени беретки" е формирана во јуни 1952 г , под името специјална армиска 10. воздушно-десантна група SFGA (Special Group Airborn), која броела 2. 500 луѓе. Припадниците на оваа единица се регрутирани од припадниците на бившата разузнавачка служба, од редовите на падобранците на 82. и 101. дивизија, како и од искусни ветерани на Втората светска војна. Со доаѓањето на власт на младиот претседател Кенеди во шеесетттите години на минатиот век овие единици доживуваат ненадминат развој и слава.

„Зелените беретки" се „галеничињата" на Кенеди. Нивната тесна соработка со ЦИА е најочигледна во тој период, но и до ден денес оваа поврзаност со Агенцијата не е оспорувана[25], иако званично тие се под

[24] (January 1998). Special Operations forces, Reference Manual, , ch 2 pg 8

[25] Бабановски, И. (1989). ЦИА (Covert i Action). Скопје: Млад борец.

директна команда единствено на Министерството за одбрана. Со разгорувањето на Виетнамската војна, откако американските воени експерти сфатија дека станува збор за герилски тип на војување, овие единици мораа да го сменат начинот на војување. Со текот на војната бројката на овие специјални единици достигнува цифра од 25.000 припадници распоредени во мали А, Б и Ц тимови. Виетнамската војна во аналите на воената историја ќе остане запаметена по многу свои специфичности и нелогичности. За да му одговори на герилскиот тип на војување на Виетнам, САД му се спротивставува со ист начин на водење војна како најефикасен и најисплатлив. Токму специјалните единици за првпат во историјата требаше да го обезбедат исходот на војната, зашто на крај САД сепак сфатија дека бројноста и техничката супериорност не можат да ја изнесат војната до крај. За подземното тунелско и лавиринтско војување на народот на Виетнам САД подготвија одговор во обука на воини, таканаречени „тунелски стаорци", кои со минимум опрема и максимум вештина се вовлекуваа во тајните тунели на виетнамската герила и се справуваа со нив на посебен начин.[26] Овие „тунелски стаорци", најчесто беа од редовите на „Зелените беретки", но најчесто со јужноамериканско потекло заради потреба од ситна градба на војникот за влез и маневрирање по тунелот.

Со текот на времето бројката е менувана, па во текот на осумдесеттите години бројната состојба на припадниците на Зелените беретки се движи некаде околу 10.000 луѓе. Денешната бројна состојба е околу 15.000 припадници на „Зелените беретки" и 13.000 во резерва и во Националната гарда.

### *Структура и организација*

Организациско-формациски гледано, овие единици имаат флексибилна и некласична шема на воена организација. Групата, во јачина на полк е највисок облик на организациско подредување. Групите се одредуваат според војувалиштето или според определена тактичка задача (регион, област, подрачје). За првиот вид задачи дејствуваат како целина, а за вториот со дел од своите сили.

---

[26] Џамиќ, Д.(1999). Ратници из сенке. Београд: Таргет, 1999, 27.

Секоја група од „Зелените беретки“ има своја сопствена автономност во планирањето и изведувањето на задачите. Групата се состои од команда, командна чета, три баталјона, чета за контраразузнавање, чета за електронски дејства, чета за врски и чета за логистика, со вкупна бројна состојба од 1530 луѓе.

Баталјонот има три чети, од кои секоја формира шест „А“ тимови од по 12 луѓе, кои дејствуваат самостојно. Командата на баталјонот го развива „Ц“ тимот, командата на четата „Б“ тимот. Бројната состојба на баталјонот е 313 луѓе. Групата развива 56 „А“ тимови.

Тимот „А“ е основна оперативно-борбена единица за неконвенционални дејства, стратегиско извидување, ударни операции и внатрешна одбрана на пријателски земји. Во тимот влегуваат 12 луѓе, од кои два офицера и 10 подофицери со одредена специјалност. Тимовите се уфрлаат во непријателската длабочина и до 3000 километри од линијата на фронтот и се оспособени со месеци да опстојуваат на непријателски терен. Ова подразбира дека се одлично подготвени во секој поглед за вакво дејствување - од познавање на јазикот и обичаите на локалното население до ракување со најсофистицирани средстства за врски и модерно оружје.

Според најнови сознанија, во моментов „Зелените беретки“ се организирани во девет групи специјални сили - пет во активен и четири во резервниот состав. Секоја група покрива одреден регион од светот, односно целата Земјина површина е покриена со групи „Зелени беретки“. Првата група го покрива Пацификот и Североисточна Азија, Третата група ја опфаќа Подсахарска Африка, Петтата група е за Југоисточна Азија и Индискиот Океан, Седмата група ја покрива Латинска и Јужна Америка, Десетатта група е за Европа и Северна Африка, а во резерва се 11, 12, 19 и 20. група на “Зелените беретки”. Активните групи се распоредени во Форт Браг, во Форт Карсон и во Бад Толц, Германија. Третиот баталјон на Седмата група има постојано место на стационирање во Панама, а првиот баталјон на Третата група е постојано во Бад Толц во Германија.Првиот баталјон на Првата група е на Окинава, и извесни делови се наоѓаат во Јужна Кореа.[27]

[27] Михајловиќ, М., Арсиќ, С. (2003). Специјалне снаге света Београд: НИЦ „Војска“, 30.

***Обука***

Во врска со обуката на „Зелените беретки" треба да се нагласи дека обуката на овие единици е една од најскапите и најпрестижни обуки во целиот свет. Во единиците на „Зелените баретки" се примаат доброволци од другите делови на копнената војска со помината стандардна обука. Најчесто се примаат подофицери со чин водник, но постои можност и да се примат цивили, доколку се високообразувани специјалисти и стручњаци од посебен профил. За прием во овие единици задолжително е познавање на странски јазик.

Обуката на „Зелените беретки" се состои од неколку фази:-основна или квалификациона, специјалистичка и завршна.

Обуката е во траење од 12 месеци. По содржината е слична со обуката во останатите специјални единици. Се изведува во различни климатски и временски услови и е поделена во неколку фази, од индивидуална до групна обука. Поголемиот дел од обуката на „Зелените беретки" се изведува во Центарот за специјално војување „Џон Кенеди" во Форт Браг.

Основната обука трае два месеца и опфаќа: трчање на поголеми растојанија, марширање во полна воена опрема, вооружување и голем број гаѓања од сите видови оружје од домашно и странско производство, ракување со ладно оружје, незабележливо уфрлање и извлекување од територијата, топографија и ориентација, патролирање, диверзантски дејства и употреба на минско-експлозивни средства, поставување заседи, примена на брутални методи на испрашување на заробениците и слично. Во врска со обуката за елиминарање на противникот, интересно е да се забележи дека се совладуваат 124 начина на убивање на противникот, од кои 32 начини се убивање со голи раце. Во тој период се совладуваат и други вештини како падобранството, алпинизмот и нуркањето и за сето време на оваа обука се спроведуваат и најразлични тестирања и проверки со цел физичката подготвеност и кондицијата да се доведат на совршено ниво.

Втората фаза на обуката, за оние кои успешно ја поминале првата фаза на обучувањето се состои во обука за посебни специјалност и трае четири месеци.

Во овој период најчесто се совладува обука за оперативно-разузнавачки дејност, обработка на податоци, планирање акции, изучување на сите видови

вооружување, мини, рачни бомби, производство на примитивни видови оружје, изведување напади слично од доменот на задачите на вооружувањето. Исто така, се совладуваат специфични инженериски способност, совладување на врските и санитетските вештини.

Третата, завршната фаза на обуката е заедничка и трае четири месеци. Се изведува на полигони во планина, во џунгла, во шума, во пустини и на Арктикот, а завршува со завршен марш од 150 километри. Во склоп на третата фаза од обуката е и изведувањето на заедничка вежба во траење од две недели во облик на воздушен десант и обука на локалното население. Оваа вежба е подготовка за дејствијата во земјите кадешто припадниците на „Зелените беретки" најчесто се испраќаат како инструктори за обука на пријателските земји. Вежбата се изведува против припадниците на некој си замислен диктаторски режим, кој со сите сили и средства се труди да ја попречи и оневозможи акцијата на „Зелените беретки". Дури и во оваа завршна фаза од обуката се случува некој кандидат да не одговори според очекувањата и да биде елиминиран од редовите на потенцијален член за прием во "Зелените беретки". По правило, секој припадник на „Зелените беретки" е обучен за една основна и една дополнителна специјалност. Освен со обука за директно специјално војување „Зелените беретки" се обучуваат и за инструктори и советници и за обука на странските армии и специјалните единици на пријателски земји. Сето ова ни покажува дека обуката е доста обемна и разновидна. Кандидатите се стекнуваат со врвна психофизичка оспособеност за преживување во најтешки услови, со огнена обука, медицинска оспособеност, со познавање на странски јазици и друго. На крајот на обуката, оние кои со успех ќе ги поминат сите фази, ќе ги положат сите испити и ќе добијат позитивна вкупна оценка, се примаат во активната група на специјалните сили на КоВ. Припадниците на „Зелените беретки" во мировни операции во други земји секогаш се испраќаат во „подвижни тимови за обука" MTT (Mobil Trening Team), кои, всушност, се инструкторски тимови за обука на единиците на странските армии. За реализација на ваквите акции, за да се избегнат легалните контроли, воведен е член 2011 во Посебниот закон за воена соработка со други држави, во кој му се овозможува на Пентагон да ги испраќа единиците за специјална намена во странство со цел извежбување „за посебни намени". Со тоа се избегнуваат речиси сите законски контроли и на

специјалните сили им е дадена посебна автономија и можност да преземаат тајни акции за кои не поднесуваат извештај. Во текот на 1987 година министерот за одбрана на САД Вилием Коен и сенаторот Сем Нан успеаја овие елитни единици (кои според нив беа занемарени), да ги подведат под заедничка команда , која се здобива со право да ги праќа во странство во рамките на таканаречената програма за „Заедничка комбинирана размена и обука (JCET), која се финансира од Пентагон, но е надвор од контролата на Конгресот.

Вооружувањето на „Зелените беретки е стандардно, како и за останатите припадници на американската копнена војска.

## 2.4. Противтерористичи одред „Делта“

За противтерористичкиот одред „Делта“ првпат се слушна, односно припадниците на овој одред излегоа пред очите на јавноста при акцијата за ослободување на заложниците во американската амбасада во Техеран. Иако целата акција доживеа фијаско, а причините за неуспехот се анализираат до ден денес, припадниците на противтерористичкиот одред „Делта“се здобија со епитетот за единствени и ненадминати во подготвеноста за справувањето со најголемото зло на денешнината-меѓународниот тероризам. Според повеќето аналитичари, неуспехот на операцијата „Орлова канџа“ за спасување на заложниците во американската амбасада во Техеран, иако испланирана и организирана до најситните детали повеќе се должи на неуиграноста на учесниците отколку на неспособноста на истите. Тоа што се планира е едно, а она што заради сплет на несреќни околност може да се случи е друга приказна.

Идејниот творец и креатор на антитерористичкиот одред „Делта“ Чарли Беквит до ден денес е на мислење дека овој дебакл во Техеран немаше да се случи, доколку не се јавеа недоследности и пропусти кај соучесниците во акцијата. Според него, оваа акција за неговите „Анѓели“ од одредот „Делта“ ќе беше само мала игра.[28]

Како и да е, сведоци сме на сé поголем број терористички акции и на потребата од соодветен кадар за справување со нив.

[28] Џамиќ, Д. (1999). Ратници из сенке. Београд: Тргет, 30.

Плановите за формирањето одред од ваков вид во Пентагон се чувани во најстрога конспирација. Постојат само нагаѓања дека првично биле замислени Сигма и Омега проекти и дека Делта е трет проект од таков вид, за на крајот полковикот Чарли Беквит, искусен виетнамски воен ветеран, во 1977 година да ги прикаже првите плодови од своето повеќегодишно искуство и обука со припадниците на британските САС единици.

Согледувајќи го начинот на кој дејствуваат припадниците на британските антитерористички единици, Чарли Беквит, иако припадник на дотогаш неприкосновените „Зелени беретки" сфаќа дека за дејствувањата против терористите треба нешто повеќе од врвно обучен командос. Тој во британските САС единици ја согледува важноста на самоиницијативноста, креативноста и трпението. Припадниците на „Делта" одредот се нешто повеќе од другите. Тие се, пред сé, натпросечно интелигентни, индивидуалисти, но и тимски ефикасни, мирни , трпеливи, доследни, но и крајно агресивни , доколку затреба.Тие се повозрасни од припадниците на другите специјални единици, мора да се фамилијарни и емотивно стабилни. Се бираат од редовите на „Ренџерите", „Зелените беретки" и од другите специјални единици.

***Организација и формација***

Овој одред денеска брои околу 400 луѓе и е стациониран во Форт Браг. Званично е формиран во 1977, како тајна противтерористичка командоска единица ДЕЛТА (Ist Special Operation Detachment-Delta) Припадниците на овој одред се избрани од најдобрите од специјалните сили на армијата, а во денешниот состав се присутни и жени. Основни филозофски принципи на овој одред се: изненадување, брзина и успех. Обуката е врвна и професионална.

Првенствена цел на овој одред е да дејствува контратерористички, што значи секавично да се справува со терористите очи во очи, но и да знае да дејствува во случај на земање заложници. Затоа обуката за припадник на оваа единица најмногу е концентрирана токму на совладувањето на противтерористичката дејност.

Во првите години на формирањето одредот Делта броеше неколку стотини припадници под команда на полковникот Беквит. Луѓето беа поделени во групи од по шеснаесетмина, со можност овие во секој момент да

можат да се поделат во тимови-патроли од по четворица или осуммина командоси. Во состав на Делта одредот влегуваат и штабот, штапските и заднински чети, единиците за врски и едно мало одделение хеликоптери. Единицата се состои од оперативни одреди.Оперативните одреди се составени од патроли од по четири луѓе до групи со по два, осум, четиринаесет и шеснаесет луѓе. Постојат три типа ударни групи. (А, Б, Ц). Ударната група А се состои од два офицера и 12 подофицери со определена специјалност: за разузнавачка дејност и борбено дејство, за минерски дејства, стручњаци за видови оружје од домашно и странско потекло, за логистика и радиоврски и за медицинска помош.[29] Организациско-формациски Делта одредот не е стандардизиран и трпи варијации во зависност од потребата. Всушност, флексибилноста и иницијативата се карактеристични за оваа единица. Правило е дека нема строги правила и шаблони: целата игра се состои во правилната процена на ситуацијата и реагирање и формирање во зависност од моментот. Кога се изведуваат акциите се формираат тимови од по четири човека, кои формираат вод. Од два или повеќе вода се формира скводрон. Секој скводрон е со јачина од околу 150 луѓе. Во зависност од задачата, Делта одредот во исто време може да формира 40 специјализирани групи. При изведувањето на акциите, антитерористичкиот одред Делта е поддржуван од 160 воздухопловен полк од составот на военото воздухопловство на војската на САД.

Бидејќи намената на Одредот е да се справува со секаков вид тероризам кој ги загрозува националните интереси на САД на било кое место на Земјата, половината од припадниците на Делта е наменета за дејствување надвор од границите на САД.

За извежбување на противтерористички акции во Форт Браг е изграден посебен полигон. Изграден е и посебен објект, таканаречена “куќа на ужасот” во која се извежбува прецизноста и решителноста до крајни граници.

Припадникот на антитерористичкиот одред „Делта“ е најскапо обучен воин во војската на САД. Се проценува дека цената на чинење за првичната обука на еден припадник на овој одред се движи до 30.000 долари. За членови

[29] Џамиќ, Д. (1999). Ратници из сенке. Београд: Таргет.

на одредот Делта се бираат факултетски образовани луѓе со извонредна психофизичка кондиција.

***Обука***

Обуката на припадниците на противтерористичкиот одред „Делта" започнува со минувањето на првите прелиминарни тестирања.

Првичните тестирања опфаќаат одредување на коефициентот на интелигенцијата и повеќечасовни разговори заради одредување на психичката состојба на кандидатот.

Потоа следуваат другите видови селективни тестирања за припадници на антитерористичкиот одред во траење од дваесет и една недела кои се спроведуваат во вид на ригорозни тестирања на терените на полигоните во Форт Браг, но и во националниот парк Јувери во Северна Каролина и во кампот Досон во Вирџинија. Од кандидатот се бара: освен што е натпросечно интелигентен, да направи 33 склека и 32 стомачни за по 1 минута, да истрча две милји во чизми за најмногу 16 минути и да исплива 100 метри во чизми за една минута. Потоа се проценува издржливоста на кандидатите преку исцрпувачки маршеви по пошумен терен, во полна воена спрема. Исто така, се оценува и ориентацијата во просторот и извршувањето на самостојни, временски ограничени вежби на снаодливост. Преку маршот на издржливоста се селектираат кандидати кои имаат особена самодисциплина, решителност и самопрегорност. По завршувањето на оваа фаза, оние кои ќе се изберат продолжуваат со специјална обука за припадник на антитерористичкиот одред „Делта".

Севкупната обука на припадниците на Делта одредот е поделена во три фази. Во првата фаза на обуката се предвидени 388 часа учење и таа се состои од повторување на теориското и практично знаење од топографијата, субверзивното дејствување, падобранските вештини, борба во градски услови и распознавање на различни видови оружје.

Втората фаза во траење од 309 часови се состои од обука по алпинизам.

Третата, завршна фаза е содржана во 376 часови за запознавање со борбените дејства во услови на современа војна, посебно во герилски услови. Во текот на целата обука посебен акцент им се дава на разузнавачките активности. По завршувањето на обуката припадниците на Делта одредот се

распоредуваат во групи од кои секоја има свој штаб, штабна чета, три баталјони за специјални мисии и баталјон за снабдување.[30] Сите групи не се подеднакво пополнети. Се пополнуваат во зависност од значењето на подрачјето каде ќе престојуваат.

На пример, десеттата група на Делта, која е стационирана во Европа, брои 313 припадници, а основната борбена единица ѝ е оперативниот одред А. Сите војници од одредените групи мора да го познаваат локалниот јазик, а два -тројца и да бидат со потекло од тој крај.

Од обуката на полигонот во Форт Браг се издвојува вежбањето во „куќата на ужасот“, која е конструирана по угледот на „куќата за убивање“ на британските САС противтерористички единици. Секоја просторија во куќата е констуирана со цел да се извежба до автоматизам дејствувањето против терористите. Во првата соба истовремено како мети се појавуваат и терористите и заложниците. Припадникот треба во секунда да се определи дали да пука или не. Во втората соба е уште покомплицирано да се одреди кој е заложник, а кој терорист бидејќи се појавуваат истовремено. Треба со три до четири куршуми да се дејствува селективно - да се погодат сите терористи, а заложниците да останат неповредени. Во третата соба се извежбува ноќна акција со носење инфрацрвени очила и уред за термално наведување кое дава тродимензионална холографска слика, која ноќта ја претвора во ден. Овој одред е опремен со најсовремено вооружување и друг вид помагала (на пример очила за гледање во темно, термални холографски уреди, специјални минијатурни радиоприемници и сл.), а на располагање му стои и „Боинг 727“, за поверодостојно извежбување акција за справување со терористи во авион. За нив се конструирани и специјални „моторизирани падобрани“ и посебни возила со инфрацрвени уреди за ноќно извидување и набљудување, со два вградени митралези, фрлач на гранати и лансер за противтенковски ракети, со брзина на движење до 130 км на час.

За форсирањето и зголемувањето на бројот на специјални единици од ваков профил постои реално оправдување, а тоа е енормното зголемување на меѓународниот тероризам. Формирањето на специјални единици, сега засега е единствен начин за справување со овие современи закани.

---

[30] Михајловиќ, М., Арсиќ, С. (2003). Специјалне снаге света. Београд: НИЦ „Војска“, 35.

Повеќето стратези на Пентагон, објаснувајќи ги причините за формирањето но голем број специјални единици и тимови во војската на САД, освен за борба со глобалниот тероризам, го оправдуваат и со потребата за учество и поддршка во локалните војни, констатирајќи: „Сфативиме дека другата страна постигнува големи успеси без да предизвика судири од поголем размер, особено во Третиот свет... Сега за сега не гледаме поинаков начин од овој за да ги запреме.“[31]

Во последно време се јавуваат и повеќе критичари на стратегијата за зголемување на бројот на специјалните единици. Овие како свое мото ги презентираат горчливите искуства од виетнамската војна. „Доколку располагате со такви сили, паѓате во искушение и да ги употрбите“, вели извесен функионер на Стејт Департментот. Многу е добро да располагаш со такви сили сѐ додека тие се користат правилно. Но , за жал, постои тенденција тие да се сметаат за семоќни единици, способни да извршат секаква задача, што може да предизвика големи тешкотии и уште поголеми разочарувања“, констатира висок функционер на Армијата на САД.[32]

Во врска со овие предвидувања искажани од американски експерти, може само да се приложат за поткрепа на опречните ставови во врска со специјалните единици и нивната успешност, и најновите случувања на ирачкото војувалиште каде сме сведоци дека настаните често се отргнуваат од контрола и за успешноста на кампањата не е од пресудно значење бројот и извежбаноста на специјалните воени сили туку и многу други фактори.

### 2.5. Специјални единици на Морнарицата на САД

Командата на специјалните сили на Воената морнарица на САД (NAVSPECWARCOM) е формирана на 16 април 1987 во морнаричката база во Коронадо, Калифорнија и го претставува поморскиот дел од Командата за специјални операции на САД Оваа команда има за цел да ги подготвува поморските специјални сили за изведување на поставените мисии и да ги одредува задачите и ја развива стратегијата, доктрината и тактиката на овие сили. Оваа команда е директно одговорна за сите подредени поморски бази и

---

[31] Лазански, М. (2002). Командоси. Београд: Књига комерц, 166.
[32] Ибид, стр 167

команди и е одговорна и за обуката, опремата, поддршката и борбената готовност на командниот кадар. Главен командант е контра-адмирал на поморските сили на Армијата на Соединетите држави.Сите специјални сили на Воената морнарица се сили кои во мирно време во спрега со националните полициски сили се обучени за справување со сите видови современи закани по националниот и светскиот мир. Тие, пред сѐ, се фокусирани на изведување мисии кои се проследени од следните пет принципи за изведување специјални операции: неконвенционална борба; (UW); директни дејства (DA); специјално извидување; (SR); одбрана на странски пријателски земји (FID); справување со тероризам од секаков вид(CBT).

Овие сили, исто така, понекогаш се вклучени и во колатерални активности како помошни безбедносни сили, антитерористички и сили за борба со трговијата со дрога и други специјални задачи.[33]

## 2.6. СЕАЛ-тимови

СЕАЛ (Sea, Air, Land - море, воздух, земја) единиците или морнаричките фоки како што ги нарекуваат се добро обучени и издржливи специјални сили на американската војска и се директни наследници на прочуените тимови за подводно уривање или таканаречените луѓе - жаби. Во рамките на американската Доктрина за еластичен одговор, овие тимови за подводно уривање беа главни изведувачи на специјалните операции за потребите на студената војна. СЕАЛ тимовите, се формирани 1962 год. со одобрување од страна на претседателот Кенеди за потребите на војната во Виетнам. Во Виетнам овие единици изведоа голем број дејства на реките и на копното, најчесто спротивставувајќи ѝ се на виетнамската герила со ист начин на војување. Виетнамците, заради бешумноста и ненадејноста на нападот, а и заради изгледот на овие воини (камуфлирани во зелено) ги нарекуваа „ѓаволи со зелено лице". Припадниците на овие единици за време на војната во Виетнам имаат извршено повеќе од 800 различни акции.

Повеќето акции им беа успешно изведени, па од војната со Виетнам излегоа како најодликуван род на американската војска.

---

[33] (januaru 1998). Special Operations Forces Reference Manual. JSPOF institute, ch. 4, pg. 2.

И денеска целта и намената на овие единици групирани во тимови е иста: водење неконвенционална војна, противгерилска борба, извидување на брегот, уништување на крајбрежни објекти, психолошко дејство и разузнавачко дејство и изведување операции во заднината на непријателот.

Бројна состојба на припадниците на овие елитни единици е 1 700 луѓе во активниот и 1.300 во резервниот состав.

### *Организација и формација*

Сеал единиците претрпуваат организациско-формациски промени кон крајот на дваесеттиот век. Сѐ до осумдесеттите години тие се организираа класично. Развиваа одреди од нуркачи-диверзанти, одред од извидувачи - диверзанти, одред од брзи чамци и одред за психолошки дејства. Новата организациска шема од 1983 години, овие единици ги подредува во две морнарички групи за специјално војување. Тоа се две Naval Special Warfare Group, од кои едната ја поддржува Пацифичката флота со седиште во Коронада, Калифорнија, а другата ја поддржува Атлантската флота со седиште во Литл Крик во Вирџинија.

Специјалните сили на Воената морнарица се организирани во мали, повеќенаменски и високооперативни состави, кои се под постојана борбена готовност. Според видот на дејствијата тие се специјализирани за поморски диверзии, подводно обезбедување и извидување, антитерористичи и контратерористички акции, за десантирање и инфилтрирање од воздух, со брзи чамци и подводни мини возила.

Групите на Сеал единиците се оспособени за самостојно дејство и имаат идентичен состав. Секоја група има по два Сеал тима, едно одделение (скводрон) од брзи чамци (SBS), тим од специјални возила(SDV) и спасувачки екипи, специјални морнарички единици во странство и единици со лесни хеликоптери

На првата, Пацифичката група ѝ припаѓаат 1., 3. и 5. Сеал тим. Првиот Сеал тим е задолжен за Југоисточна Азија, вториот за Среден Исток, а петтиот за Јужна Кореа.

Во втората, Атлантската група припаѓаат 2, 4, 6 и 8 Сеал тим.

Вториот тим е задолжен за Северна Европа,четвртиот за Јужна Америка, а осмиот за Африка.

Шестиот Сеал тим се наоѓа под непосредна команда на на USSOCOM со база во Дам Нек, недалеку од Норфолк. Оваа единица, која уште се нарекува и DEVGU (Naval Special Forces Development Group) е морнаричката верзија на Делта одредот. Нејзината намена е првенствено за противтерористички дејства и најчесто е воздушно поддржувана од 160. SOAR.

Овој Сеал тим се состои од три јуришни единици именувани како „црвена", „сина" и „златна" и од единица со брзи чамци.

Секоја флота поседува свој сопствен антитерористички тим, FAST (Fleet Anti-terorism Team), кој е одговорен за безбедноста на американските бази и бродовите во нив.

Во редот на Сеал тимовите се класифицираат и посебните морнарички единици со специјална намена NSW (Naval Special Warfare), кои имаат за цел да ги контролираат, одржуваат, и по потреба да ги употребат нуклеарните мини од типот SADM. Овие единици се распоредени надвор од територијата на САД, во Шкотска, на Филипините и во Порторико.

Сеал тимот се состои од 10 вода и има 185 луѓе, од кои 27 офицери и 158 подофицери и војници.

Сеал водот се состои од 16 припадника поделени во две одделенија од по 8 луѓе. Секое одделение се дели во две борбени групи од по четири луѓе кои работат тимски, по двајца во пар.[34]

### *Обука*

При изборот на луѓето кои ќе припаѓаат на овие единици посебно се внимава. Командниот состав се избира од најдобрите и посебно обучени офицери, а подофицерите се доброволци до 28 години старост.

Курсот се изведува во морнаричката база Коронадо и е селективен и индоктринирачки. Само 50% од пријавените го поминуваат курсот. Обуката е поделена во повеќе фази и е најдолготрајна обука од сите обуки за специјалните единици.

[34] Михајловиќ, М., Арсиќ, С. (2003). Специјалне снаге света. Београд: НИЦ „Војска", 38.

Првата фаза трае шест недели и во неа е опфатена основна физичка обука, што подразбира и основна нуркачка обука и запознавање со задачите на Сеал единиците.

Последната, шеста недела од обуката се нарекува и „пеколна недела“, зашто во неа се проверуваат крајните граници на физичката издржливост на организамот ( за спиење остануваат само четири часа).

Во втората фаза се испраќаат кандидатите кои успешно ја положиле првата фаза и таа трае седум недели. И таа е продолжение на интензивниот физички дрил, но повеќе внимание му се посветува на нуркањето.

Завршната фаза трае четири недели и се состои во практично извежбување на стекнатите знаења. Само десет проценти од пријавените кандидат успеваат да се здобијат со значката „Trident“ која е обележје на припадниците на оваа единица.

За припадниците на Сеал тимовите е задолжителен тринеделниот падобрански курс, како и обуката во подводна медицина.

Ако успешно ги поминат сите фази, кандидатите се испраќаат во оперативните тимови и претставуваат комбинација од нуркачи, падобранци и диверзанти. По шестмесечен пробен период во единицата, Сеал командосот може да се впише во званичниот СЕАЛ регистар. Специјалистичкото усовршување, всушност, трае и следните две до три години.

Во зависност од видот на акцијата е и видот на вооружувањето што го користат овие специјални единици. Оспособени се за дејство со сите видови современо вооружување, а некои видови оружје и специјално е конструирано за нив. Таков, е на пример пиштолот со придушувач „Смит и Весон“ модел 22, во целост изработен од некородирачки челик, како и други видови подводни пиштоли и друг вид полуавтоматско и снајперско оружје. Тие се транспортираат со специјално конструирани подводни возила, како и со брзи десантни чамци и патролни бродови, специјални летала, хеликоптери и теренски возила до посебно конструираните нуклеарни подморници за подводните диверзанти. Тие имаат посебно конструирани простории за пренос на 80 целосно опремени СЕАЛ командоси или специјални хангари за носење на мини подморници.

## 2.7. Корпус на морнаричката пешадија-Маринци

Тие се посебен вид на американската војска, крајно подготвени и современо вооружени воини секогаш спремни да бидат префрлени по воздушен или морски пат во било кој крај на светот каде се загрозени интересите на САД. Составот на Маринците е интервидовски и во себе ги инкорпорира и копнените и воздушните и поморските сили. Интересно е дека претседателот на САД има лично наредбодавачка можност да ги користи овие сили без одобрение на Конгресот. Од 1980 дел од овие сили е влезен и во составот на Силите за брзи интервенции на американската војска.

Од формирањето до денес, Маринците имаат учествувано во речиси сите поважни војни и воени операции во кои учествувале силите на САД. Тие се ударна сила за остварување на надворешната политика и државна стратегија на САД. Самото присуство на овие сили покрај нечија државна граница, веќе е доволно предупредување.

### *Организација и формација*

Овие единици се единствени во американската војска од тој вид кои ја имаат регулитано својата внатрешна структура со посебен статутарен закон, со кој им е одредена стандардна структура од најмалку три дивизии и три воздухопловни винга со дополнително засилување и поддршка од сите други видови на американската војска, ако има потреба за тоа. Две дивизии од нив имаат по три пешадиски полка, а една дивизија два пешадиски полка, три специјални групи за поддршка и повеќе помали самостојни единици.

Во составот на Корпусот на морнаричката пешадија на САД припаѓа и авијацијата на Маринците во состав од 36 310 припадници, од кои 2 030 се жени.

Како вид на вооружените сили на САД, Маринците се движат во бројка од 171 300 припадници. Интересно е дека во моментов 10 100 од нив се жени.

Основна намена им е учеството во поморско-десантните операции. Тие се во составот на речиси сите големи бродови, носачи на авиони, крстосувачи, бојни и десантни бродови, но и како обезбедување на сите полициски и воени установи и команди, а 1 100 луѓе се специјално подготвени за обезбедување на дипломатските претставништва и амбасадите во светот.

Според својата тактика тоа се офанзивни сили за извршување тактички задачи.

Тие најчесто во акциите се организираат во борбени групи MAU Marine Amphibious Unit), MAB( Marine Amphibious Brigade) и MAF ( Marine Amphibious Force).

MAU е формација со која се изведува десант на простор со димензии : 1,5 км широчина и 2 километри длабочина. Бројната состојба на оваа борбена група е од 1.800 до 4.000 луѓе. Луѓето се превезуваат на пет до седум десантни бродови и се десантираат на 30 до 40 десантно-јуришни чамци и 30 до 40 хеликоптери.

MAB е формација од полковски или бригаден состав. Таа брои од 8.000 до 12.000 припадници, кои се превезуваат на 13 до 15 поголеми десантни бродови, а се растоваруваат со помош на 80 до 100 десантни чамци и 80 до 100 хеликоптери.

MAF е единица во дивизиски состав со 20.000 до 40.000 луѓе во настапување. Овие сили се превезуваат на 40 до 50 големи десантни бродови, 250 до 300 хеликоптери и 320 до 350 десантни чамци. Просторот на десантното дејство е со широчина од 20 до 5о километри, а длабочина од 15 до 40 километри. Навистина делува импресивно и застрашувачки и самото појавување на големите бродови и хеликоптерите на хоризонтот на нападнатото подрачје.Најголеми бродови на Американската морнарица кои превезуваат Маринци се од типот Tarawa, со капацитет од 1.900 војници, 100 тенкови, шест авиони АВ-8Б, 12 хеликоптери ЦХ-46 и девет хеликоптери ЦХ-53, четири десантни бротчиња за превоз на војската до брегот. Во состав на Корпусот на морнаричката пешадија влегуваат пет брода од типот Tarawa, а поседуваат и бродови од поинаков вид, кои превезуваат и Маринци и тенкови и воздухоплови. Всушност, секоја од флотите на американската воена морнарица (2, 3,7, 6 и 5) имаат на своите бродови застапено борбени MAS групи.

Од повеќето елитни единици во состав на Маринскиот корпус ќе ги издвоиме единиците Recon (LRRP), како и Специјалната маринска антитеро-ристичка единица 2001.

Маринците од оваа единица званично се промовираа како антитерористичка единица на 10 октомври 2001 во Кемп Лејџун, Северна Калифорнија и целосно оперативни станаа под името 4. експедициска маринска бригада на 1 декември. Во состав на бригадата влегуваат 4 800 маринци и морнари со докажани антитерористички можности.Во рамките на оваа единица егзистираат и сили за одговор на хемиски, биолошки и друг вид инциденти, кои се промовираа по немилите настани во токиското метро и злоупотребата на гасот сарин.[35]

***Обука***

Обуката за припадник на маринскиот состав е исклучително селективна, но сепак е за нијанса полесна од обуката на другите специјални единици, на пример за прием во СЕАЛ единицит. Се спроведува во еден од двата марински регрутни центри, во Сан Диего и во Парис Ајленд. Маринскиот корпус нема сопствена воена академија, така мшто најголемиот дел од офицерскиот кадар се презема од Академијата на Копнената војска во Вест Поинт и од Морнаричката академија во Анаполис. Сите офицери мораат да минат специфична обука во центарот за обука на марински офицери во Вирџинија.

## 2.8. Посебни специјални единици на Авијацијата на Копнената војска на САД

Станува збор за познатите падобрански, односно падобранско-јуришни единици, кои особено се истакнаа во повеќето специјални операции изведени од страна на САД или во состав на здружените сили на Северноатланската алијанса.- 82. падобранската дивизија и 101. воздушно-јуришна дивизија се јадрото на силите за брзи интервенции.

Генезата на 82. падобранска дивизија се протега до далечната 1917 год. кога во кампот Гордон е формирана како пешадиска формација во која влегуваа припадници од сите американски држави, па се нарекувала и сеамериканска единица.

---

[35] Bennett, R.M.(2003). Elite Forces. London: 351.

Оваа дивизија успешно дејствува и во текот на Првата светска војна и во Втората светска војна. При инвазијата на Нормандија тие беа во првиот борбен воздушен бран.

Во денешни услови 82. дивизијата има претрпено бројни измени, но сепак останува да констатираме дека тоа е најсилната поединечна падобранска единица во армијата на САД. Во полн состав брои 16.000 луѓе и секогаш е сто проценти пополнета. Сите припадници се доброволци, обучени до максимум, со повеќе од 100.000 единечни искокнувања со падобран, обучени да се десантираат на било која точка од Земјината точка и веднаш да стапат во борба.

За формирање на целосно обучен припадник на оваа дивизија потребно е да се совлада особено тешка, сеопфатна и комплицирана обука на полигоните во Форт Браг. Наставата се изведува речиси 230 дена во годината. За подребите на падобранските единици во Форт Браг се конструирани макети од сите типови градови(медитерански, арапски, кинески ....), тунели, ридови и слично.[36] Освен извежбувањето на искокнување со полна боева спрема, доста време се посветува на водењето борба на терен со употреба на сите сили и средства до последниот здив и човек. Мотото на овие единици е дека нема предавање, до последниот човек.

Од причините што себеси се сметаат за најелитен дел на американската војска, овие единици со свој извесен дел се секогаш во полна боева готовност, спремни за дејство по првите знаци за тревога. Значи една пешадиска чета со поддршка е секогаш потготвена да се натовари во авион како почетен елемент на дивизијата и да десантира на која било точка на Земјата.

Оваа чета е основното јадро на пешадискиот баталјон, кој е составен од три пешадиски чети, една чета за борбена поддршка и една штабна чета. Во состојба на постојана борбена готовност е една пешадиска бригада, составена од три пешадиски баталјони и една чета ловци-тенкови. Бригадата во борбена готовност се поддржува со една инженериска чета, вод хеликоптери, артилериска батерија, вод воена полиција, одделение на военото разузнавање и луѓе од санитетот и за одржување.

[36] Лазански, М. (2002). Командоси. Београд: Књига комерц, 178.

Во состав на 82. воздушно-десантна дивизија влегуваат три пешадиски бригади, по еден дивизион на артилеријата и трупи за поддршка и седум самостојни баталјони.

Во поглед на вооружувањето на оваа дивизија треба да се нагласи дека се толку многу опремени и вооружени со арсенал од  лично вооружување до противоклопни  системи, противавионски повеќецевни топови и со тенкови и хеликоптери,  што во секој момент се подготвени и за борба  гради во гради и за борба со оклопните единици на противникот.

Друга елитна единица, која особено се истакна за време на операцијата „Пустинска луња" во Ирак 1991 и во Авганистан во текот на 2001 и 2002 година е 101. воздушно-јуришна бригада.

Оваа единица ги влече корените од Втората светска војна. Има учествувано во инвазијата на Нормандија и е прва американска единица која влезе на територијата на Јапонија.

Во Виетнам падобранците  учествуваа во повеќето поголеми операции.

Подоцна оваа дивизија од падобранска се преиначува во воздушно - јуришна.Во денешен состав располага со три бригади, дивизион артилерија, команда, две авиобригади, една логистичка група и неколку самостојни баталјони. Интересно е да спомене дека третата бригада е составена од 187 пешадиски полк со необично име РАККАСАНС , епитет со кој се здобиваат првите американски војници кои се спуштаат на територијата на Јапонија и што во превод значи „чадори што паѓаат". Исто така, припадниците на овој полк беа и првите што влегоа и направија длабок продор на ирачката територија веднаш по започнувањето на операцијата во Ирак во 1991година.

Успешноста на оваа дивизија, пред сѐ се должи на посебната концепција на движење и структура на истата.

Оперативната компонента на 101. дивизија вклучува употреба на независни борбени групи, односно комбинирање од воените родови, со што една типична борбена група е составена од три пешадиски баталјона, еден баталјон на артилеријата, еден баталјон хеликоптери за транспорт и еден јуришен хеликоптерски баталјон. Во состав на оваа борбена група влегува и инженеријата, противавионската артилерија, врските и санитеската служба. Специфично е што оваа дивизија се движи и ноќе и дење континуирано во вистински хеликоптерски скокови, при што единиците се раздалечени и до 30

километри. Оваа концепција му прави потешкотии на противникот да погоди концентрирани сили. Ова најочигледно дојде до израз при инвазијата во Ирак 1991.[37]

Припадниците на 101. воздушно-јуришна бригада се обучуваат во Форт Кембел. Обуката за војниците во единиците на дивизијата трае три месеци, основна обука и шест месеци специјалистичка. Сите припадници се доброволци кои потпишуваат посебен договор најмалку на две години. Повеќето од припадниците доаѓаат од академиите на Копнената војска (Вест Поинт), а цивили воопшто не се примаат. Опремата на оваа дивизија, вооружувањето и транспортните средства по опфатноста ја надминуваат опремата на 82.падобранска дивизија. 101. дивизија поседува мошне силна дивизиска артилерија, авијација која располага со 300 хеликоптери со најаразлична намена од транспорти за пренос на хаубици и луѓе и материјали до борбени за борба со противоклопни единици.

Во врска со опременоста на самата дивизија треба да се спомене дека во задницата на самата дивизија дејствува и огромна цифра на луѓе и средства за логистика, транспорт и одржување. Во дивизијата влегува и петтата група специјални сили со три баталјони командоси, како и 160. специјален авијациски полк.

## 2.9. Специјални сили на Военото воздухопловство

Иако се оспособени и за самостојно дејство, приоритетна задача на силите за специјални операции на военото воздухопловство е уфрлањето во непријателската заднина и извлекување на другите сили за специјални намени. Тие значи, најчесто се воздушна поддршка на „Ренџерите", „Зелените беретки" и „Делта" одредот. Задачите ги извршуваат три мешовити воздухопловни винга и неколку самостојни сквадрони, кои во својот состав имаат транспортни авиони и хеликоптери за специјални намени.

Сите специјални операции на Военото воздухопловство се под команда на AFSOC. Тоа е главната команда за овие сили,која е базиран во Хјулбург Филд- еглин, во Филаделфија и ја конструира воздухопловната компонента на целосната USSOCOM.

---

[37] Лазански, М. (2002). Командоси. Београд: Књига комерц, 183.

Под оваа команда влегуваат еден активен винг за специјални операции, две активни групи за специјални операции, една активна специјална тактичка група и два винга за специјални операции во резерва.[38]

Освен овие единици од военото воздухопловство постои уште една таква специјализирана единица која е во состав на КоВ. Тоа е познатата воздушно-транспортна единица „Task force 160-“(TF-160).

160. авијациски полк за специјални операции е наменета за воздушна поддршка на специјалните операции на Армијата. Тоа е единица во ранг на баталјон со јачина од илјада луѓе и 80 хеликоптери од различен тип и намена, означена како 160. воздухопловен баталјон. Оваа единица се состои од 6 OX лесни хеликоптери за набљудување и извидување, MX -60, наменски хеликоптери, како и од MX 47 хеликоптери.

За прв пат оваа единица беше промовирана и во раните осумдесетти. Кратко по неуспешната мисија за ослободување на заложници, таканаречената Пустина во Иран, Армијата ја формира специјалната воздухопловна единица. Во оваа единица влегоа најдобрите пилоти и најсовремените летала со потребните перформанси. Веднаш по конституирањето, единицата започна со интензивен тренинг за судири со низок интензитет, посебно за изведување операции ноќе. Единицата прераснува во баталјон на 16 октомври 1981 год. Оформена како 160. воздухопловен баталјон, единицата денес е попозната како Task force 160 поради констнтната подготвеност да се одделат и да стапат во најразновидни мисии и специјални задачи. Во фокусот на нивните дејствија се ноќните операции па и оттука името Night stalkers или Ноќни прикрадувачи. Во мај 1990 единицата е реорганизирана и подредена на Командата за специјални операции на САД.

### *Организација и формација*

Базата на 160. воздухопловна единица за специјални операции се наоѓа но Форт Кампел и се состои од од четири активни баталјони и едно претпријатие во состав за одржување, ремонт и поддршка на воздухопловите. Повеќето хеликоптери од типот AX-6, MX-6, MX-60K и MX - 60 л ДАП и други , како и четирите баталјони за поддршка се базирани во Форт Кемпел,

---

[38] Special Operations Forces Reference Manual, chapter 5, page 1, January, JSPOF institute,1998

како и ловечката армиска авијација, а определен дел од MX-60 Лс се сместени во Форт Коб, во Панама. Иако сите армиски воздухопловни единици се оспособени за извесна поддршка на специјалните операции, единиците на 160. авијациски полк се посебно формирани од државниот секретар за одбрана за да бидат подготвени и истренирани и специјално организирани за поддршка на специјалните операции. 160. воздухопловна специјална единица е организирана, истренирана, опремена, одговорна за посебно определени подрачја во кои преземаат команда и директни акции, специјални извидувачки мисии и друг вид специјални операции.[39]

## 2.10. Специјални сили за психолошки дејства и цивилни односи

Според современата дефиниција за специјални сили, во склоп на специјалните сили се вбројуваат и посебни цивилни структури и посебен персонал кој е задолжен да ја остварува доктрината на специјалното војување на поинаков начин од воените специјални единици. Во армијата на Соединетите Американски држави, во рамките на специјалните сили се вбројуваат и единиците за психолошки операции (PSYOP) и единиците за цивилни односи(CA).

Основните насоки за изведување психолошки операции ги одредува Советот за национална безбедност, кој треба да ги испланира задачите за разузнавачките служби, одделните министерства и Агенцијата за меѓународна комуникација. Оваа агенција треба да овозможи размена на луѓе и идеи, да влијае во странство за доближување на американскиот општествен систем, културата и политиката. Конкретно, за изведување психолошки операции е надлежна Специјалната оперативна команда USSOCOM. Специјалните единици за психолошки операции се на полковско ниво, организирани по баталјони.Баталјоните означени како баталјони за изведување психолошки операции имаат првенствена цел да дистрибуираат аудиовизуелен и печатен материјал на територијата на непријателот и електронска поддршка на сопствените единици.

---

[39] (January 1998). Special Operations Forces Reference Manual. JSPOF Institute, Ch. 3, Pg. 17.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филозофски факултет
Бр. 09-40/04
12.04.2005 год.
Скопје

Врз основа на член 28 и 29 од Правилникот за единствените основи за организирање на последипломски и докторски студии на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а по предлог на Советот на последипломските студии на Институтот за одбранбени и мировни студии, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXV редовна седница, одржана на 6. IV 2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
за формирање Комисија за оценка
на магистерски труд

**I**

За оценка на магистерскиот труд под наслов:**"Местото и улогата на специјалните единици во современите системи за национална безбедност со посебен осврт на состојбите во РМ "**, поднесен од **Жанет Граовац** , студент на последипломските студии на Институтот за одбранбени и мировни студии, се формира Комисија во состав :

1. Проф. д-р Митко Котовчевски
2. Проф. д-р Трајан Гоцевски
3. Проф. д-р Зоран Нацев

**II**

Комисијата е должна во рок од 3 месеци да го прегледа трудот и писмено да му ги достави на студентот евентуалните забелешки.

Комисијата, трудот со забелешките може да му го врати на кандидатот најмногу двапати и да му определи рок кој не може да биде подолг од 3 месеци.

**III**

Комисијата подготвува извештај во три примероци, во кој дава оценка и образложение на трудот, со предлог за формирање Комисија за одбрана на трудот.

**IV**

По еден примерок од одлуката да се достави на: именуваните, студентското досие, Одделението за општи, правни, персонални и наставни работи и архивата на Факултетот.

**Д Е К А Н**
на Филозофски факултет
Проф. д-р Трајан Гоцевски

09-40/04
20.05.05

Врз основа на член 29 од Правилникот за единствените основи за организирање на последипломски и докторски студии на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXVI редовна седница, одржана на 18. V 2005 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А

**I**

Се усвојува извештајот за оценка на магистерскиот труд : **"Местото и улогата на специјалните единици во современите системи за национална безбедност со посебен осврт на состојбите во Република Македонија",** поднесен од **Жанет Граовац**, студент на последипломските студии на Институтот за одбранбени и мировни студии.

**II**

Се формира Комисија за одбрана на трудот во состав :

1. Проф. д-р Митко Котовчевски
2. Проф. д-р Трајан Гоцевски
3. Проф. д-р Зоран Нацев

**III**

Одбраната на трудот ќе се изврши во рок од 15 дена од денот на донесувањето на оваа одлука, односно на ________________________.

**IV**

По еден примерок од одлуката да се достави на : именуваните, студентското досие, Одделението за општи, правни, персонални и наставни работи и архивата на Факултетот.

**Д Е К А Н**
на Филозофски факултет
Проф. д-р Трајан Гоцевски

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 09-25/03
20.05. 2005 год.
Скопје

Врз основа на член 29 од Правилникот за единствените основи за организирање на последипломски и докторски студии на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXVI редовна седница, одржана на 18. V 2005 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А

I

Се усвојува извештајот за оценка на магистерскиот труд : **"Интеракција меѓу воената техника, воената доктрина и воената вештина во современото војување",** поднесен од **Ванчо Димишковски**, студент на последипломските студии на Институтот за одбранбени и мировни студии.

II

Се формира Комисија за одбрана на трудот во состав :

1. Проф. д-р Зоран Нацев
2. Проф. д-р Митко Котовчевски
3. Проф. д-р Марина Митревска

III

Одбраната на трудот ќе се изврши во рок од 15 дена од денот на донесувањето на оваа одлука, односно на ________________________.

IV

По еден примерок од одлуката да се достави на : именуваните, студентското досие, Одделението за општи, правни, персонални и наставни работи и архивата на Факултетот.

**Д Е К А Н**
на Филозофски факултет
Проф. д-р Трајан Гоцевски

Американската копнена војска има четири групи на единици за психолошки дејства, од кои е активнаа само четвртата. Четвртата PSYOP група е една од најмалку експонираните единици за психолошко дејствување. Тие се базирани во Форт Браг и по потреба се испраќаат во епицентарот на најжешките светски збиднувања кои ја засегаат политиката на САД. Единицата е составена од четири баталјона со вкупна јачина од 960 луѓе. Еден од нив беше употребен за специјални дејства во антиталибанска пропаганда во Авганистан од специјално приспособен авион. Тој имаше посебна улога во придобивањето на локалното население и создавањето неповолна клима за прифаќање и сокривање на талибанските одметници и терористите.Исто така, припадниците на оваа група, се задолжени и за таканареченото „валкано залажување" при испрашувањето на заробениците.

Целта на припадниците на баталјоните за цивилни односи е да се инфилтрираат и да дејствуаат во најразлични сфери од општествениот живот на земјата врз која се дејствува и да придобиваат луѓе за своите потреби од најразлични сфери на животот во односните земји.

Најекспонирана е 97 група за цивилни односи е составена од четири чети со вкупно 172 припадника.

Поголемиот дел на армиските специјални сили за цивилни односи(CA) се пополнети со припадници на Резервниот состав на специјалните единици. Нивните функционални специјалности се поделени според општествените сектори за кои се специјализирани.

Дел од нив се задолжени за инфилтрирање и дејствување во органите на власта, во здравството, во економските институции и во други сфери од општеството.

## 2.11. Единица за специјални операции на ЦИА (SAD)

Познато е дека ЦИА отсекогаш имала тесна соработка со извесни елементи на специјалните единици, дури се претпоставува дека за извесни единици имала и директна наредбодавна функција. Со одредбата број 12036, донесена од страна на претседателот Џими Картер во 1978 год., Соединетите Американски Држави и нивните вооружени сили не можат да изведуваат тајни операции и тие задачи се префрлаат во доменот на дејствувањето на ЦИА. Во

1981 година е формирана единицата Sea Spray (Морски украс) за изведување тајни операции.Со единицата раководи Заедничката команда на Вооружените сили и ЦИА. Оваа единица за употреба има на располагање авиони и хеликоптери со најсофистицирани уреди и помагала за ноќно извидување и придушување на звукот на моторот. Една од позначајните акции на оваа единица беше нејзиното ангажирање во контролата на патот на дрогата и оружјето од Никарагва во Хондурас.

Акциите на оваа единица се во тесна координација со активностите на Агенцијата за поддршка на разузнавачките активности, која најчесто собира податоци преку методот на самостојни агенти, ХУМИНИТ.

Во однос на таканаречените „валкани операции“ на Соединетите Американски Држави главниот виновник е токму ЦИА и нејзините посебни паравоени тимови составени од бивши припадници на специјалните единици. За дејствувањето на овие формации нема многу податоци, но се претпоставува дека најголема активност имаат остварувано за време на студената војна, во смисла на организирање пучеви, ликвидации на лидери и поттикнување на преврати. Тие се набедуваат како виновници за валканите операции во Гватемала, Куба, Ирак, Доминиканската Република, Конго, Виетнам, Чиле и на други места ширум светот. Со релаксирањето на односите со Источниот блок во осумдесеттите годони на минатиот век, единицата за специјални операции речиси се расформира, а припадниците се отфрлрни од довчерашните наредбодавци со квалификациите дека се отпадници, машини за убивање и човечки џган.

Појавата на Осама Бин Ладен и неговата терористичка мрежа Ал Каеда повторно ги тера директорите на ЦИА да размисливаат во правец на формирање на специјална паравоена формација. Формирана е SAD, Special Activities Division, која има за цел да се справува со припадниците на Ал Каеда на која било точка од Земјината топка и тоа по принципот: „Пронајди и уништи.“ Оваа тајна армија на САД е распослана на многу навралгични точки за САД, и тоа со сесрден благослов, аманет и финансиска поддршка од претседателот Џорџ Буш. Овие оперативци на ЦИА се инволвирани во настаните во Авганистан уште од самиот почеток на акциите против Талибанците, петнаесет дена по нападот на Светскиот трговски центар во

Њујорк. Единицата на овие параспецијалци, кои се облекуваат во полуцивилна, полувоена облека, беше првата единица која влезе на територијата на Авганистан, и која имаше задача да им го расчисти патот на другите специјални единици и да собере значајни разузнавачки податоци. Исто така е потврдено дека овие единици во Авганистан имаат дејствувано на своја рака, независно од Центалната воена команда во Авганистан.

Овие единици, всушност, се дел од Противтерористичкиот центар, што дејствува во рамките на Директоратот за операции, која е најмоќната служба во ЦИА.[40]

По искажувањата на еден бивш припадник на оваа единица, за регрутирање во оваа единица потребно е долгогодишно искуство во останатите специјални единици, но најчесто се одбираат оние со повисоки чинови од редовите на „Зелените беретки“. Најчест мотив е енормно високата надомест за активностите што ќе ги извршуваат. Пред да се испратат на терен минуваат часови и часови на доусовршување на многубројните специјалности. Од шифранти до диверзанти, тие се подготвени да не бираат средства да дојдат до целта. На теренот, воените соборци ги препознаваат по тоа што не носат униформа, а носат најсовремено вооружување и неразделниот Лап-топ по кој праќаат извештаи. [41]

## 2.12. Специјалните сили на САД во Авганистан 2001-2002

Сите специјални единици на Армијата на САД, што беа поединечно претставени во овој труд, најчесто во операциите кои ги изведуваат дејствуваат комбинирано, во зависност од планот за употреба во односната операција.

Последното десетолетие на минатиот век, како и почетокот на дваесет и првиот милениум, кога би се гледале од воено-историска призма, повеќе би биле историја на специјални операции и воени кампањи отколку историја на класични воени судири. За жал, времето што претстои сигурно ќе биде време на чести антитерористички акции и операции, пред сè против тероризмот од светски размери и организациите од типот на Ал Каеда.

---

[40] Бабамовски, И. (1989). ЦИА (Covert и Action). Скопје: Млад борец.

[41] Ревија „Калибар“. (2002). Специјалне снаге. Београд: Посебно издање.

Американските специјални единици имаа повеќекратна можност да се претстават во здружено дејствување токму во операции од таков вид. Начинот на нивното дејствување може да се изанализира во повеќето антитерористички кампањи кои во релативно кусо време ги преземаа силите на Здружената коалиција на Нато силите против повеќе држави окаракеризирани како нарушувачи на светската безбедност од различни причини. Меѓу тие активности може да се изанализира не толку дамнешната операција која се одвиваше во Авганистан во 2002 година против Талибанските одметници и припадници на Ал Каеда. Таканаречената операцијата „Анаконда" се одвиваше од 1 до 18 март 2002 во Авганистан и беше здружена воена акција на американските, сојузничките и противталибанските сили во Југоисточен Авганистан. Оваа акција во себе ги ангажира сите специјални сили на американската војска. Активно учество зедоа: припадници на антитерористичкиот одред „Делта", Сеал тимовите, 75. ренџерски полк, единици на „Зелените беретки", 101. воздушно-јуришна дивизија и 82. падобранско-десантна дивизија.. Од силите на американските специјални единици беа присутни 1000 припадници, кои заедно со 1 100 војници на антиталибанските сили и уште 200 сојузнички специјалци од Австралија, Франција, Британија, Германија, Канада, Норвешка и Данска, требаше да се справат со преостанатите бази на терористичката мрежа на Ал Каеда, кои се криеја по многубројните пештери на територијата на планината Такур Гар и долината Шах и Кот.[42]

Самата операција „Анаконда" започна на 2 март 2002 со стапувањето во акција на припадниците на 101. воздушно-јуришна дивизија, специјалци и припадници на 10. планинска дивизија во планинското подрачје Шах- и Кот во источниот дел на Авганистан, кадешто според процената и од разузнавачки извори се претпоставуваше дека се кријат преостанатите сили на Талибанците. Се претпоставуваше, а тоа од разузнавачки извори е и потврдено дека на тој терен Талибанците од порано имаат изградено магацини за криење на оружје и храна. Доста се сметаше на дејствувањето на антиталибанските сили како пешадија, која ќе треба прво да го опколи подрачјето за напад, па потоа да настапат специјалните сили. Уште првиот ден настаните се здобија со

[42] Лазански, М. (2002). Београд: Књига Комерц, 74.

негативен предзнак, односно еден американски хеликоптер беше соборен, загинаа осум, а беа ранети 40 американски војници. Талибанците даваа жилав отпор.

Американските стратези и воените експерти на НАТО започнаа да водат долготрајни дебати во врска со дилемата дали требаше вака да започне операцијата или требаше прво да се дејствуваше од воздух по теренот за да се направи сè прав и пепел па дури тогаш да се вклучат специјалците.По медиумите и зад кулоарите се правеа реминисценции на Сомалија 1993 год. и лошите искуства од таму. Се обвинуваше генералот Томи Фенкс, кој издаде наредба за стапување во акција на пешадијата (специјалните ридско-планински единици, 187. полк на бригадата Раккасанс, Ренџерите и Зелените беретки). Генералот тогаш даде појаснување дека сите припадници и команданти на специјалните сили кои се на теренот и непосредно учествуваат во операцијата се убедени во исправноста и неопходноста на спроведување на акцијата токму на тој начин. Проблемите според самите учесници во Операцијата се во односот со антиталибанските сили, на кои не може со сигурност да се смета. Учесниците во операцијата, припадници на специјалните единиците се млади, ентузијасти и оптимисти во поглед на успехот на операцијата. Во операцијата видно место заземаа дејствувањата со хеликоптери од типот АХ- 64 Апачи.

Во акциите во Авганистан, покрај сите други специјалци, Пентагон издаде наредба и за учество на Маринскиот корпус. Подоцна Маринците го освоија аеродромот во Доланга. Настапија и Ренџерите, кои изведоа ноќен падобранско-хеликоптерски десант на еден напуштен аеродром. Полека се согледуваа успесите од тактиката на специјалното дејствување. На 14 ноември со хеликоптерски напад северно од Кабул, американските специјалци ги ослободија заробените хуманитарни работници од страна на Талибанците.

Иако самата операција почна несреќно, со текот на времето се увиде дека со таков начин на дејствување и организираност каков што практикува терористичката организација Ал Каеда можат да се справат единствено сили кои се подготвени на ист начин да направат контрадејство и да ги елиминираат терористите.

Во операцијата „Анаконда“ се покажаа во акција сите видови американски специјални единици. Најголемиот товар, сепак, го понесоа

припадниците на 101. воздушно-јуришна дивизија, која подоцна ја замени 82. падобранска дивизија, и 10 планинска дивизија.

За одржување на врските помеѓу сите специјални единици на САД и нивните комуникациски линии е ангажиран 122. Сигнален баталјон, а за логистичка поддршка е одреден 528 баталјон за логистичко обезбедување.

Според званични податоци, во операциите во Авганистан во текот на 2001 и 2002 година загинале 38 американски специјалци, 137 беа ранети, од кои 91 во директни борбени судири.

Кои единици ќе го земат приматот во акцијата , секако дека ќе зависи од стратегијата на самата операција, која пак ќе зависи од многу детерминирачки фактори. Секоја операција има своја посебност и неповторливост, но може и да се најдат некои заеднички одредници, на пример операцијата Анаконда и текот на одвивањето по многу свои елементи потсетува на операцијата на британските специјалци на Фолкландите, која како пример за здружено дејство ќе биде прикажана по единечното претставување на специјалните единици на Велика Британија.

# 3. Специјалните единици на Велика Британија

Специјалните единици на Велика Британија, особено САС командосите се единици од кои терористичките организации имаат најмногу страв. Секојдневното соочување со терористичките дејствувања на ИРА, но и други закани со кои се справувале и сѐ уште се справуваат ги прават овие воини најпожелни инструктори во светот.[43]

Управата на специјалните единици е формирана во 1987 година и под неа спаѓаат САС единиците, СБС сквадроните и 14. чета за разузнавање. Единиците се поддржани и од Воената морнарица и од Авијацијата.

Во составот на Копнената војска на Велика Британија постојат три полка на САС, од кои 22. е базиран во Херфорд, активен е и 100% пополнет со луѓе и материјални средства.Другите два полка се во резерва и се наоѓаат во составот на Територијалната армија.[44]

За САС единиците, како и за падобранско-извидувачкиот полк, таканаречениот Commando-45" е надлежна Управата за САС единици која е во рамките на Генералштабот на Копнената војска и се наоѓа во Лондон.[45]

Специјалните единици на Велика Британија отсекогаш имале мошне блиска соработка со службите за разузнавање, како и со слични странски команди за специјални операции (USSOCOM).

## 3.1. Специјални воздушни сили САС

САС или Специјалните воздушни сили (Special Air Forces) се формирани на почетокот на Втората светска војна. Самиот Винстон Черчил ја има потегнато иницијативата за „создавање мали одреди кои ќе напаѓаат по должината на европскиот брег и со падобрани ќе се уфрлаат во задницата на непријателот како тајни агенти и ќе помагаат во создавање на герила во окупираната територија".[46] Ова се задачите и директивите кои тој сам ги

[43] Џамиќ, Д. Ратници из сенке.
[44] Иванов, И. Единици за специјална намена на армиите на НАТО. Армиски преглед, 3/82.
[45] Терповски, В. (1998). Специјални сили. Скопје: Прима, 72.
[46] Михајловиќ, М., Арсиќ, С. (2003). Специјалне снаге света. Београд: НИЦ „Војска", 46.

креираше и кои се извршуваа преку посебно формираната Управа за неконвенционално војување. Значи, британската армија има најдолга традиција на употребата на специјалните единици и со право се смета дека специјалните единици на Британската армија се единици за пример на сите светски армии.

За основоположник на САС единиците се смета Дејвид Стирлинг, офицер во британската армија припадник на единицата Командо 8, кој ја има формирано новата единица - Одделение на бригадата Л на Специјалната воздушна служба (L' Detachement Special Air Service Brigade) и кој особено со своите единици се има истакнато на војувалиштата во Северна Африка, Италија и во Западна Европа. Токму на тие војувалишта и започнува праксата на користење тактика на мали групи од извежбани воини, кои дејствуваат во задницата на непријателот.[47]

За време на Втората светска војна овие единици се истакнуваа во сите поголеми битки во кои учествуваше британската армија.

По Втората светска војна САС единиците се распуштаат, но по избувнувањето на нередите во Малаја повторно се формираат и се испраќаат во Малаја, каде што евидентно ги надминуваат во успешноста другите единици на британската армија. Со смирувањето на конфликтот во Малаја, веднаш овие сили се пренасочуваат на друго кризно жариште, во Оман, на Арабискиот Полуостров, па во Борнео, па во Аден, пристаниште на Црвеното Море и сѐ така до ден денеска сѐ уште постојат места каде интервенцијата на овие единици е неопходна. Борејќи се најчесто со герилата на споменатите земји, САС единиците се исклучително изверзирани за примена на ист начин на дејствување како и герилците. Убиство од заседа, бомбашки напади и ненеадеен оган од автоматско оружје и истовремено исчезнување на терористот во масата минувачи им даде за право со истата тактика да се вмешуваат меѓу минувачите и по кратка постапка, со рафали од автоматско оружје да ги ликвидираат терористите кои, претходно ги имаат идентификувано и следено. Во Оман овој стил на дејствување самите си го нарекоа „кини-мини“, што на свахили јазик значи змија која ненадејно напаѓа и потоа се крие.

[47] Ибид, 47.

При инвазијата на Фокландските острови, освен другите сили на британската армија, активно учество зема и 22 полк на САС единиците. Всушност, тие и први, тајно се растоварија на брегот за да соберат разузнавачки податоци за позициите на аргентинската армија.

И во „Пустинската луња“, во 1991 година, имаа голем број задачи од типот на прибирање податоци, наведување на сојузничките авиони на ирачки цели, нарушување на системот за командување и раководење, внесување паника и раздор во ирачките редови. Треба да се потсетиме и на улогата на силите на УНПРОФОР во војната во Босна и Херцеговина, а кои беа под команда на прекалениот Сасовец генералот Мајкл Роуз. Овие единици учествуваа и во акциите во операцијата Анаконда 2001 во Авганистан, како и во најновите дејствувања на ирачката територија во 2003 година.

### *Организација и формација на САС единиците*

Организациско-формациски, овие специјални единици се во состав на три полка, односно имаат полковски состав и ѝ припаѓаат на бригадата на специјалните сили на Велика Британија. Првиот полк се означува како 22. САС полк и тој е активен, а другите два се во резерва и се во составот на Територијалната армија на Велика Британија. САС полкот се состои од штаб, штабна чета, заднинска чета, четири сквадрони и еден резервен сквадрон. Јачината на полкот е 700 луѓе, а вкупната бројка на САС единиците се движи до 2 000 луѓе.

Главниот штаб на САС се наоѓа во Криденхил, во Англија. Борбената организација е по принципот на четворки: четири луѓе сочинуваат патрола, тим; четири патроли прават вод со јачина од 16 луѓе, четири вода создаваат сквадрон, а четири сквадрона образуваат полк, во чиј состав влегуваат и единиците за поддршка и засилување.

Сите чети се поделени според специјалностите и се обележени како А,Б Д и Г чети или „сабји“.

Во единиците на 22 полк најчесто, според специјалности се распоредени околу 600 до 700 луѓе. Тука е вклучена и посебната хеликоптерска единица за транспорт и поддршка.

Треба да се нагласи дека за САС единиците е специфично што формацијата на четворки не е крута и непроменлива. Организираноста, најчесто зависи од самата ситуација и затоа формацијата дава можност за промена, за делба и спојување и обликување според ситуацијата. Сето ова им дава посебна мобилност и живост на САС единиците.

Во полкот освен борбените и оперативни скварони и хеликоптерската единица, влегуваат и чета за врски, чета за разузнавање и инженериска чета за уривање. Тука се и групата за противтерористички акции, единица за истражување и развој, заднинска чета, како и посебна наставна единица за обука и тренинг.

Скавадроните се обучени за дејствување во различни услови.Такви се јуришните скавадрони или пустинските стаорци, планинските за дејство во планински и арктички предели, падобрански и морнарички.

Антитерористичкиот скавадрон е познат и под името Пагода, а официјално се вика CRW (Counter Revolutionary Warfare) или само CT (Counter Terrorisem).[48]

Интересно е да се нагласи дека скавадроните секои шест месеци си ја менуваат улогата, антитериристички активност, прекуморски задачи, обука и тренинг.

Вакви единици во јачина на полк, под исто име САС , имаат армиите и на Нов Зеланд и на Австралија, а има сознанија дека и во самиот британски 22 полк постои чета составена исклучиво од емигранти, најчесто од источно-европските земји.

### *Обука*

Обуката на овие командоси е меѓу најкомплексните и најдолготрајна обука за вакви единици. Таа и се нарекува „constanting training", односно непрекината обука. За кандидати се пријавуваат доброволци од сите родови и видови на британската армија, но сепак предност имаат припадниците на другите видови елитни единици и тоа на строго затворен конкурс. Во овие и во СБС единиците не се примаат кандидати со отворен тест. Да се помине првичната селекција е навистина тешко. Таа има за цел да ги одвои

[48] Михајловиќ, М., Арсиќ, С. (2003). Специјалне снаге света. Београд: НИЦ „Војска", 46.

кандидатите кои имаат исклучителна ментална отпорнст, физичка издржливост, самодисциплина и снаодливост, независност и духовна цврстина, неопходни за извршување на сите задачи. Процесот на селекцијата трае две години, со што и заслужено овие командоси се секогаш на врвот на обученоста и успешноста во светските елитни единици. Сосема мал дел успева да се справи со сите побарувања на селекцијата и после една недела одмор тие кандидати се испраќаат на обука.Процесот на континуираната обука трае 6 месеци и во тој период избраните кандидати се  запознаваат со повеќето вештини со кои се служат Сасовците.

Првата фаза на обуката е период на физичко кондиционирање до максимум со минимум часови спиење. Работниот ден започнува во четири часот наутро, а завршува во доцните вечерни часови. Покрај деноноќните маширања и совладување на најразлични пречки, кандидатите  се запознаваат со организацијата, намената и задачите на единицата, со раузнавачка дејност и заштита на потадоците. Во овој период се совладуваат иборечките вештини и ракувањето со огнено оружје.

Втората фаза се состои во совладување на борбени вештини на планински терени, што подразбира искачување, јазење и ориентација во најневозможни услови. Во овој период се изучува и географија, историја и културата на повеќе светски држави. Целата обука е проследена со изведување на долготрајни и исцрпувачки маршеви.

Третата фаза на обуката е селективна и во неа се елиминираат кандидатите кои не задоволиле во претходните две фази на обуката. Оние што ќе останат се обучуваат за диверзантски дејства, употреба на специфично вооружување, санитетска обука  и курс за прежививање во природа.

Четвртата фаза е почеток на специјалистичката обука.Таа вклучува обука за дејствување во посебни климатски и географски простори. Се изведува во строго специјализирани центри.

Колку се сеопфатни овие вежби покажува и тоа дека обуката за борба во пустински услови се одвива во Оман во реални околности, а за војување во зимски услови во поларните предели на Норвешка. Се изведува и курс за амфибијски дејства и за разузнавање.

Петтата фаза е тактика и методи на борба против герила и против тероризмот. Се оди на целосна ликвидација и елиминација на терористите, со

најмал можен ризик за сопствените сили и за заложниците. Во врска со огненото обучување, карактеристична е тактиката на „Close Quarter Battle", односно блиска борба во затворен простор. Во посебно изграден полигон за таа намена, таканаречена „куќа за убивање" противтерористичкото дејствување треба да се извежба до перфекција.Се вежба со вистинска муниција и често метите се измешани со терористите и другарите од групата. Се вежба селективно пукање во трчање и со превртување, со брзо менување на шаржери. Тука е, всушност, чекорот понапред за САС единицата. Објаснувањето за овој начин на извежбување е во тоа дека од моментот кога ќе стапат во редовите на САС единицата тие континуирано се мети на напад. Со овој начин на вежбање се совладува исконскиот страв на потенцијалната жртва на напад.

Во Хереформд, центарот каде е деташирана САС единицата сите припадници кои престојуваат таму имаат можности за постојано проучување и запознавање со сите терористички организации во светот и акциите што ги изведувале. Се проучуваат и искуствати на другите антитерористички единици. Сето ова и практично беше реализирано при изведувањето на операцијата „Нимрод" за ослободување на заложниците од Иранската амбасада во Лондон.

Крајниот продукт на ваквата обука е САС командос, кој е морално високо изградена личност, со познавање на барем два странски јазика, но и со познавање на сите физички и борбени вештини.Тој има основи од нуклеарната и ракетна технологија и физичка кондиција на Тарзан. Внатре во формацијата владее исклучително релаксирачка и дружељубива атмосфера, без строго субординација и авторитарност помеѓу високите офицери и останатите. Обично во овие единици остануваат до 6 години, за потоа повторно да се вратат во матичната единица или како оперативци или што е покарактеристично за последните децении да станат инструктори за вакви единици во странски пријателски армии.

Сепак иако се овенчани со ореолот на најпожелни инструктори и врвни професионалци, во редовите на САС специјалците, во последнава декада се случуваат извесни проблеми и несакани збиднувања. Пред сé, опаднат е интересот за прием во редовите на овие специјалци, па во 2002 година е констатирано дека повеќето САС скврадрони се сведени на 8 до 10 луѓе, односно на 15 проценти од номиналниот состав.

Причините за ваквото осипување на кадарот се изолирани во два сегмента. Прво се претпоставува дека повеќето искусни Сасовци се откажале од регуларното вработување во активна служба на специјалната единица и своите услуги ги понудиле на слободниот пазар кадешто цената за ваков профил луѓе е три до четири пати повисока. Ова е таканарчениот САС синдром од кој не се имуни ниту дспецијалните единици на другите држави. Исто така загрижувачкие е синдромот кој се врзува за специјалците од последниов временски период, а тоа е зголемувањето на бројот на суицидите во овое воени редови.[49] Според истражувањата, повеќето прекалени специјалци-учесници во Фокладндската војна, по завршувањето на војната се почуствувале бесполезни и непотребни, па некои од нив посегнале по својот живот. Интересно е да се забележи дека овој синдром, званично или незванично е забележан во повеќето специјални единици. Алармантна е состојбата и со учесниците во последната војна со Ирак и оние што претстојуваат во поствоениот перид таму.

Од редовите на САС специјалците извесен број пензионирани и отпуштени припадници преминаа во таканарečениот Инкремент одредот од САС припадници за валкани операции. Тие со во најтесна соработка со британската разузнавачка служба МИ 16 и СИС паравоената управа. Тие се под директно спонзорство на СИС и се предвидени за нарачани убиства, пред сѐ на државници и други високи политички личности.

Тоа е мала група од прекалени САС и СБС припадници кои изведуваат валкани акции за потребите на МИ 16. Во рамките на оваа единица беше во детали разработен план за ликвидација на Слободан Милошевиќ и тоа со помош на три методи и три плана за дејство. Прво, со помош на паравоени елементи од Србија, второ со помош на инфилтриран снајперист или со бомба од заседа. Третиот начин предвидувал да се исценира сообраќајна несреќа, за време на неговите преговарачки патувања во Женева.

Без разлика колку се докажани сите овие планови се потврдува дека специјалните единици се најчесто и инструмент на разузнавачките служби за остварување на нивните планови, посебно во последнава декада кога се

[49] (2002). Специјалне снаге. Београд: Посебно издание на Новости.

неопходни оперативци од тој калибар за демифистицирање и елиминирање на терористите и нивните организации ширум светот.[50]

## 3.2. Кралските морнарички командоси

Во британската армија постојат и ред други специјални единици, какви што се на пример Кралските морнарички командоси, кои се припадници на морнаричко - десантната пешадија. Кралската морнаричка пешадија е основана уште во далечната 1664 годинс, и оттогаш нејзините припадници се учесници на сите војни кои ги водела британската империја.

Прво поголемо ангажирање на овие специјални единици по Втората светска војна е во 1956 година за време на здружената воена интервенција против Египет, заедно со силите на Франција и Израел. Следуваат ангажирањата за справување со ИРА, војната со Аргентина на Фолкландските острови и Војната во Ирак во 1991 година и други ангажирања. Извесни делови од овие единици се ангажирани и во специјалните мисии под знамето на УН на територијата на поранешна СФРЈ, во централна Босна.

Тие се опремени и организирани по принципот на копнената војска, но и во согласност со морнаричката традиција. Третата бригада од овие сили е наменета за одбрана на северното крило на НАТО пактот во Норвешка, но се и база за обезбедување на главнината на силите за брза интервенција на Британија надвор од нејзините граници.

### *Организација и формација на единицата*

Организациско-формациски, кралските морнарички командоси се подредени во Третата бригада на Кралските маринци. Бригадата е составена од три баталјона со вкупна јачина од 700 луѓе. Баталјоните во секој момент се борбено готовни. Два баталјона се специјализирани за борба во планински и арктички предели, а еден за борба во џунгла, пустина и тропски краишта.

Баталјоните се логистички поддржани со логистичкиот командо полк и сквадронот за разузнавачка дејност, сквадрон за електронско попречување, сквадрон за извидување и за радарска контрола. Артилериската поддршка ја

[50] Bennett, R.M. (2003). Elite Forces. London: 334.

овозможува 29. командо полк на Кралската артилерија, а противвоздушната одбрана ја обезбедува 20. командо артилериска батерија. Баталјоните на кралските морнарички командоси, исто така се обезбедуваат и инженериски со помош на 50. командо сквадрон на кралската инженерија.

Во составот на британските маринци има и две специјални единици, сквадрон од поморски нуркачи - диверзанти и специјални единици за обезбедување на британскиот нуклеарен потенцијал, како и на поморската база Клајд и на посебно важни личности и објекти и за водење антитерористичка борба и ослободување на заложници од пловни објекти.

***Обука на припадниците на специјалните единици на Кралската морнарица***

Обуката за припадник на овие единици е поделена во три фази и е строго-селективна. Пријавените кандидати се цивили, регрути -доброволци на возраст од 17 до 28 години.

Првата фаза, која е во траење од 24 недели е обука во пливање, нуркање, падобранство, управување со кану, ориентација, навигација и употреба на огнено оружје.

Вториот дел од обуката е сконцентриран на тимската работа, и претежно се вежба на мочурлив терен, на високи планински предели и во тропските прашуми.

Тежиштето на обуката во третиот стадиум е да се преживее и опстои што подолго во задницата на непријателот со што помалку контакти со соборците.

Завршната фаза се крунисува со завршен марш од 48 километри во полна воена спрема, кој треба да се заврши за седум часа. Целиот програм на обука е во траење од две години.

## 3.3. Специјален одред нуркачи SBS (Special Boat Squadrons)

Во составот на британската воена морнарица има и специјални единици за поморско-диверзантски дејства, попознати под името СБС (Special boat squadrons), односно специјален одред на нуркачи.Тие се елита на елитата и се еквивалент на САС единиците. Наменети се за изведување посебни акции под

вода и на вода., за разминирање и расчистување на брегот за потребите на морнаричко -десантните единици, за изведување на ненадејни препадни дејства по важни цели. Ако се споредуваат со единиците на Американската војска, тие се пандан на Сеал тимовите на Американската воена морнарица, но имаат допирни точки и со руските Спецназ поморски единици.

Најголемиот дел од припадниците на СБС се регрутираат од доброволци од редовите на Кралските маринци. По ригорозните здравствени и друг вид проверки следува тринеделен курс на кој се селектираат и одбираат најдобрите. Кандидатите веќе имаат поминато поморска и борбена обука. За нив е доволна и дополнителната обука од само пет месеци. Преку дополнителната обука се совладува ракување и користење на најразновидни видови експлозив, се извежбува нуркање и користење различни видови нуркачка опрема и секаков вид подводно оружје. По минувањето на оваа обука следува уште еден месец обука во падобранство.

Припадниците на СБС одредите најчесто дејствуваат во мали тимови-патроли од двајца, четворица или шест луѓе, што е доста ефикасно.

СБС сквадроните се посебно добро опремени со најсовремена опрема и оружје за ваков вид специјалци.

Во операцијата „Пустинска луња“ овие единици на британската морнарица одиграа голема улога. Тие, заедно со САС тимовите имаа за цел да ги пронајдат и уништат подвижните рампи за ракетите Скад. Најголем успех на овие комбинирани британски единици беше онеспособувањето на подземните кабли за врска помеѓу ирачките единици во Кувајт и командното место на ирачката армија во Бастра. Интересно е да се спореди дека во редовите на британските специјални единици не владее меѓусебно ривалство и желба за престиж, туку тие често соработуваат и колегијално постигнуваат солидни резултати.

### 3.4. Петтиот падобрански полк на британската армија

Припадниците на падобранските единици, исто така, спаѓаат во редот на елитните. Во британската армија тие се познати по прекарот „Црвени ѓаволи“. Прекарот го имаат добиено уште во текот на Втората светска војна заради исклучителната храброст и црвените беретки што ги носат.

Првата падобранска единица е формирана на иницијатива на Винстон Черчил како одговор на германските падобранци. Кон средината на војната овие падобрански единици веќе  имаат полковска формација, а подоцна е формирана и Првата падобранска бригада. Пред крајот на војната е формирана и воздушно-десантна дивизија.

По втората светска војна продолжуваат да дејствуваат во сите кризни подрачја каде има интервенирано британската армија.

Во 1982 година британското министерство за одбрана ја преформира Петтата падобранска бригада во Петта воздушнодесантна бригада, која со текот на времето прерасна во Петти падобрански полк.

### *Организација и формација на полкот*

Британскиот падобрански полк денес брои околу 3 500 луѓе, групирани во три баталјона, а уште три баталјона се во резерва, во составот на територијалната одбрана. Вториот и третиот баталјон влегуваат во состав на 5. воздушно- десантна бригада на британската армија која е јадрото на Силите за брза интервенција.

Штабот на полкот се наоѓа во Алдершот, во Хемпшир, каде се наоѓа и Центарот за обука на падобранците.

Баталјонот е организиран слично на пешадиски баталјон. Составен е од штаб, штабна чета, три падобранско-стрелечки чети, чета за огнена поддршка и чета за заднинско обезбедување. Најдобрите падобранци  се наоѓаат во извидувачко-диверзантската единица, која  е елитна командоска единица за извршување посебни задачи. Оваа единица не влегува во состав на падобранскиот полк, туку ѝ е потчинета на командата на Петтата воздушно-десантна  бригада.

### *Обука на припадниците на единицата*

Припадниците на овој полк се професионалци и доброволци. Обуката е доста напорна, како и секоја обука за специјалните единици, и трае 23 недели. Има доста сличности со обуката на морнаричките командоси. Првите осум недели се извежбува гаѓање од огнено оружје и физички се кондиционира, а

следните 12 недели, кандидатот минува низ доста сложена и обемна падобранска обука со сите видови на падобрански искокнувања.

### 3.5. Специјална единица од Гурка воини

Британската армија освен што поседува специјални сили кои се во светскиот врв на воената ефикасност и подготвеност, од другите земји се издвојува и со специфични, само за нејзината војска, посебни баталјони од воини Гурки.

Гурките се народ што потекнува од истоименото древно племе населено на север на Индискиот потконтинент, во областа на Химелаите. Денес се мнозински народ во Непал. Непалците им пружале долготраен и жесток отпор на британските освојувачи. Покорувајќи ги тие предели, уште од минатиот век, Британија постојано регрутира војници од припадниците на ова племе.

Тие единици формирани во стрелечки полкови биле составен дел на британската индиска војска. Биле вооружени со специфични криви сабји „кукри“, наострени од внатрешната страна, кои и до ден денес се составен дел од нивната опрема и предизвикуваат страв кај противникот. Овие единици учествувале и се истакнале и во Првата и во Втората светска војна. Особено се ефективни во борби во екстремни услови, за борба во џунглите каде за многу дејства им нема рамни. По осамостојувањето на Индија, британскиот воен врв успеал да издејствува дополна на буџетот и да задржи четири полка со Гурки. Во 1948 овие единици се преместени на Малаја за борба со комунистичката герила. Во Непал постои регрутен центар за пополна на овие единици. Тие денес се стратегиска резерва на британската армија и се разместени во неколку гарнизони во Англија, Северна Ирска и Велс. И по неколкуте воени реформи, овие единици по барање на британските генерали успеаја да се одржат. Тоа се должи на фактот дека овие воини се секогаш во првите борбени редови при операции надвор од Британија. Нивните вродени особини се воинственоста, професионалноста и лојалноста. Самиот физички изглед дава слика на мал, жилав и прекален воин.Сепак постои систем на селекција и обука, кој на ригорозен начин овие неписмени селани ги прави припадници на едни од најнеобичните но високо котирани специјални единици во светот. Денес во британската армија служат 6000 Гурки. За време на британската

инвазија на Фокландските острови многу аргентински војници се предадода откако само го слушнаа воениот повик на Гурките. За разлика од изминатите времиња, кога овие вијници беа третирани како луѓе од втора класа, без можносту за унапредување и правење кариера денес имаат можност исклучително надарените да се школуваат и да се здобиваат со повисоки чинови. Еден баталјон Гурки беше дел и од УНПРОФОР силите стационирани во Босна и Херцеговина. Тие беа првите НАТО единици што влегоа во Косово.[51] Би можеле за крај да кажеме дека важноста на Гурките за Обединетото Кралство Велика Британија е иста како што се Легионерите за Франција, тие се традиција која не треба да се запостави.

## 3.6. Успешно содејство на специјалните единици на Фокландските острови

Во 1982 година Аргентина изврши воена инвазија на Фокландските острови, кои беа под британски суверенитет. Иако војната помеѓу Велика Британија и Аргентина се случи, историски гледано, не така одамна (во 1982), начинот на водење ваков вид борба, кој успешно се примени со дејствувањето и содејството на британските специјални единици може да се класифицира во теоријата за употреба на специјалните единици. Многу од современите операции во Ирак или во Авганистан, ја следат стратегијата на Фокландската војна.

Војната против Аргентина за Фокландските острови беше проба за сите специјални единици на Велика Британија. Во војната учествуваа и припадниците на САС и на СБС, кралските маринци, припадниците на падобранскиот полк, дури и баталјонот Гурки имаше своја задача во оваа војна. [52]

Треба да се спомене дека уште пред да се изведе инвазијата од страна на Аргентина, британските разузнавачи веќе имаа извесни информации и во Британија се спроведуваше мобилизација.

Први на борбената линија пристигнаа припадниците на 22. САС полк, и ги заземаа позициите на островот Јужна Џорџија. По нив пристигнаа и

---

[51] Џамиќ, Д. Ратници из сенке.
[52] Лазански, М. (2002). Београд: Књига комерц, 46.

припадниците од специјалниот одред нуркачи (СБС), кои со мали чамци се растоварија на глечерот Фортуна. Иако во дејство стапија многубројните аргентински маринци, кои се растоварија од подморница, со поддршка на хеликоптерската единица, четвртата чета на 22. полк успеа да се провлече низ минското поле и да навлезе длабоко во заземената територија, да го симне аргентинското знаме во центарот на населбата, да ги зароби аргентинските војници кои биле таму, а другите да ги принуди на предавање. Островот Јужна Џорџија беше вратен. Подоцна следуваа акции и на други места од заземената територија.

За сето време на Фокландската војна, Британците константно дејствуваа со тактика на мали ударни групи составени од патроли од четири луѓе. Единиците на САС специјалците, на овој начин постојано ја држеа на отстојание војската на Аргентина и со тоа создаваа мостобран и можност за непречено растоварување на британските бродови. Исто така, за цело време на акцијата од страна на САС патролите се практикуваа ноќни препадни дејства и брзо ликвидирање на аргентински војници, со што значително опадна моралот меѓу аргентинските војници. Во акциите зеде учество и анти-терористичката чета на морнаричките командоси. Со единиците на САС командуваше прекалениот борец потполковник Мајкл Роуз, кој ни е познат од војната во Босна[53], кој со својата единица особено се истакна на Фокландите. Неговите командоси во текот на дејствијата со натчовечки напор изведоа тридневен марш по мочурлив и студен терени и навлегоа длабоко во освоената територија. Во текот на војната, според претходно направените планови, во борбата се внесуваа и други единици. Треба да се забележи дека единиците на САС и СБС дејствуваа сами цели 12 дена пред главниот десант со цел да го извидат и расчистат теренот и да соберат доволно податоци за аргентинските позиции. Во близина на Сан Карлос, од британските десантни бродови се растоварија припадниците на Вториот баталјон на падобранскиот полк, воената полиција, припадниците на 40. командоски одред и припадници на Втората шкотска гарда. Тие беа пречекани на брегот од СБС маринците. Во вториот бран пристигнаа уште специјалци. Во исто време хеликоптерите десантираа и лесни хаубици од 105мм од составот на 29 командо полк на

[53] Џамиќ, Д. Ратници из сенке.

кралската артилерија. Првиот аргентински авион што се појави на местото, веднаш беше соборен. На брегот веќе беа утврдени три баталјони британски командоси и два баталјони падобранци, што фактички значеше и пораз за Аргентина.[54]

Она што најмногу фасцинира при анализата на дејствувањата на Фокландските острови е совршената уиграност и содејство меѓу британските специјални единица. За разлика од елитните единици на САД, па дури како и во редовите на македонските специјалци да се чувствува постојаното ривалство и самобендисаност на припадниците на различните единици, во елитните САС и СБС единици владее зачудувачка хармонија. Начинот на кој СБС се вклопува во мошне пошироката организација и формација на САС, иако се знае дека во структурата на САС според формацијата постојат мали тимови од луѓе -жаби кои се еквивалент на СБС тимовит, е недофатлив, а тоа и онака е строго чувана тајна.

Како и да било, да не се анализира секоја акција поединечно, факт е дека победата врз аргентинската војска ја извојуваа специјалните единици на Британската армија. Оваа победа не е извојувана, значи само со модерното вооружување, туку пред сѐ со човечкиот фактор. Подоброто командување, личната храброст и пожртвуваност на припадниците на повеќе британски специјални единици им донесе многу одликувања, меѓу кои и неколку Викторијански крста, што е највисоко воено одликување во Британија.

---

[54] Лазански, М. (2002). Командоси. Београд: Књига комерц, 44.

# 4. Специјалните единици на Франција

Кога станува збор за специјалните сили на Франција, би требало да се спомене дека за разлика од погоре прикажаните специјални сили на Соединетите Американски Држави и на Велика Британија, Франција нема органзирано компонентата на специјалните сили во строга организациско-формациска поставеност.

Во 1992-3 година се формира Командата за специјални операции на Франција. Крактеристично за Франција што на располагање и стојат единици и од армијата и и од полицијата кои се предвидени за контратерористички и операции од разузнавачки операции во надлежност на DSE, DST и други разузнавачки служби.

Сепак има единици кои заслужуваат да се подведат по поимот за специјални единици. Пред сé не може да се одмине улогата на нејзините прочуени Легионери, а и морнарицата располага со репрезентативни сили обучени според стандардите за специјални единици (COFUSCO, HUBERT CASM). Специјалните единици на Република Франција се во состав на Францусkите сили за брзи интервенции FAR (Force de Action Rapide), воена формација составена од 40.000 припадници.

## 4.1. Легија на странците

Легијата, дури и традиционално е синоним за ваков вид сили. Таа е сé уште дом за авантуристи од секаков калибар, во кој се обучуваат за професионално војување без патриотска обврска, но со целосна предаденост и лојалност кон Легијата и другарите. Интересно е дека во Легијата имаат служено луѓе и од нашата држава.

Легијата е формирана во 1831 год. со Декрет од францускиот крал Луј-Филип и веднаш била испратена во освојување на Алжир. Како значаен настан за Легијата се одбележува легендарниот судир на хациендата Камерон во Мексико, каде под команда на легендарниот капетан Донжу во нерамноправна борба во јуриш имаат загинато сите легионари. Името на оваа

битка е извезено на знамето на Легијата, а дрвената протеза која капетан Донжу ја носел наместо ампутираната лева рака и ден денес е вредна реликвија на Легијата на странците.

Во Втората светска војна под знамето на Легијата загинале 40.000 луѓе. Веднаш по војната, Легионерите се праќаат на ново војувалиште: во Индокина. Кулминација на војната е битката кај Диен Биен Фу, кога повторно храбро гинат преку 1 500 легионери. По војната во Индокина, во која трагично загинаа 10 000 Легионери, тие веднаш продолжуваат да војуваат во Алжир. По десетгодишно војување, Легијата се повлекува и ги затвора портите на својата касарна Сиди- Бел-Абес во Алжир. Заради големите загуби, како и заради учеството на првиот легионерски падобрански полк во неуспешниот воен бунт против генералот Де Гол во 1961, се сметаше дека Легијата целосно ќе се расформира. Но, таа не само што остана туку се засили и се модернизира.

Најчесто овие единици дејствуваат на африканскиот континент, таму каде има воени судири како во Чад, Сомалија, Руанда, Заир, Габон, Либан, Малагаси... Легионерите учествуваа и во „Пустинската луња", а беа и меѓу првите кои во составот на УНПРОФОР пристигнаа во Босна.[55] Единиците се присутни и на Пацификот и во Јужна Америка(Француска Гвајана).

### *Воена формација и организација на Легијата*

Легијата, денес, е составена од неколку полкови и брои 8.500 луѓе.Формациски Легијата има еден оклопен, еден падобрански, четири пешадиски и два инженериски полка. Исто така, има и една бригада за поддршка. Полковите се составени од чети. Специјализираните чети (за извидување, леснооклопни, за огнена поддршка), сѐ повеќе се форсираат на сметка на пешадиските. Главната база на Легијата се наоѓа на Корзика, а има база и на Југот на Франција, во Обањ, блиску до Марсеј. [56]

Делови на Легијата лоцираат во Џибути, некогашна Француска Сомалија, делови се наоѓаат во Централноафриканската Република, делови на Пацификот и Индискиот Океан (Мадагаскар), во Француска Гвајана и на Тахити.

---

[55] Џамиќ, Д. Ратници из сенке.
[56] Лазански, М. (2002). Командоси. Београд: Књига комерц, 80.

Сите стратегиски и витални објекти, (нуклеарни постројки и бази) подрачја( вселенски полигон) и личности за Република Франција се обезбедени и чувани од страна на Легионерите.

Иако организациско-формациски, Легијата е подведена под Силите за брзи интервенции, таа сепак има свои автохтони карактеристики и организациски специфики.

Првиот полк на Легијата е одговорен за административните работи за целата Легија, а како воена формација е одговорен за обезбедувањето на интерконтиненталните балистички ракети во Платон д Албион.

Вториот полк е лоциран на Корзика и неговите чети се најчето во составот на прекуморските одреди. Третиот полк е во Француска Гвајана, а четвртиот полк е стациониран во Тулуз и има пет чети наменети за обука.

### *Обука*

Во Легијата можат да пристапат сите кои исполнуваат одредени услови и кои ќе потпишат договор за служба на 5 години. Со договорот се обврзуваат да ѝ служат на Франција. На територијата на Франција постојат 20 регрутни ценри за пријава во Легијата. По пробните неколку месеци веќе не се во можност своеволно да ја напуштат Легијата и секое напушатање се смета за дезертерство и најстрого се казнува. Од пријавени 7 кандидати само 6 успеваат да ја минат обуката и да го потпишат договорот. По истекот на одреденото време Легионерите имаат право да потпишат нов договор, што повеќето и го прават. По поминати 15 години во редовите на Легијата тие се здобиваат со право на француско државјанство и на пензија. Затоа што строго се почитува анонимусот на кандидатите, Легијата отсекогаш била прибежиште за криминалци од секаков калибар. Тие кои ќе бидат откриени како тешки криминалци единствено немаат право 7 години да се стекнат со чин на подофицер. Сите имаат право да не го користат вистинското име туку да си одберат друго. На Франција ѝ одговара да одржува ваква платеничка војска бидејќи странците кои го сочинуваат мнозинството во Легијата, можат без претходна расправа во Парламентот, веднаш да бидат упатени за дејство во странска земја.

Обуката во Легијата на странци е макотрпна и комплексна. Се состои од две фази: фаза на основна обука и фаза на специјалистичка обука.Во рок од седум дена по пријавувањето се прават првичните селективни тестирања, разговори и проверки. Одлуката за тоа кој ќе продолжи со обуката ја донесува посебна комисија составена од четири члена: еден санитетлија, еден безбедњак, психолог и искусен трупен офицер. Одбраните кандидати се испраќаат во 4. полк во замокот Кастелнодар за следење на основната обука.

Основната обука трае четири месеци и се засновува на усвојување на основните воени вештини, но и на формирање издржлив и кондициониран воин. Се вежба на тежок планински терен и се практикуваат долги маршеви со целосна воена опрема.

По завршувањето на основната обука се прави селекција и се одредуваат специјалностите, според кои кандидатите се испраќаат во посебни кампови каде продолжуваат со усовршувањето. За најтежок курс во Француската легија се смета курсот за каплари.

### *Падобрански единици*

За потребите на падобранските единици се прави избор од најдобрите легионери. Нивната понатамошна обука е целосно командоска со сите посебности на овие воини. Падобранците имаат и подобар статус и повисоки плати од другите легионери. Вториот падобрански полк е најелитниот дел на Легијата. Главната база му е на Корзика.

Центрите за обука за војување во џунгла се лоцирани во Бразил и во Француска Гвајана. Во овие центри, под исклучително сурови услови се обучуваат и припадниците на американските, холандските и бразилските специјални единици.

Формацијата на вториот падобрански полк е стандардна за вакви единици. Се состои од команда, четири стрелечки чети, чета за извидување и огнена поддршка и штабно-заднинска чета.

Стрелечките чети се следните:чета за ноќни акции, противоклопна борба и дејства во населени места; чета за војување во планински услови во сите сезони; чета за амфибиско-десантни акции на вода и под вода и чета за снајперски акции и диверзии.

Падобранскиот вод на командоси е наменет за изведување падобрански скокови од големи височини, дејствување во длабочина заради извршување на специјални задачи, наведување на авијацијата и артилеријата по противнички цели, собирање разузнавачки податоци, напад на важни цели и објекти. Обучени се и за противтерористичко дејство и ослободување заложници, заробеници, спасување урнати пилоти и слично.

Освен Легионерите, во Француските специјални единици, кои се обучени за секаков вид специјални дејства, со посебен акцент на антитерористичка подготвеност се вбројуваат и единаесеттата падобранска дивизија и специјалните сили на Воената морнарица. Од припадниците на поморските специјалци се издвојуваат Хуберт нуркачите кои со својата обученост и современа опрема можат да се вбројат во светскиот врв. Тоа се врвни нуркачи, подводни диверзанти и борци кои се имаат прекалено во повеќе здружени операции на сојузничките сили. Имаат учествувано во операциите во Либан, Руанда, Нова Каледонија, Ирак, Конго, Албанија, во Босна и Херцеговина и на Косово.

### 4.2. Специјална антитерористичка единица на француската Жандармерија - GIGN

Во седумдесеттите години на минатиот век европскиот континент станува локација на која се случуваат извонредно големи и крвави терористички активности. Убиството на израелските спортисти на Олимпијадата во Минхен 1972 година од страна на палестинските терористи само ги забрзаа започнатите големи преструктуирања во безбедносниот сектор и формирањето на поефикасни сили за справување со современиот тероризам и зачувување на безбедноста на граѓаните.

Француската Жандармерија и пред овој настан имаше извесни специјални сили (ЕКРИ), но во 1973 година званично се формира GIGN (Groupement d' Intervention de la gendarmerie nationale) како прва официјална интервентна антитерористичка единица во Западна Европа. Првобитно оваа единица беше формирана единствено за антитерористичка дејност, но денеска таа покрива широк дијапазон на разновидни активности.

GIGN-специјалците-полицајци се задолжени за разрешување на сите операции кои се означени како високоризични. Освен борба со тероризмот тука спаѓа и ослободувањето на заложници, задушување на затворенички бунтови, апсење на опасни криминалци, како и нивен транспорт и испорачување.

Во почетниот период на формирањето, оваа единица беше поделена на два дела GIGN-1 за Северна Франција и GIGN-2, за акции во Јужна Франција. Во 1976 единиците се преструктуираат и се обединуваат во компактна целина со седиште во Париз. На чело на единицата од нејзиното формирање се наоѓа искусниот Кристјан Пруто, кој во 1982 година добива званична дозвола од претседателот Митеран да се справува со терористите, да води истрага и да ги координира сите антитерористички акции, да ги обезбедува чувствителните инсталации и објекти, вклучувајќи ги и нуклеарните постројки.[57] Една година подоцна GIGN се задолжува и за посебно обезбедување на претседателот, како и за обезбедување на амбасадите во регионите кои се означени за безбедносно ризични како Либан, Алжир, Салвадор.

Од формирањето до денес GIGN имаат изведено безброј акции, од кои голем број за ослободување на заложници од терористи. Со нивна помош се ослободени преку 250 заложници.

### *Организација и формација на единицата*

Антитерористичката единица GIGN е целосно оперативна и спремна за дејствување во рок од 30 минути. Интересно е дека припадниците, заедно со своите семејства се сместени на периферијата на Париз каде што се наоѓаат и полигоните за тренинг и обука. Полигоните се сместени на простор од неколку хектари и се опремени со сите реквизити неопходни за обуката на припадниците. Се практикуваат и вежби до автоматизам слични на оние на Делта одредот и САС командосите во „куќата за убивање". Сите припадници се врвни специјалци. Во однос на боречките вештини, пливањето, алпинизмот, падобранството, нуркањето, како и пукањето од огнено оружје се извежбани до максимум. Бројната состојба на единицата варира, но е во границата до 60 луѓе, организирани во ударни тимови од по дванаесет, плус група за врски и

[57] Џамиќ, Д. (1999). Ратници из сенке. Београд: Таргет.

група за хеликоптерска поддршка. Тимовите се сменуваат по дежурство. Дежурството на една група трае седум дена.

***Обука***

Припадниците на единицата се одбираат од самата Жандармерија и се праќаат на селективни курсеви. Обуката, како и за сите други вакви единици е поделена во фази, во кои се совладува општа и специјалистичка обука. Акцентот во обуката сепак се става на извежбувањето на антитерористичките акции, како што се ослободување на заложници, ликвидирање на терористи и киднапери, мешани акции со поддршка од снајперисти и слично. Нивните акции, како акцијата во Џибути за ослободување на киднапиран школски автобус, акцијата во затворот Клерво, како и акцијата за ослободување на грабнатиот авион на аеродромот во Марсеј ќе останат забележани како школски примери за изведена антитерористичка акција.

## 4.3. Акција на француските Легионери за ослободување на заложници француски државјани, во Заир 1978 година

Од широкиот спектар на дејства за кои се обучени специјалните единици, посебно внимание заслужуваат и акциите и операциите за ослободување и извлекување на цивилни заложници. За жал, војната на новото време, особено тероризмот со сите пресии и суровост што го карактеризираат најчесто се реализира на невино цивилно население, кое доста често служи како залог за остварување на целите на терористите.

Операцијата „Леопард“ која успешно ја изведоа припадници на Француската легија е пример за успешно дејствување на француските специјални единици за извлекување на цивилните заложници на противниците на режимот и заговорниците на превратот во Заир.

Во мај 1978 година побунетите бунтовници во заирската провинција Катанга го заземаа рударското место Колвези во провинцијата Шаба, каде што престојуваа повеќе од 2000 странски државјани кои работеа во Заир.[58] Армијата на претседателот Мобуту не знаеше како да се справи со

[58] Михајловиќ, М., Арсиќ, С. (2005). Специјалне снаге света. Београд: НИЦ „Војска“, 171.

бунтовниците, кои по секоја цена сакаа да го задржат рудникот како важна стратегиска цел. Претседателот Мобуту се обрати до француската влада, која реши заложничката криза во Заир да ја реши со помош на специјалните воени единици. Во акцијата, по наредба на претседателот Жискар Д'стен, беа вклучени 2. легионерски падобрански полк и специјалната падобранска единица со база на Корзика. Интерсно е дека Владата и Легионерите немаа прецизни податоци за бројната состојба на бунтовниците, ниту прецизни податоци за нивните позиции. Сепак, Легионерите се подготвија, во рок од 6 часа за акција по сопствена анализа и импровизација за претстојната операција.[59]

Со транспортни француски авиони Легионерите - падобранци беа префрлени во Киншаса.Таму тие се делат на две групи. Едните се подготвуваа да се десантираат директно во Колвези, а другите, со американски транспортни авиони да се прфрлаат до возилата во Лумумбусу за да пристигнат по копнени правци за дејствување во Колвези.

Десантот е спуштен на повеќе локации во северноисточниот дел од градот. Според проучениот план на градот, Легионерите- падобранци, успешно, со српадни дејства го заземаа средното училиште и ослободија извесен број заложници. Следното утро пристигнаа и преостанатите Легионери и се разви борба со бунтовниците. Секоја чета, од десантираните четири, е задолжена за одреден реон од градот. Околу градот, според планот се лоцирани транспотни авиони за превезување на ослободените заложници.

Со оваа препадна и вешто изведена акција на француските легионери за три дена се ослободени 2.000 заложници и со транспортните авиони се префрлени на побезбедно подрачје. Бунтовниците во Колвези се разбиени и повлечени со огромни загуби. Француските специјални сили имаа загуби од пет припадника, а од спротивната страна останаа 250 убиени и стотина ранети бунтовници.

Оваа акција, времетраењето и бројките на жртвите најексплицитно говорат за ефикасноста на специјалните единици. Во акцијата учествуваа 405 француски легионери, кои иако имаа неколку потешкотии, повеќе од техничка природа, успешно ја изведоа поставената задача. Акцијата во

---

[59] Лазански, М. (2002). Командоси. Београд: Књига Комерц, 28.

Колвези беше тест на снаодливоста, импровизацијата и обученоста на припадниците на 2. падобрански полк и падобранската бригада. На пример, иако не беа обучени за искокнување од американски транспортни авиони и со американски падобрани тие многу брзо и вешто се десантираа во местото на десантот. Ненадејно, брзо и успешно: токму тие принципи на дејствувањето на специјалните единици се остварени во оваа акција.

## 5. Специјални единици на Република Турција

Република Македонија, освен што се стреми да го следи примерот на водечките земји на Алијансата, има и свое непосредно окружување и блиска соработка со одредени земји. Корисно е да се дознае повеќе за специјалните единици на некои соседни земји или земји блиски до нас. За жал за оние кои се најблиску до нашата земја најмалку успеваме да дојдеме до информации.Сепак во овој труд се направени обиди да се изнесат некои податоци.

На пример, Република Македонија има сестрана и отворена соработка со Република Турција.

Република Турција е членка на НАТО и после Соединетите Американски Држави, таа има најбројна војска во состав на НАТО алијансата. Сепак за нејзините специјални единици малку се знае и има малку достапни податоци. Турција има традиција на употреба на елитни единици уште од вемето на Кемал Ататурк. Во 1920 година посебни да кажеме специјални единици беа употребени против грчката армија како и против отпадниците и побунетите етнички популации од Курди и Ерменци.

Специјалните единици во денешна смисла на зборот своите корени ги влечат од првите падобрански единици кои беа обучувани со помош на инструктори од американската војска уште во 1949 г. [60]

Званично, специјалните сили на турската армија се распоредени во Копнената војска и во Воената морнарица.[61] Одредени западни извори тврдат дека во единиците на Копнената војска на Република Турција организациски

---

[60] Bennett, R.M. (2003). Elte Forces. London: 326.

[61] Михајловиќ, М., Арсиќ, С. (2005). Специјалне снаге света. Београд: НИЦ „Војска“, 98.

има распоредено три падобрански бригади и една бригада "командоси - самоубијци, попозната како „Јандара“ бригада и неколку баталјони ренџери. И во Жандармеријата има еден полк командоси и помала група обучена за антитерористички дејства.[62]

За самоубиствената бригада „Јандар“ има многу малку податоци.Се знае дека нејзините припадници се врвно обучени и вооружени со најсовремено оружје, и најчесто се изверзирани за антитерористичка дејност. Се претпоставува дека единицата „Јандар“ е во ранг на чета и дека бројната состојба се движи некаде околу стотина припадници. Сите се специјалисти за борба во урбана средина. Нивниот дух и морал се граничат со фанатизам. Тие се реално подготвени да извршат и самоубиствени акции.

Специјалните единици на турската армија најчесто се користат во граничниот појас со Ирак за преземање енергични акции за справување со курдските сепаратисти. Во тој поглед за нив важи девизата на „слободно дејство“ и во длабочината на ирачката територија, што, најверојатно се покрива со тајни билатерални договори. При вакви акции, најчесто се користат хеликоптери за брзо и препадно дејство на специјалните единици врз базите и логорите на курдските востаници. Во една таква операција, изведена во 1995 на територијата на Северен Ирак и која траела повеќе од 40 дена, учествувале повеќе од 35 илјади елитни воини на турската армија.Поради специфичната конфигурација на теренот (височини над 3.500 метри) и жилавиот отпор на Курдите, потребни се најригорозни методи на обука и избор на припадници на овие елитни единици.

Сепак, најпознати од турските специјалци се „челичните војници“- „Парашуцу – аскер“, како што се нарекуваат припадниците на падобранската бригада. За прв пат за нив се слушна при инвазијата на Кипар во 1974 година.[63] При оваа акција нивните дејства имаа решавачко влијание на настаните на Кипар.

Парашуцу - командосите се препознаваат по специфична маскирна униформа и светлосина беретка, со што се означува нивниот елитен статус. Но, тие често и се преоблекуваат во курдски и ерменски носии, или, пак, во

---

[62] Цамиќ, Д. (1999). Ратници из сенке. Београд: Таргет.

[63] Ибид.

униформите на граничните и полициски единици на соседните држави. Интересно е да се нагласи дека во Парашуцу -командосите не се примаат доброволци, што најчесто е пракса во другите армии, туку по повеќемесечна обука, офицерите самите прават избор на најспособните, кои понатака се испраќаат на обука во падобранската бригада.

Обуката трае четири месеци и се изведува во планински кампови. Таму се работи на формирање на воини со натчовечка психофизичка издржливост и врвна борбена обученост. Една од методите на обука е и постапното привикнување на гладување. Па така по совладувањето на обуката, Парашуцу командосот е подготвен со минимални оброци да живее и работи десет дена и за тоа време да препешачи 240 километри. Би требало да се спомене дека во турската војска не постои дезертерство, а за ваков чин се предвидува и смртна казна. Помеѓу другите начини на казнување на недисциплинираните се издвојуваати физичкото тепање со стапови и затворањето во самица со стаорци.

Освен на психофизичката обука, доста време се минува и на огнената извежбаност. По традиција, за турскиот војник прашање на честа е со првиот куршум да ја погоди метата. Во склоп на обуката е и употребата на странско пешадиско вооружување, особено на она од бившите социјалистички држави (на пример, со „калашњикови“) , кои најчесто ги користат курдските герилци. Во склоп на обуката неминовно е да се знае да се користи ладното оружје (нож, секира, самострел и слично), како и да се води борба „гради в гради“ со голи раце.

По четиримесечна обука се минува на совладување на падобранскиот курс, па на посебен курс за обука во ракување со минско-експлозивни средства, радиоуреди и средствата за врски, возење на моторни возила, дури и управување со хеликоптер. По совладувањето на сите тие активности, војниците се упатуваат во оперативните единици кадешто остануваат до крајот на службата. Освен препадни и диверзантски дејства, овие командоси се извежбани и за извидувачки дејства.

Парашуцу командосите се стационирани долж турските граници, но често пребиваат и на отворен простор, засолнети и камуфлирани, покрај можните патишта за уфрлање на терористи.

Турската армија ги нема материјалните можности и количестството на современо вооружување на елитните единици на САД и Англија, но сепак во воените кругови важи за армија која има жилести, истрајни и добро извежбани борци со висок морал и минимум барања.

За илустрација на нескршливоста на воениот морал на турскиот војник може да се спомене искуството во војната со Кореа, во која од сите заробени сојузнички војници од страна на Севернокорејците, Турците се покажале како „безнадежни случаи" во однос на политичко превоспитување, но и како физички најиздржливи. Имено, ниту еден турски војник не умрел во заробеништво, меѓу нив немало ниту еден доушник или предавник, а ако некој од нив се разболел другите денонoќно бдееле над него.

До слични сознанија за турските војници дојдоа и сите учесници во Мисијата на мирот која се одвива во Авганистан и која има за цел да се справи со тероризмот. Дека не е занемарливо учеството на турските единици во Авганистан покажува податокот дека на чело на здружената команда на меѓународните сили во Авганистан се наоѓаше турскиот генерал мајор Акин Зорлу.

## 5.1. Турските специјални единици во Мисијата на мирот во Авганистан

Во мисијата во Авганистан се испратени елитните бригади на планинските специјални единици. Тоа е засилена планинска чета, која пред да биде испратена во Кабул има поминато посебна дополнителна обука за мировни мисии, која ја организира и спроведува 28. механизирана дивизија на турската армија. Оваа борбена чета на Турските специјални сили во Кабул е распоредена на своите реони за дејство, а борбените возила и потешкото вооружување се доставени со транспортни авиони од составот на Турското воено воздухопловство. Оваа чета, во Кабул беше под директна команда на британскиот англиски кралски полк, и беше задолжена и одговорна за задачи во однос на одржување на безбедноста во реонот Кабул-1. Турците во овој реон стигнаа како замена на 1. баталјон од британскиот падобрански полк.

Четата, која беше во Кабул е составена од команда и приштабска единица, заднински вод, три пешадиски вода и вод за огнена поддршка. Пешадискиот вод е составен од командна секција и три одделенија. Секое

одделение има по 9 луѓе. Придружното одделение за огнена поддршка има три одделенија. Едно одделение за автоматски фрлачки на гранати, едно одделение со минофрлачки и едно одделение тешки митралези со калибар 12,7 мм. Вкупната бројна состојба на единицата е 250 луѓе, кои се вооружени со оружје и од западно и од источно потекло, што ни најмалку не им прави потешкотии на војниците при употребата.[64]

Примарна дејност на специјалната чета на турската армија во Кабул беше обезбедување на мирот и безбедноста на улиците на Кабул. Во однос на настапувањето и дејствувањето на теренот тие се слични со британските САС единици. Дејствуваат во тимови, од кои два се истурени за дејство во различни правци, додека преостанатиот дел од патролата се движи во одредената зона , со што се постигнува максимум присуство на теренот. Лесноооклопеното возило „Отокар“ АПВ , вооружено со митралез 7, 62 мм ја даваше огнената поддршка при ваквите патролирања. Во јуни 2002 година турскиот контингент е зголемен од 250 на 1600 војници, а додадени се и единици за врски, инженерија и заднински служби.Треба да се забележи дека во рамките на турскиот контингент кој претстојува на територијта на Авганистан, партиципираа и првите двајца македонски офицери, капетан Зоран Јанев и поручникот Марјан Наков, а подоцна им се придружија уште два офицера на македонската армија.

Во однос на соработката на Република Македонија со Република Турција, која е плодотворна на секое поле, треба да се нагласи дека за потребите на новата единица за специјални намени на АРМ, Република Турција донира еден милион долари за набавка на военотехничка опрема и за други потреби. Исто така, инструктори од турските специјални единици се испратени во Република Македонија заради обука на македонските специјалци. Според изјавите на припадниците на Одредот за специјални намени на Република Македонија, најтешка за совладување им е обуката токму од турските инструктори, затоа што се оди до совладување на вештини кои се на границите на човечката издржливост. Да се надеваме дека македонските специјалци под будното око на инструкторите успешно ќе ја совладаат обуката и ќе застанат во редот со најуспешните.

[64] Ревија Калибар. (2002). Специјале снаге. Београд: посебно издање.

# *III ДЕЛ*

## 6. Специјални сили на Република Грција

Република Грција како членка на Северноатланската алијанса своите вооружени сили ги формира во зависност од сопствените потреби, но и од побарувањата на колективниот безбедносен чадор. Сепак традицијата на специјалните сили влече корени од поодамна. Во текот на Втората светска војна, како и кај другите западноевропски држави, кои се бореа на страната на сојузниците, вакви единици беа формирани од страна на Британците. По завршувањето на Втората светска војна во 1946 година тие единици се официјализираа и званично се нарекуваа Катадромон.[65] Тие се формирани според теркот на САС командосите За време на Граѓанската војна овие единици се именуваа како ЛОК, односно единици за ридска потера и одиграа значајна улога во борбата со Демократската армија на Грција и Славјанскиот народноослободителен фронт на Македонците во Грција[66]. По завршувањето на граѓанската војна во Грција (1946-1948), повеќето специјални единици се расформираат. Единствено, во тој период се одржуваше мала база од вакви сили во Армијата, која, по потреба, можеше да развие, најчесто во случај на војна, командо бригада.

Во 1967 се случува поголема реорганизација на грчката армија и тогаш се формира 1. командо бригада, која, со извесни модификации е задржана и во новата формација. [67]

Првите специјални контратерористички сили се познати под името ЕТА и се чуваат во тајност. Освен овие строго определени и формациско-организациски организирани специјални сили на грчката армија, има и други

---

[65] Терповски, В. (1998). Специјални сили. Скопје: Боми, 98.
[66] Ибид.
[67] Михајловиќ, М., Арсиќ, С. (2003). Специјалне снаге света. Београд: НИЦ Војска, 97.

единици, кои по потреба извршуваат специјални задачи. Такви се и ренџерските единици или првиот командо полк за изведување специјални операции.

Во составот на оклопно-извидувачките единици тоа е оклопно-извидувачкиот полк, кој најчесто извршува специјални задачи од доменот на извидувањето и разузнавањето или се уфрлаат посебни чети од составот на овој полк на територијата на непријателот за извршување извидувачко-диверзантски акции и препади на командни места, радарски станици, центри за врски, заробување ВИП личности и други задачи од доменот на специјалното војување.

Територијалните единици-ТЕА не се чисто специјални единици, но, по потреба, извршуваат и задачи од доменот на специјалното војување.

### 6.1. Динамис катадромон

Специјалните единици на Република Грција (Динамис Катадромон) се формирани за да извршуваат задачи за кои другите воени формации не се обучени и не се во можност да ги извршат. Меѓу другото тука спаѓаат и задачите за непосредна заштита и сигурност на постојниот режим во земјата. Исто така, се ангажираат и во кризни ситуации за брзо заведување ред во државата и пресметки со противниците на режимот. Тие се надлежни и за справување со терористите од секаков профил, попречување и елиминирање на дејствување на диверзантско-субверзувни групи, како и за безбедноста на важните објекти, установи, воени и политички личности. Грчкиот воен врв овие единици неколкупати ги има употребено и за воени провокации на соседните граници. Таков беше случајот од 1992 година кога во периодот на политичката затегнатост со Република Македонија, токму овие единици изведуваа воени вежби „Скок -92'" и „Филипос-92", во близината на границата со Република Македонија. Кога во рамките на вежбата Грците спуштија десант на самата граница со Република Македонија, многу малку фалеше оваа провокација, односно демострацијата на сила да предизвика повратен ефект од македонската страна. Истото сценарио се повтори во кризата со Република Турција околу островот Имија во 1996 година.[68]

[68] Терповски, В. (1998). Специјални сили. Скопје: Боми, 101.

Во случај на воена интервенција или војна која вклучува учество на поголеми воени формации од редовниот состав на грчката армија, овие единици имаат доста битна улога. Припадниците на овие сили често се уфрлаат на непријателската територија за собирање податоци, извидување и изведување диверзии и саботажи. Тие треба да извршат препад на командните места, центрите за врски, ракетните единици, аеродромите , виталните сообраќајници и слично. Откако ќе го заземат важните објекти, нивна задача е да ги држат заземени сè до спојувањето со сопствените сили од предниот крај.

При изведување на воздушен десант најчесто на главниот правец на дејството на здружените единици се ангажираат специјалните единици како главни носители на десантотот кои имаат за цел да ги заземат и држат клучните места во длабочината на непријателот.

Специјалните единици на Република Грција се под директна надлежност на Генералштабот на националната одбрана во чиј состав е Управата за специјалните сили попозната како А-5. На чело на управата е поставен директор. Во Генералштабот на КоВ постои Команда на препадните сили, додека во 1. Армија постои Управа на препадните сили.

Во составот на специјалните единици влегуваат повеќе единици.Тука спаѓаат: 3. дивизија на специјалните единици, 13. амфибиски полк, 32. тенковски баталјон, 480. баталјон за врски. Во склоп на обуката на препадните сили се формирани и повеќе центри за обука на препадните сили, кои званично влегуваат во формацијата на специјалните единици Тоа се центрите за обука во Мегало Пивко и Рентина кај Солун, два центра за скијање во Вермион и Олимп, падобранскиот школски центар во Аспропиргос, центарот за обука на поморските сили во Вотаникон. Третата дивизија на препадните сили ја сочинуваат два препадни полка, два падобрански препадни полка и 32. бригада на морнаричко-десантната пешадија и заднина.

Препадниот полк на специјалните единици се состои од едно заштитно одделение, командна чета, препаден одред, чета за врски, чети за поддршка, еден вод на воена полиција , еден извидувачки вод и заднина.

Падобранско-препадниот полк е составен од команда и заштитно одделение, вод воена полиција, група за врски со авијација, чета за врски, чета за противтенковски ракети, инженериска чета и заднина. Исто така, во склоп на падобранско - препадниот полк влегува командната чета, извидувачкиот

вод, падобранско-препаден одред, батерија минофрлачки од-106 мм., чета бесповлечни топови од 106 мм и санитетски вод.

Командата на третата дивизија на специјалните сили е формирана во 1979 и е непосредно потчинета на ГШ на КоВ, меѓутоа ГШ на НО има исклучително право за нејзина оперативна употреба.

### *Обука*

Првото падобранско училиште во Грција е формирано во 1955 година со инструктори од елитните британски САС единици.Во текот на 1965 година се формирани 1. и 2. падобрански сквадрони, кои влегоа во составот на 2. падобранска бригада.

Да се биде припадник на специјални сили е гордост и чест за секој Грк. Да се стане припадник на овие единици подразбира исполнување на многу услови. Еден од условите е и потеклото, кое се испитува и до десеттото колено. Кандидатите потоа минуваат низ строги медицински и интелектуални и психолошки проверки. Оние кои конкурираат од постојните воени единици мора да приложат и препорака од командантот, а цивилите да достават полициска подобност.

Според доктрината на специјалните единици се препорачува задолжително познавање на еден од јазиците на земјите во кои најчесто се испраќаат на терен припадниците на специјалните единици (македонски, турски, бугарски или албански).

Обуката се изведува на многубројните полигони ширум земјата. За офицерите обуката трае дванаесет месеци,за подофицерите и резервните офицери четири месеци, а за останатите од три до шест месеци.

Основната обука се организира во наставниот центар во Мегало Певко кај Атина.Тука се обучуваат, секои два месеца кандидатите од граѓанството. Обуката е иста како и во наставните центри на пешадијата. По завршувањето на основната обука се врши проверка на знаењата и на физичките способности. Потоа следува тримесечна специјалистичка обука на младите војници во препадните единици, а потоа продолжува обуката со старите војници.

Обуката за припадниците на специјалните сили секаде во светот е сложена, исцрпувачка и со големи психофизички оптоварувања. За грчите специјалци е карактеристично тоа што тие влегуваат во редот на најиндоктринираните во однос на националното чувство, што се постигнува преку моралното и национално воспитување преку кое се создава антимакедонско, антикомунистичко и антиисламско чувство кај припадниците. Преку физичкото воспитување се совладуваат повеќе боречки вештини, пливање, нуркање и употреба на пловни средства, скијање, планинарење и друго. Во обуката се опфатени безбедносно-разузнавачки активности и употреба на огнено и ладно оружје.

Во текот на обуката се прави селекција во која на крајот во редовите на Препадните сили на Република Грција остануваат 70 % од пријавените кадидати.

Офицерите можат да станат припадници на препадните сили по завршувањето на Воената академија. Интересно е да се забележи дека во грчката армија висок офицер не може да се здобие со чин генерал адмирал, доколку не бил припадник на специјалните единици.Обуката за овој профил кадри се одвива во наставниот центар Рентина во близина на Солун.Во останатите центри за обука на препадните сили се одвива настава и обука по специјалности: за диверзанти, за нуркачи, падобранци, за планински единици и слично.Падобранците се обучуваат во центарот Аспропиргос, каде што воедно и се лоцирани двата падобрански полка.

Во почетокот на формирањето на специјалните сили на Грција голем број офицери се обучуваа во Соединетите Американски Држави. Тие, посебно припадниците кои се усовршуваа во Воената морнарица на САД, со враќањето во земјата ги поставија основите на развојот на поморско-диверзантските единици на грчката воена морнарица. Во денешни услови Грција има доста развиени подводно - диверзантска единици на специјалните сили. Единицата со подводни диверзанти е поделена на четири оддела со различна намена: за саботирање и инфилтрација во поморски бази и бродови на непријателот; за извидување и расчистување на теренот за изведување поморски десанти; за елиминирање на важни личности и за антитерористичка дејност на море.Тие се обучуваат според принципите за обука на СЕАЛ тимовите на

Американската воена морнарица, а и вооружувањет ги следи трендовите на американскиот сојузник.

И припадниците на амфибиската единица, на таканаречениот амфибиски командо сквадрон се обучени според сите стандарди за вакви единици. Во 1986 година и двата сквадрони од амфибиските командо единици се влезени во состав на 13. амфибиска командо бригада.

Во рамките на специјалните единици на Грција егзистира и специјална контратерористичка единица ЕТА. Генезата на оваа единица исто така се наоѓа во првите национални контратерористички единици, формирани уште во 1959 година како единици во рангот на извидувачи ЛРРП, единици кои преземаат акции слични на акциите на британските САС единици или ДЕЛТА одредот.

ЕТА се специјалисти, меѓу другото и за контратерористички дејства, директни акции, саботажи, стратегиско извидување, најразновидни разузнавачки. Оваа единица е под превезот на врвна тајна и нејзините акции се се чуваат во строга конспирациј, се знае дека најчесто оперираше на просторот на Република Македонија и другите бившојугословенски држави.

Сепак најважна задача на специјалците од ЕТА е зоната околу границата со Турција, Кипар и оддалечените истурените острови во источниот дел на Егејското Море.Интересно е дека припадниците на оваа специјална единица имаат изведувано здружени вежби и обука со слични единици во рамките на НАТО алијансата, но секогаш одделно од турските единици.

Овие специјалци се обучени за изведување најтешки и сложени борбени задачи во најразлични временски и теренски услови.

Оваа единица има поминато тренинг и со египетската контра-терористичка единица 777 и е обучена и за изведување дејства на Средниот Исток. Во нивната обука и тренинг се вклучува и ридско- планинска борбена обука и преживување во пустина и падобранско-десантни дејства, неконвенци-онална борба, разузнавање, пливање со полна воена опрема, како и подводни акции.

Обуката на припадниците на оваа единица е поделена според специјалностите, па завршните курсеви се одвиваат на различни места. Во рамките на грчката морнарица се одвива курсот за дејства на море и подводни акции. За извидувачки дејства се минува посебен курс во рамките на НАТО

ЛРРП училиште во Германија. Оружјето кое им е на располагање е стандардно за вооружувањето во специјалнит единици на Алијансата.[69]

Бидејќи Грција е земја-членка на Северноатлантската алијанса, специјалните препадни сили на Република Грција повеќепати биле поканувани за изведување на заеднички вежби со силите на други земји - членки на НАТО.

Бидејќи последниве години доста се релаксираа односите на Република Грција со Република Македонија треба да се истакне дека соработката на двете држави на секој план зазема нагорна линија.

Како резултат на трилатералната средба на министрите за одбрана на Грција , Албанија и Македонија, договорена е меѓу другото и заедничка воена вежба на полигонот Криволак, заедничко учество во мировни операции, како и обука на македонските старешини во Центарот за мировни операции во Кукуш. [70]

Во однос на специјалните единици, Грците се ангажираа да дадат се́срдна помош при формирањето на македонската единица за специјални намени преку обука на падобранците.

### *Специјална контратерористичка единица на Полицијата*

Во рамките на Министерството за внатрешни работи, како што најчесто е вообичаено во сите земји, е формирана специјална контратерористичка единицс на Полицијата на Атина (ЕКАМ), но со свои ограноци и подругите поголеми градови во Грција.

Атина како голем светски туристички центар е честа мета на терористичките акции на најразлични терористички организации. Целта на формирањето на овој вод е токму справувањето со се́ поголемиот број терористички напади во Атина и пошироко на територијата на Грција. Единицата брои околу педесетина врвно обучени припадници, добро опремени и подготвени за секаков вид противтерористичка дејност. Секој припадник пред стапувањето во редовите на оваа единица мора да има минато најмалку пет години работа во полициските сили пред да влезе во единицата. Повеќето од припадниците го имаат минато и училиштето за извидувачи во специјалните

[69] Bennett, R.M. (2003). Elite forces. London: 113.
[70] Списание „Одбрана“ комплет 2003.

единици на Армијата, па потоа се праќаат на дообука во полициското контратерористичко училиште.

Припадниците на специјалната полициска единица се обучени и за дејство и при напад на бродови и на воздухоплови, исто како и на автобуси или возови. Мошне често силите на полицијата работат заедно со специјалните сили на Армијата обучени за овој вид активности. Во овие заеднички акции најчесто се ангажираат силите на Третата дивизија на специјалните единици.

## 7. Специјалните единици на Република Албанија

Долго време Република Албанија важеше за најзатворена држава во Европа. Уште од времето на Информбирото таа ги спушти железните завеси на своите граници со соседите, останувајќи му лојална и доследна на режимот на Сталин. Подоцна недовербата на албанското раководство се насочи и кон наследниците на советскиот диктатор, па не оправдувајќи ја желбата на Хрушчов да ги подотвори портите за комуникација со Западниот свет, Албанија се повлече во уште подлабока резигнација, остварувајќи единствено контакти со Народна Република Кина. Република Албанија беше единствена земја од Европа,која беше сојузник на Комунистичка Кина. Кинескиот модел на комунизам вирееше во секоја пора на општествениот и политичкиот живот на Албанија. Војската, нејзината организација, обученост, опрема и вооружување, исто така, беа во доменот на сестраната поддршка од Република Кина. Откако во почетокот на осумдесититте години замре и помошта и поддршката од единствениот сојузник, Народна Република Кина, Република Албанија целосно се затвори во изолираноста на сопствените граници.

Сепак, бурните транзициски раздвижувања во подрачјата на Источна, Југоисточна и Јужна Европа не ја одминаа и Албанија. Комунизмот беше соборен во 1990 година и ја остави државата на беспаќе. Се урна и разгради сѐ што можеше да се урне. Војската се дезорганизира целосно, а за успешна консолидација долго време не можеше да се зборува. Земјата беше во хаос. Социјални немири, вооружени банди кои пљачкосуваа и тероризираа по

целата територија на државата. Речиси целата инфраструктура, опремата и вооружувањето, кои иако со постар датум сепак функционираа, се ограби или се оштети. За Република Албанија може да се каже дека дури во 2000 година успеа да се стабилизира и тоа со огромна поддршка и помош од надвор. Тука, пред сѐ, е доминантна улогата на САД. Улогата на Соединетите Американски Држави е значајна и во спроведувањето на реформите во одбранбено-безбедносниот систем. На сличен начин како и Република Македонија и Република Албанија е во забрзани подготовки и трансформации за прием во Алијансата.

Реформите на вооружените сили на Република Албанија се опфатени со проектот „Објективна сила 2010", во кој се оди на западен модел на формирање на одбранбените структури. Според новиот концепт на реформираната албанска армија ударна сила на албанската армија е копнената војска, која брои околу 8.300 војници. Таа е организирана во две бригади и два баталјона. Тоа се бригадата за брза реакција и инженериската бригада и баталјонот на воената полиција и баталјонит на специјалните единици. Во бригадата за брза реакција постои посебна единица која партиципира во меѓународните мировни мисии под водство на НАТО и Обединетото Кралство Велика Британија и влегува во состав на Мултинационалната бригада на Југоисточна Европа (СЕЕБРИГ). Значи оваа бригада, односно оваа пешадиска чета за мировни операции, доаѓа како албански пандан на нашите „Скорпии". Тие тоа и го покажаа при заедничкото извежбување на Криволак во март 2003 година, на вежбата „Соседски зафат" 2003.

### 7.1. Командо - бригада на Република Албанија

Како и во секоја новосоздадена држава која се стреми да го фати чекорот со постарите членки на НАТО и во Република Албанија се става акцентот врз формирањето на специјални сили, кои ќе бидат стожерот на професионализмот и ефективноста на новата армија. Тие сили се малку по број но посебно избрани и формирани да бидат со голема офанзивна и ударна моќ. И порано во албанската армија постоеше извесна командо бригада, но со немирите кои ја зафатија земјата во 1997 година, овие единици се расформираа. Новиот баталјон е формиран кон крајот на 1998 година.

Опремувањето на новите единици беше од странско, пред сè турско и италијанско производство. Од создавањето до денес овој баталјон на албанската армија може да се пофали со многубројни успеси и признанија. Основните задачи за кои и се формираат вакви единици, посебно во денешни услови е борбата со тероризмот и организираниот криминал кои се дефинирани како најголеми ризици за безбедоста на државата, се извршуваат со максимални залагања. Извесен број специјалци од редовите на албанскиот командо баталјон се вклучени во мисијата СФОР во Босна и Херцеговина и во составот на меѓународните мировни мисии во Авганистан, Грузија и во Ирак.

Базата на овој баталјон се наоѓа во местото Зал-Хер во Тирана, а често овој баталјон лоцира и на хеликоптерската воздухопловна база Фарка, јужно од Тирана.[71]

Припадниците на Командо бригадата се организирани и обучувани под будното око на инструкторите од специјалните единици на Соединетите Американски Држави, како и од инструктори од специјалните единици на Република Турција.

Бидејќи Република Албанија во однос на геополитичкото значење, има важна стратегиска позиција со излезот на Јадранското Море и обезбедувањето на Отранската врата, логочно е дека ќе се оди и на обука и на специјални единици во склоп на Воената морнарица. веќе постои мала единица од поморски специјалци кои освен што се обучуваат за сласични поморски и диверзантски дејства се обучени и за посебни контратерористички дејства на море.

Иако Република Албанија е мала држава со скроми економски потенцијали, таа е целосно зафатена со спроведувањето на успешни воени реформи и смета на скорешно зачленување во НАТО. Со оглед дека земјата претставува територија означена како земја со висока инволвираност во меѓународниот криминал во однос на шверцот со оружје и дрога, како и трговија со бело робје и земја во која пребиваат и терористи од различен профил, се оди на тоа безбедносниот сектор, како и државата во целина да изградат солидна стратегија и доволно специјални единици обучени за справување со секаков вид современи асиметрични и друг вид безбедносни закани.

---

71 Bennet, R. (2003). Elite Forces. London: Virgin Books Ltd, 3.

Војската на Република Албанија со своите специјални единици , со учеството во мисиите на мирот, како и со изведувањето заеднички вежби со специјалните единици на Република Македонија и други држави од окружувањето целосно се стреми да ги достигне НАТО стандардите за прием во Алијансата.

### 7.2. Специјални единици на Министерството за јавен ред

Република Албанија долги години важеше за полициска држава со таталитарен полициски систем и разузнавачка мрежа инволвирана во секој сегмент од државата. Долго време новата држава мачеше мака со бившите припадници на Сигурими, како и за изнаоѓање вистински модел за трансформација на државните институции за јавен ред и мир. Денешното Министерство за јавен ред долго време само фиктивно ги преименуваше бившите полициски состави. Но во последниот период се работи на подетална и сеопфатна промена на структурите на ова Министерство. И во редовите на специјалните полициски единици се забележува квалитетна реорганизација, која се одвива од 2001 година навака .

Денес во Министерството за јавен ред на Република Албанија постои Централна управа за специјалните сили и на силите за брза интервенција. Исто така е создаден и посебен Сектор за борба против организираниот криминал, кој е голема закана за Република Албанија.

Под јурисдикција на Управата за специјални сили и силите за брза интервенција се наоѓаат девет елитни полициски единици, лоцирани ширум територијата на Република Албанија. Една од нив со посебно име РЕНЕА е задолжена за безбедноста на главнот град Тирана. Други две специјални единици на Полицијата се обучени за пресретнување, неутрализирање и апсење на вооружени лица, терористи и криминалци.

РЕНЕА ( Reparti i Eleminimit dhe Neutralizimit te Elementit te Armatosur ) е прва контратерористичка единица на Република Албанија. Таа е формирана уште во ноември 1991 година под шифра „88“ и беше ставена во надлежност на министерството за внатрешни работи. Од 2000 година целосно е реформирана.Таа се состои од две единици во јачина на вод, кои се тренирани од инструктори од италијанската регуларна полиција, а не од специјалците на

NOCS. Оружјето кое го користат, исто така повеќе е со италијанско потекло, а заштитните одела се од израелско потекло.Се оди на уште посолидна обука и опремување на оваа единица, која е планирана да биде една од основните контратерористички единици во Европа.[72]

Друга контратерористичка полициска единица на Република Албанија е РОС (Reparti i Operative Speciale). Оваа единица е обучувана од посебни инструктори од британските САС единици. Формирана е во февруари 2000 година под шифра „77". И оваа единица е во надлежност на Министерството за јавен ред и базира во Драч.Таа извршува разузнавачки работи и првенствено е наменета за справување со „државните непријатели". Тие употребуваат оружје и од западно и од источно потекло, што е и специфично за формациите на Република Албанија. Обуката на овие специјалци е исклучително риготозна и селективна.

Shiponjat (Орли) е најнова полициска антитерористичка единица во склоп на силите за брза интервенција.

Во врска со единиците за брза интервенција на Министерството за јавен ред треба да се спомене дека припадниците на овие единици се регрутираат од редовниот состав на полицијата и потоа се испраќаат на дополнителна специјалистичка обука. Овие специјалци се обучуваат за справување со најтешки облици на организиран криминал и друг вид криминални дејствија, како и смирување бунтови по затворите, обезбедување транспорт на пари и слично.

Бидејќи територијата на Република Албанија е сé уште во редот на помалку сигурните држави во однос на стапката на криминалот и дејствувањето на терористичките групи и други криминални банди, честопати овие специјални сили работат здружено и во заеднички акции.

За школување на полициски кадар во Тирана постои полициска акедемија, а се практикува и школување на кадар во странство.

Од вооружувањето специјалните единици на Република Албанија најчесто користат лично вооружување од кинеско, советско, и италијанско потекло. [73]

---

[72] Bennett, R.M. Elite Forces. 3.
[73] Податоците за специјалните единици на Р. Албанија се добиени од Игор Божиновски соработник во списанието „Одбрана".

## 8. Специјалните единици Војската на Заедницата Србија и Црна Гора

Трагичните настани што веќе подолго време го следат нашиот северен сосед, неможноста да се стабилизира државата и да се пронајде вистинскиот модус за остварување на сите функции на државата се надеваме дека ќе бидат надминати и новата заедница ќе ја пронајде вистинската насочница за сестран модерен и демократски развој. Формирана на солидна база наследена од ЈНА, Војската на Србија и Црна Гора, за жал, повеќе години се прекалуваше во вистински воени дејствија.

По распаѓањето на СФРЈ, СРЈ во својата војска формираше покрупни специјални единици. Исто така, и во рамките на МУП на СРЈ се формираше специјална бригада, која беше целосно ангажирана на Косово.

Во војската на СРЈ, под непосредна команда на ГШ на Војската на Југославија се формираше Корпус на специјални сили, чија команда и една бригада беа сместени во Белград, втората бригада беше лоцирана во Панчево, а третата бригада беше во Ниш. Корпусот е формиран во август 1992 година. Основата за формирање на корпусот беше гардиската бригада од Белград, 63. падобранска бригада од Ниш и диверзантскиот одред од Панчево. Корпусот се состоеше од команда на Корпусот, баталјон за врски, баталјон на воената полиција, 72. специјална бригада, 63 падобранска бригада и заднина. Со оглед дека бурни настани и војна беа составен дел од реалноста на нашиот северен сосед овие единици се видоизменуваа и прекалуваа во борбените и друг вид дејствија.

Корпусот на специјалните сили е укинат, а со најновите политички промени и некои специјални единици се укинати или видоизменети. Со посебен договор, потпишан од сојузните и републичките власти, во присуство на високиот претставник на Европската унија, Хавиер Солана беа утврдени основните начела и принципи врз кои ќе се засновува Уставната повелба на државната заедница на Србија и Црна Гора. Преуредувањето на односите помеѓу Србија и Црна Гора започна во април 2002. Званично, СРЈ престана да постои со стапувањето на сила на уставната повелба, со која сите права и

обврски на поранешната СРЈ се пренесени на државаната заедница Србија и Црна Гора.Со оваа повелба се промени и називот на Војската на Југославија во Војска на Србија и Црна Гора, со која командува Врховен совет кој сите одлуки ќе ги донесува со консензус. Со оглед дека во текот на изминатиот период од постоењето на Војската на Југославија се случија многу немили настани, од учествувањето во војни, преку многубројни воени, финансиски и друг вид афери, апсењето на Слободан Милошевиќ, сè до убиството на премиерот Ѓинѓиќ и најновите немири на Косово во март 2004, јасно е дека на Војската на Србија и Црна Гора допрва ѝ претстојат реорганизации и кадровски промени. Сепак, би требало да се претставаат единиците за специјални намени кои ја претставуваа Армијата на нашиот северен сосед, затоа што и Војската на поранешната СФРЈ, во која се наоѓаат основите на современите специјални единици беше армија со реноме. Моментално и пошироката светска јавност е доста заинтересирана за насоката која ќе ја заземе реформата на вооружените сили на Војската на Србија и Црна Гора. Посебно се следи реорганизацијата на специјалните единици и воената индустрија. И Србија и Црна Гора сметаат и се надеваат на прием во евроатлантските интеграции. Исто така, освен членството во „Партнерството за мир“, големи се надежите за поддршка од САД, а како залог на оваа поддршка ветено е поголем број војници од Србија и Црна Гора да учествуваат како поддршка на американските војници во Ирак и Авганистан. За таа цел се прават детални анализи на специјалните единици на Војската на СЦГ и МУП на Србија. Конкретно се анализираат 72. специјална бригада и посебно нејзината прва чета, таканаречените „Соколи“, 63. падобранска бригада, антитерористичкиот одред Кобри, 82. поморско-диверзантски единици „Морски лисици“, како и полициската антитерористичка единица САЈ, и Жандармеријата, во чиј состав влегува посебен антитерористички одред ПТЈ. Единицата за специјални операции СЈО е распуштена, откако е утврдена инволвираност на извесни нејзини припадници во атентатот на Ѓинѓиќ.

И во војската на нашиот сосед се очекуваат големи рестрикции и структурни промени. Во оклопните и артилериски единици се планира висок процент на рестрикција. Во службата за безбедност и разузнавање веќе се во тек фундаментални промени, што секако ќе се одрази и врз постојиот состав на специјалните единици. Процентуално сегашниот број на припадници во

специјалните единици е на задоволително ниво, но квалитативно ќе се изведуваат промени и усовршувања. Особено ќе треба да се води сметка да не се дуплираат единиците, особено оние кои се подведуваат под епитетот антитерористички. Треба да се спомене дека западните сојузници се мошне заинтересирани за воената индустрија, која е развиена во СЦГ на завидно ниво. За бившите ЈУ републики кои во времето на СФРЈ беа во интегриран систем на военото производство, а тука се вклопува и Република Македонија е интересно дека се можни обновувања на соработката.

Во моментот военото и политичко раководство на Србија и Црна Гора треба да се справи со неколку битни елементи за правилно да ги инплементира сопствените ресурси од специјални сили во современите стандарди. Пред сé, потребно е припадниците да го совладаат англискиот јазик, особено повисокиот команден кадар е на ниско ниво на владеење со англискиот јазик. Во однос на опремата и техниката, особено се чувствува потреба од современи средства за врски и комуникација. Информатичката едукација , исто така не е на потребното ниво. Командниот кадар ќе треба да се оспособи да биде по теркот на лидерите на западните армии. Легислативата и нормативата треба да се докоординира. Во однос на современата и нова опрема, оружје и возила предничат полициските единици. Исто така, треба да се почитуваат и меѓународните обврски и единиците да се приспособат за партиципација во мултиетнички состави и за здружено дејство.

Кога би се правела аналогија со врвните светски антитерористички единици, посебен акцент ќе треба да се стави на антитерористичката единица „Кобри“, која е формирана по углед на британските САС единици. Акцентот треба да се постави на спречувањето на ширењето на меѓународниот и тероризмот од секаков вид, како и трговијата со дрога, оружје и луѓе, и пролиферацијата на недозволеното оружје за масовно уништување. Со оглед дека организираниот криминал е во пораст и дека територијата на СЦГ е транзит за најголемиот број шверцерски канали од Исток кон Запад и обратно доста ќе се смета на ефикасноста на овие единици и тоа за интернационални потреби.

Во врска со внатрешната стабилност и сé уште жешките и несмирени региони на државата се смета на присуството на Жандармеријата во подрачјата на Југоисточна Србија. Припадниците на Жандармеријата се

обучени по посебна програма за дејствување на таков терен и флексибилно реагирање на појавените проблеми и спроведување на законите.

Во овој труд ќе бидат претставени најпознатите воени и полициски специјални единици на Србија и Црна гора.

### 8.1. 63. падобранска бригада

Падобранските единици важат за едни од најелитните во секоја армија. Военото искуство на 63. падобранска бригада на војската на СРЈ сигурно дека ќе продолжи да се развива и со новата формација на Војската на Србија и Црна Гора.

Историски разгледувани, падобранските единици кај нашиот северен сосед датираат уште од времето на Кралството Југославија. Во Панчево, а подоцна во Нови Сад постоела Падобранска школа. Втората светска војна и капитулацијата на Југославија го означуваат крајот на ваквите единици. Сепак, бидејќи во текот на војната е согледана потребата од вакви единици, со помош на сојузнички инструктори во Италија во 1944 година започнува обука на 200 југословенски партизани за падобранско-диверзантски акции. Така е формиран првиот падобрански баталјон, кој по пристугнувањето во Белград станува составен дел на Военото воздухопловство и има задача да ги обезбедува аеродромите во Земун и фабриката за оружје во Инѓија. По војната овој Прв падобрански баталјон се расформира, а дел од кадарот се испраќа на дообучување во првата класа на пилотската школа во Панчево, а другиот дел од кадарот станува основа за формирање на нова и посилна падобранска единица. Со текот на времето овие формации се развиваат и видоизменуваат. Во 1952 година со поделба на поголема падобранска единица се формира 63. падобрански баталјон, а во 1953 прераснува во 63. падобранска бригада. Подоцна и оваа бригада се расформира и од неа произлегуваат три самостојни падобрански баталјона. Генезата на 63. падобранска бригада е од составот на овие единици, односно во 1967 од 159. и од 127. падобрански баталјон и од кадарот произлезен од Падобранскиот наставен центар.[74]

63. падобранска бригада има свој командант кој ги координира сите нејзини активности. Во составот на 63. падобранска бригада влегуваат:

[74] Лазански, М. (2002). Командоси. Београд: Книга-комерц, 196.

командата на бригадата, падобранско-диверзантски чети,падобранско анти-терористичка чета, наставен вод за одржување на падобранита, заднински баталјон, чета за врски. падобранско-извидувачки чети и вод за одржување на падобраните. оваа формација, со оглед на сѐ побрзите и големи промени во армијата сигурно дека веќе има одредени модификации.

Обуката на падобранските единици е доста тешка, специфична и сложена и се дели на општа, падобранска и специјалистичка. Општата обука ги опфаќа основните воени вештини и знаења: ракување со оружје, тактички дејства и постапки на војникот и единицата во борба, инженериска и ПХНБ обука и здобивање физичка кондиција.

Падобранската обука се дели на основна, виша и инструкторска. Одреден број војници минува и специјалистички курсеви за одделни должности. Со самото започнување на борбените дејства во 1991 па сѐ до денес оваа единица е секогаш во постојана борбена готовност. Освен за обезбедување на аеродромите, оваа бригада за сето време на НАТО акцијата против Србија учествуваше во директни диверзантски и друг вид акции на територијата на Косово и се справуваше со терористите на ОВК од Косово, но и со оние кои се инфилтрираа од Албанија. Граничните караули на Српско-Албанската граница се бранеа токму со сесрдната пожртвуваност на припадниците на 63. падобранска бригада.

Составот на бригадата е полупрофесионален, односно се состои од војници на отслужување на воениот рок и професионални војници, кои се носители на основната борбена сила на единицата.Во просек, за една година оваа бригада обучува три генерации војници

За изведување на специјални задачи во задницата на непријателот се обучени посебни единици на специјалните сили. Тие се составени исклучиво од војници по договор и професионални војници. Изборот е строго селективен. Само 20 до 30 % од пријавените кандидати ги минува сите тестови. Оние што ќе поминат продолжуваат со коплетен командоски третман во траење од речиси две години.

## 8.2. 72. специјална бригада

Како повеќенаменска специјална единица, оваа бригада за време на постоењето на посебниот Корпус на специјалните сили беше употребувана за извршување повеќе видови дејствија од спектарот на дејствијата на специјалното војување. Таа извршуваше извидувачко-диверзантски, јуришни, антитерористички и други специјални задачи.Во оваа бригада повеќето припадници се офицери и подофицери и војници по договор. Селекцијата е доста строга, па така припадниците на оваа бригада се навистина најдобрите.Базата на оваа бригада се наоѓаше во сопствени објекти на Авала. Но со бомбардирањето на Југославија во 1999 година сите објекти беа разурнати, така што денес оваа бригада е лоцирана во Панчево. И припадниците на оваа бригада особено се истакнаа за време на воената кампања во 1999 година на Косово. Пред сé како единица обучена за специјално војување, тие извршија поголем број акции во заднината на непријателот.

Според организацијата и формацијата 72. падобранка бригада е наменета за извршување офанзивни дејства, најчесто во заднината на непријателот, но и за борба со уфрлени непријателски сили. Во согласнос со видот на задачите е направена и поделбата во структурата на бригадата. Припадниците на 72. падобранска бригада се распоредени за извршување: извидувачко-диверзантски, препадни и антитерористички дејства.

Во рамките на 72. специјална бригада постои и антитерористичка група „Соколи", која е наменета за најтешките задачи, за борба против терористи и ослободување на заложници од згради, авиони, возови и други објекти, како и за борба со против диверзантско-терористички групи. Организирани се во мали тимови од по неколку луѓе, што се практикува во вакви единици. Сите припадници се професионалци и со офицерски чинови. Луѓето поделени во тимови меѓу себе комуницираат со посебни прекари. Повеќето од нив се и врвни спортисти и мајстори на боречките вештини. Самата организација на Соколите е типична за антитерористичките единици. На тој начин се постигнува поголема мобилност, координација и брзина на дејствување. Обуката има акцент на антитерористичката обука , но и на класична падобранска обука, особено усовршување на ХАЛО и ХАХО искокнувањата.

Интересно е дека во однос на обучувањето „Соколите“ се во чекор со современите тенденции во обуката на специјалните единици, па се обучуваат за офанзивни компјутерски операции. Тие се модерните Сајбер воини на Војската на Србија и Црна Гора.[75] Втората фаза на обуката содржи и класични стилови на копнено војување и совладување на тактиката на употреба на мали командо единици и тимови. Во оваа фаза се усвојуваат и други знаења во однос на вооружувањето и анализата на сите современи специјални единици. Голем процент од пријавените кандидати не успева да ја заврши обуката. Во „Соколите“ влегуваат најдобрите и најспособните. Вооружувањето и опремата им се најсофистицирани и модерни. При стапување во акција задолжително се маскираат со црна фантомка. Користат оружје од домашно, но и од странско потекло.

Организациски се групирани во основни борбени тимови. Тимот се состои од предводник-командант и три командоси. За разлика од повеќето светски антитерористички единици, чија првенствена намена е справување со тероризмот во рамките на урбани и најчесто полициски акции, “Соколите” се обучени за најкомлицирани и најразновидни дејства од досегот на специјалното војување. Тие дејствуваат и во урбани средини, но и се подготвени за дејство од хеликоптер, автомобил во движење, планински терени им шумски терени.

### 8.3. Антитерористичка единица „Кобри“

Оваа единица, во рамките на бившата ЈНА е формирана во 1978 година како антитерористичко одделение, а 1983 се видоизменува во против-терористички вод во состав на гардиската бригада. „Кобрите“ имаат за цел да вршат обезбедување на важни личности и да изведуваат антитерористички акции. Всушност, тие настапуваат тогаш кога ситуацијата е означена како високоризична и со тешки последици.

Кобрите се најпознатат командо-група на нашиот северен сосед.Со нив едно време директно командуваше началникот на Генералштабот, а подоцна беа ставени во надлежност на началникот на Управата на воената безбедност. Нивниот идентитет како специјална командо единица долго време се држеше

[75] Лазански, М. (2002). Командоси. Београд: Књига-комерц, 200.

во тајност. За првпат се покажаа на светлото на денот во специјалните задачи за време на војната во 1991 и 1992 година и подоцна. Се истакнаа и во акции за време на воената интервенција во 1999 година. (соборувањето на американскиот невидлив Ф-117)[76] Слично на британските САС единици, Кобрите не сакаат публицитет, па нивниот идентитет и преземените акции тешко се обелоденуваат. Нивното мото е мотото на сите антитерористички единци:брзина, изненадување, успех.....

Бројната состојба е исто така тајна, но се претпоставува дека се движи од 30 до 40 високи професионалци во состојба на постојано дежурство. Припадниците се во постојана врска со својата команда, а времето за собирање во полна воена спрема е од 15 до 30 минути. Припадниците на Кобрите се најобучени меѓу обучените. Тие се најдобрите стрелци во Армијата. Интересно е дека во Кобрите влегуваат луѓе со различна специјалност, а целта на обуката е да се совладаат повеќе активност до автоматизам, па секој да може да го замени другиот. Ова значи дека Кобрите се еден вид суперспецијалци обучени за повеќе должности.

Обуката е посебно тешка и селективна. Се изведува обука со „зголемен ризик" и многу блиска до реалните услови. Физичкото кондиционирање, маршевите и обуката од одредени спортски активности е обемна и исцрпувачка. Посебно се обрнува внимание на обуката за преживување во природа, ориентација, движење по карта и слично. Во однос на огнената обука интересно е дека секој припадник на специјалната антитерористичка единица „Кобри" е должен секој ден да вежба симулирано гаѓање во главата на терорист  од Колт со калибар од 45 мм, четири часа дневно. Кандидатот, освен што треба да е воен старешина треба и да има поминато барем две години во трупа и да бил на должност командир на одделение или вод на Воената полиција. Обуката е сеопфатна и селективна. Завршното тестирање се изведува по деветмесечна обука и само оние кои ќе ги исполнат сите критериуми остануваат во водот во кој можат да работат единстевено до 35 година од животот. Обуката со вакви припадници секогаш се базира и на индивидуалноста и на колективна, најчесто тимска работа. Припадникот треба

---

[76] Лазански, М. (2002). Командоси. Београд: Књига-комерц, 206.

да има иницијатива, креативност и висока интелигенција, но и чувство за колективност и пожртвуваност за другите.

За вакви единици во сите армии се користи секогаш најновото и најсофистицирани лично вооружување, дополнителни помагала и опрема.

Бидејќи Србија и Црна Гора поседуваат и воена морнарица лоцирана на Јадранскиот брег, како и речна воена флота по речните текови, канали и езера треба да се споменат и поморските и речните диверзани како посебно обучени и елитни едини. Тие се организирани по углед на американските СЕАЛ тимови и се користат за диверзантски, противдиверзантски, извидувачки и противмински акции. Специјалните нуркачки единици на Војската на Србија и Црна Гора се опремени со современа нуркачка опрема и подводни превозни средства.

Во составот на бившата армија на СФРЈ за првпат со обука на подводни нуркачки и дивезантски сили се започна некаде во шеесеттите години, во касарната во Тиват. Подоцна поради посовремени услови за обука на нуркачи - диверзанти центарот за обука е дислоциран во Пула , па во Трогир. За време на ЈНА, југословенските морнарички командоси важеа за најобучени на Медитеранот.За да се влезе во состав на 82 поморско-диверзантски дивизион требаше да се совладаат строги критериуми и обука. Обуката се состоеше од маршеви, нуркање, пливање, стрелање од огнено оружје, подводни диверзии, скокање со падобран... Во единицата влегуваа офицери, подофицери, но и војници на отслужување на воениот рок.Првично, во седумдесеттите години поморските диверзанти беа користени како подводно обезбедување на бродот на претседателот Тито при неговите поризични патувања со брод.

82. поморски дивизион организациско-формациски се состоеше од команда, дивизион од поморски диверзанти, наставен дивизион, одред од пловни средства, вод за техничко одржување, одделение за врски и посебен полигон за обука.

Војната од 1991 година, го намали бројот на кадарот и опремата. Сепак голем дел од опремата од Хрватска е префрлен во Бока Которска.Оваа војна и организациско-формациски ги преструктуира овие единици. Од 1993 година се продолжува со обука за оваа специјалност. Денеска поморските диверзанти на 82. морски дивизион се во надлежност на корпусот на Воената морнарица. Во склоп на обуката на поморските диверзанти е опфатена и друг вид обука за

специјални единици. Тие освен што се обучени за подводни диверзантски акции врз бродови и пристаништа, се обучени и за акции за уфрлање во задницата на непријателот со помош на хеликоптери и подморници. Исто така изверзирани се и за боречки вештини и престој во сурови услови, употреба на огнено и ладно оружје и минско-експлозивни средства

### 8.4. Специјални полициски антитерористички единици на Заедницата Србија и Црна Гора

Во рамките на Министерството за внатрешни работи на Србија уште пред дваесет години е формирана специјална антитерористичка единица САЈ.

Поточно на 18 декември 1978 година, во рамките на тогашниот републички СУП. Оттогаш па до денес оваа единица за антитерористичка дејност повеќепати ја има менувано својата организација, но секогаш беше на врвот по обученоста и истренираноста за извршување задачи од нејзин делокруг. За разлика од другите антитерористички единици кои се во составот на воените формации, намената на оваа единица е најчесто за дејствување во урбани средини. Најчесто нивна задача е да се справат со опасни криминалци, дејство во случај на грабнување авион или акции во кои се вклучени заложници. Припадниците на оваа единица се вклучени во обезбедувањето на западните амбасади во Белград. Оваа единица учествуваше и во операцијата „Сабја“, во која се апсеа и пронаоѓаа припадниците на Земунскиот клан и сите останати вмешани во атентатот на премиерот Ѓинѓиќ. Припадниците на оваа единица се релативно млади луѓе кои се одбираат од редовите на Полицијата и од специјалното средно училиште за безбедност во Сремска Каменица. Сите се јавуваат доброволно и започнуваат со совладување на посебно прилагодена обука само за припадници на ваков вид специјални сили. Обуката е доста обемна и селективна. По завршувањето на обуката во траење од една година во која се одредуваат за специјалностите, припадниците во времетраење од три до четири години одат на задачи само како набљудувачи и како испомош во акциите ако затреба. Формирањето на вистински САЈ специјалец подразбира и општо образование на високо ниво, па се обрнува доста внимание и на изучувањето на странските јазици, културата, правото, политиката и историјата. Особено во последно време се проучува и тероризмот во светски

димензии и антитерористичките единици ва елитните светски армии и полиции. Дури после овој временски период, во кој исто така интензивно, до автоматизам ги извежбуваат должностите, кандидатите стануваат вистински специјалци. Извршувањето на акциите во времетраење се мери со секунди и со штоперица. Откако ќе ги исполнат условите во секој поглед припадниците влегуваат во одреден тим и добиваат професионално, борбено име(прекар). Припадниците на овие единици се строго специјализирани за антитерористичка борба во урбани средини, ослободување на заложници, обезбедување ВИП личности и друг вид акции. Припадниците на антитерористичките единици се делат по специјалности. Така има група специјалци за експлозиви, група за блиска борба, група снајперисти, падобранци, нуркачи, хемичари водачи на кучиња. Некои од припадниците на единиците се бивши прваци во одредени спортски дисциплини. Сите се одлични стрелци, за што зборуваат и високите места во светски ранг на натпреварување.

Структурата на Специјалната антитерористичка единица денеска е составена од команда и тимови (А, Б, Ц, и Д), а логистички имаат и техничка служба.Борбените тимови се состојат од четири припадника, од кои еден е предводник.

Во однос на вооружувањето најмогу се користат пиштоли од најразновидно потекло, револвери, автоматски пушки, снајперки и друго.

Единицата располага со доволен број возила од најсовремено производство, американски Хамери и руски УАЗ теренски возила, како и ескадрила од хеликоптери.

Решението на проблемите на Југоистокот на земјата се пронајде во формирањето на Жандармеријата која е посебно обучена и подготвена за справување со проблеми од тој вид, а во нејзини рамки за антитерористички акции се смета на дејствувањето на нејзиниот посебен одред ПТЈ. Формирањето на Жандармеријата не е новина на овој простор. Таа постоеше во рамките на полицијата на Кралството Југославија сѐ до Втората светска војна. Спред теркот на неколку европски земји, кои имаат позитивни искуства со одржувањето на вакви маневарски полициски сили функционира и Жандармеријата на нашиот северен сосед, Во неа влегуваат најобучените и најискусни припадници на Полицијата. Во нејзин домен е дејствувањето против терористите од секаков калибар, спречување и задушување затворски

бунтови, апсење и спроведување на опасни криминалци, спречување на нарушувањето на мирот и безбедноста во поголем обем, обезбедување на јавните настапи, спортски натпревари, давање помош на населението во случај на општа опасност и отстранување на последиците од елементарните непогоди. Споредувајќи ги наброените активност со активностите на Француската и Австриската жандармерија или со задачите на Италијанските карабињери очигледно е поклопувањето во многу одредени задачи и активности. Значи Жандармеријата е сосема независна формација со сопствена логистика од лекари, готвачи, механичари и слично. Со нејзината издвоеност и самостојност се овозможува зголемена оперативност и мобилност на целата територија и зголемена ефективност.

### 8.5. Операција на специјалните единици на СФРЈ во Чаплина во 1992

Повеќе од десет години се изминати од трагичните настани што се случија на територијата на бившата СФРЈ. Војната, за која и не сонувавме дека може да стане дел, од нашата реалност се случи и заврши. Историјата и Меѓународниот суд ќе покажат кој беше виновникот, кој победникот, а кој победениот. Факт е дека многу невини животи завршија во виорот на војната, а многу семејства останаа без своите домови во егзодусите кои по кој знае кој пат се случија на Балканот. Бившата ЈНА како инструмент на аспирациска политика на одредена клика на власт не успеваше најдобро да се справи со поставените задачи. Довчерашната мултинационална и сенародна армија беше ставена во ситуација да се бори со сопствениот народ. Но, било како било во текот на војната од 1991 и 1992 година на просторите на бившата СФРЈ извесни акции на припадниците на ЈНА заслужуваат да се споменат во сите светски анали како примери за успешни изведени хуманитарни акции и операции, кои најчесто ги изведуваа токму специјалните единици: падобранците, извидувачите и диверзантите, како и воено-полициските единици. Најсоодветно, во тој контекст и во нашиот контекст за акциите на специјалните единици би требало да се прикаже акцијата на падобранските единици на ЈНА за евакуација на војниците, персоналот и цивилите од гарнизонот во Чаплина во Босна и Херцеговина.

Акцијата започна на 23 април 1992 година и ѝ беше доверена на 63. бригада на Военото воздухопловство на ЈНА. Сите припадници на 63. бригада требаше со осум авиони Ми-8 да тргнат од касарната во Мостар и да се спуштат во Чаплина. Деветтиот хеликоптер беше планиран за поддршка и тој остана да лебди во воздухот. Во секој хеликоптер беше сместена посада од 2 пилота и еден механичар и беа распоредени 25 падобранци[77]. Сите учесници во акцијата беа доброволци. Во касарната се спуштја осум хеликоптери и 16 падобранци кои имаа за цел да ги извлечат и евакуираат опколените војници и цивили во касарната. За сето време на акцијата се одвиваше и артилериска стрелба од окружувањето. Военото воздухопловство ги поддржуваше хеликоптерите од воздух, отворајќи константно оган по противничките позиции. Планерите на акцијата и самите се изненадија со брзината и ефикасноста на специјалците. Планираните 12 минути за изведување на самата акција се исполнија само седум и пол минути. Во оваа акција беа извлечени 170 луѓе кои повеќе од две недели беа отсечени и опколени во касарната.

Оваа акција е изведена во строга тајност и со минимален број запознаени за деталите, начинот и времето за дејствување. И самите учесници во акцијата ги дознаа деталите пред самото започнување на акцијата. Смелоста, да не кажеме дрскоста и брзината на изведената акција се пример за правилно настапување на специјалците, како и добро и уиграно содејство со разузнавачките служби и тајноста на изведувањето на акциите.

---

[77] Џамиќ, Д. (1999). Ратници из сенке. Београд: Таргет, 260.

## 9. Специјалните единици на Република Бугарија

Република Бугарија долги години, сé до распаѓањето на Варшавскиот пакт важеше за една од неговите најлојални членки. Комунистичката партија и нејзиниот долгогодишен лидер, претседател и врховен командат, во духот на тоталитаризмот имаа огромно влијание и целосна контрола врз вооружените сили и силите на Полицијата.

По преминувањето на дел од вооружените сили од страната на Сојузниците поточно од советска страна, кон крајот на Втората светска војна и поразот на силите на Оската, во редовите на бугарската армија се случуваат големи промени. Армијата започнува со чистки кои ќе бидат карактеристика на целиот период на комунистичка Бугарија. Постојаните чистки и проверки на лојалноста кон Партијата и претседателот ќе бидат најбитна карактеристика на армијата. Република Бугарија беше типична тоталитаристичка, полициска држава, а вооружените сили се развиваа и форсираа само за потребите на Варшавскиот договор и чувањето и утврдувањето на Источниот блок на границите со Западот, како и за потребите на бугарската комунистичка партија и претседателот.

По падот на комунизмот и прифаќањето на демократските принципи на структуирање на државата и нејзините институции, Република Бугарија, требаше да се ослободи од тешкото бреме на изминатиот период. Во однос на вооружените сили тоа бреме беше навистина тешко, тешка артилерија, оклопно-механизирани единици, арсенал и персонал кој целосно ја губи својата фунција и цел со распаѓањето на Блокот. Гломазна и нефункционална армија со политизиран, бирократизиран и несоодветен кадар е наследството на Република Бугарија. Целта на националната политика беше што побрзо да се консолидира државата и да се влезе во ЕУ и НАТО, но тоа беше долг и трнлив пат за Република Бугарија. Негативните ефекти на транзиционите процеси се одразија во секоја пора на бугарското општество. Криминалот, мафијата, трговијата со дрога, оружје и бело робје цутеа на територијата на целата држава. Неопходно беше државата најитно да ги спроведе реформите во безбедносниот сектор. Полицијата поседуваше единици од типот на специјал-

ни, обучени за справување со ваков вид криминални дејствија и безбедносни закани, но повеќето од нив беа замешани со подземјето и соработуваа со криминалците.[78]

Армијата на Република Бугарија до распаѓањето на Советскиот Сојуз своите специјални сили ги организираа по теркот на советските, со извесни модификации во зависност од сопствените можности.

Тоа беа, пред сѐ десантно-јуришни единици, падобрански единици и падобранско-диверзантски единици. До 2000 година, во рамките на бугарската армија како специјални единици се сметаа десантно-јуришната бригада, која се состоеше од штаб, десантно-јуришен баталјон, артилериски дивизион, инженериска чета, заднина, извидувачки баталјон и санитетска чета, падобранскиот полк во состав на корпусите и падобранско-диверзантските баталјони.

Во текот на 2002 година во рамките на Програмата 3 и Програмата 6 кои се однесуваат на развојот на силите за брза реакција се остваруваше тенденцијата на Република Бугарија за што покомпатибилно приближување кон стандардите на НАТО алијансата и нејзин прием во евроатланските структури.

Спред планот ФИЦИС, во Република Бугарија до 2004 требаше да се востановат 6 команди и штабови, 23 тактички единици во јачина на баталјон, (дивизион, сквадрон), 37 тактички единици во ранг на чета ( батерии), како и 71 тактичка единица во состав на брод, 84 борбени водови и 238 борбени одделенија.

Програмата 6 се однесуваше на реформите во специјалните сили. Таа предвидува развивање на една бригада, 10 баталјони и 38 чети, првенствено наменети за воздушно-десантни операции. Јадрото на специјалните сили на бугарската армија ќе го сочинуваат 1. независна воздушно-десантна бригада, т.н. “Орловоско гнездо”, која е стационирана во Пловдив. Повеќето припадници на оваа единица се од 2. воздухопловен тактички корпус.

Во моментот во рамките на Армијата на Република Бугарија во Пловдив е базирана 68.падобранска бригада. Само еден од баталјоните на оваа бригада е активен, но опремата е се уште гломазна, застарена и со источно

---

[78] Види поироко Николов, С . (декември 2004). Современа одбрана бр 8.

потекло. За целосна обука и одржување на оваа единица неопходна е материјална, советодавна и инструкторска помош од американската или друга западноевропска држава за целосно преадаптација кон НАТО стандардите.

Исто така, со седиште и команда во Сливен во рамките на бугарската армија е формиран и извидувачко-диверзантски полк. Ова е релативно мала единица која е предвидена за ЛРРП операции.[79]

## 9.1. Специјалните единици на Полицијата на Република Бугарија

За време на комунистичка Бугарија, Полицијата го имаше приматот во однос на справувањето со сите видови внатрешни безбедносни закани и повеќе од тоа, полицијата имаше влијание во секоја пора на општествениот и индивидуалниот, приватен сегмент на државата. Таканаречената „внатрешна војска“ беше укината со соборувањето на комунизмот и воведувањето на парламентарната демократија за принцип на владеење. Со законот за МВР од 1997 се формира националната служба, во рамките на МВР, жандармерија (НСЖ), како специјална безбедносна и извршна служба за обезбедување на важни објекти, борба против диверзантски и против терористички групи, за обезбедување на јавната безбедност и организираниот криминал.Во посебни (кризни) случаи припадниците на оваа служба ги обезбедуваат дипломатските претставништва,базите и објектите од национално значење, придружуваат и обезбедуваат специјални конвои и им даваат поддршка на воено –полициските сили. НСЖ е организирана на територијален принцип, со територијални жандармериски единици со кои раководат началници и Директорат на чие чело е поставен директор.

Во однос на борбата со тероризмот како фактор со највисок ризик по безбедноста на државата, МВР има формирано специјални антитерористички единици со повеќедецениски стаж.Сепак турбуленциите кои го зафаќаат бугаркото општество во последните децении на минатиот век се одразуваат и на составот и на ефикасноста на специјалните единици на полицијата.

Антитерористичките единици своите основи ги имаат поставено во осумдесититте години на минатиот век.

---

[79] Bennett, R. (2003). Elite Forces. London: Virgin Books Ltd, 39.

До 1985 овие единици се реорганизирани во три чети со по два вода, односно во 18 специјалистички групи( по три во секој вод).Намената на оваа единица првенствено беше за антитерористичка борба и содејство со воените сили во разбивањето на диверзантските групи.

Во 1986 оваа единица се издвојува од СГУ и се става под надлежност на одделението „Терор“ на 6.Управа на државната безбедност во рамките на МВР Во рамките на оваа управа постои „централен штаб за антитерористичка борба со Т одделение. СОМП ( Црвени беретки) конечно се преструктуира во СПБТ. СПБТ е специјално одделение за борба против тероризмот и е поделено во четири борбени оперативни одреди со по три одделенија во јачина од 12 луѓе, вкупно 144 припадника.

Оваа единица е вистински оперативна и ефикасна до 1989 година кога започнува нејзиното симнување надолу. Во смисла дека сите транзициони негативни ефекти се одразија на единицата. Црвените беретки, со новиот закон се именувани како Спеијализиран одред за борба против тероризмот СОБТ.Слично на останатите земји во транзиција, следуваат чести промени во раководството, организацијата и кадарот на единицата што се одразува и на нејзината ефокасност. Кулминација е инволвирањето на припадниците во криминалните банди на бугарското подземје. (рекет, подведување и соучесниство во организирање проституција, дури и активности како најмени убијци).

Сето ова мораше да се санкционира и реорганизира. Донесен е нов закон во кој точно се дефинирани надлежностите и обврските на припадниците на специјалните единици Прочешлани се старите редови и примени се нови припадници со беспрекорни досиеја.СОБТ е поделен на Сектор за специјални операции, Сектор МТСО, и Центар за специјализација и обука.Одделни инструктори имаат завршен специјална обука за инструктори во САД. Исто така се одржуваат и постојани контакти и соработка со британските, германските, израелские, турските и руските специјални единици. Во перспектива се планира СОБТ да се инкорпорираат во посебната „Единица за борба против организираниот цриминал“.

# *IV ДЕЛ*

## 10. Специјалните единици на Република Македонија

Армијата на Република Македонија се формираше паралелно со осамостојувањето на Република Македонија. Она што остана по заминувањето на ЈНА мораше под итно да се надополни, но и да се создаде ново, да се опремува, да се школува нов кадар и да се создаде нова армија. Секоја држава гради свој систем за одбрана и безбедност на државата. Нашата определба е одбраната да се потпира на три одбранбени столба: на вооружените сили, на колективните системи за безбедност и на цивилната одбрана.

Зачленувањето во колективните системи за безбедност е процес кој бара исполнување на одредени норми и стандарди. Според тоа, во однос на воената организација и потребите на новото време, а имајќи го предвид фактот за присутноста на сите видови современи загрозувања во нашето окружување, јасно е во која насока ќе оди реорганизацијата на АРМ: мала, мобилна и ефективна армија.

Уште на самиот почеток на својата консолидација, Армијата на Република Македонија ја почувствува потребата од брза имплементација на специјално обучен кадар за специјални дејства во своите редови, односно имаше потреба да формира специјални сили.

Името специјални сили или единици за специјална намена е афирмирано во шеесеттите години на овој век со промоцијата на американската доктрина на судири со низок интензитет. За остварување на таа доктрина, се јавува потреба од организирање на посебно обучени и организирани единици.

За наши прилики, при формирањето на Армијата на Република Македонија, како и на нејзините првични специјални сили се тргна од дефиницијата на полковникот на бившата ЈНА, Владимир Брдар, кој вели дека „Специјалните сили се мали, внимателно избрани воени сили, пополнети

со луѓе со несекојдневни способности, извонредно обучени за извршување на специјални задачи, што обичните единици не се во можност да ги извршат, или тоа го прават со големи маки“. Во рамките на тогашната безбедносна политика сите воени формации на Република Македонија беа формирани за одбрана на државата, пред се од надворешни загрозувања. Затоа и не се одеше на формирање на издвоени специјални единици туку во почетокот на консолидирањето на АРМ беа фаворизирани баталјоните на воената полиција како единици кои веќе имаа искуство со обука на посебен кадар.

Баталјоните на воената полиција секогаш ги вклучуваа високо мотивираните и доверливи старешини и војници. Тие директно им се потчинети на оперативно-стратегиските единици, а еден баталјон беше и под директна надлежност на Министерството за одбрана, во чиј состав влегуваше и вод за антитерористичка дејност.

Инаку во составот на полициските баталјони влегуваа три воено-полициски чети, сообраќаен вод и логистичка единица. Првенствена намена на полициските баталјони е обезбедувањето на објекти и личности, извршување криминално-техничка дејност, спречување нереди, но и антитерористичка дејност. Најчесто припадниците на овие единици се добро подготвени за разузнавачка и контраразузнавачка дејност, што секако е дел од неопходната обука на повеќето специјални сили.

На 1 март 1994 година  се промовира првата специјална единица на Министерството за одбрана (Волци),  со првобитна намена која во мир има задача да се подготвува за воени услови, да ја брани Републиката од дејствата на диверзантско-терористички групи и поединци уфрлени за изведување на диверзии, саботажи, субверзии и други видови неконвенционално војување.

Подоцна, во редовите на КоВ на АРМ се формира уште една една посебно обучена единица, директно потчинета на командата на ГШ на КОВ на АРМ, таканаречените „Скорпии“.

Со текот на времето согледувани се слабостите и се доизградувани специјалните единици на Армијата на Република Македонија.

Во НАТО - алијансата се подготвуваме да влеземе со понуда на најдоброто од нашата армија - специјалните единици. Во фаза сме на формирање на  специјална единица која во иднина ќе може да биде дел одвоените структури на земјите членки на НАТО. Првите чекори се

направени со учеството на наши војници старешини во Авганистан и во Ирак. Министерството за одбрана и Генералштабот на АРМ, во соработка со претседателот на државата, интензивно работат на преструктуирањето на постојните специјални единици на Армијата и формирањето на новата единица за специјални намени. Тоа е новоформираниот Полк за специјална намена.

Оваа единица брои околу 1.000 припадници и 60 % е пополнета од досегашниот состав на специјалните единици. При формирањето на Одредот се водеше сметка за пропорционалната застапеност на припадниците на националните малцинства, во редовите се присутни и жени.

Иако Република Македонија е држава со скромни економски потенцијали, мора да се нагласи дека одржувањето на вакви формации, е доста скапо и бара дополнителни средства и опрема. Но, според проценките сепак ќе биде исплатливо, односно тоа ќе се покаже преку постигнување поголем ефект со помалку сили. Одржувањето на специјални сили овозможува нивно брзо распоредување во границите на целата држава, но и надвор од неа, ако затреба. На овој начин се пролонгира и процесот на професионализацијата на АРМ, бидејќи оваа нова единица ќе биде целосно оперативна и подготвена за разместување и самостојно изведување на операции, што е секако императив за влез во НАТО - лесна, мобилна и професионална армија.

Во однос на опремата, планирано е ослободување од тенковите Т-55, добиени од бугарската армија и од борбените авиони Су-25, набавени за време на кризата 2001г. При набавка на новите возила, првенствено се тргнува од потребите на специјалните единици, па се планира набавка на специјални возила. Исто така, најверојатно дека борбените авиони ќе се заменат со транспортни летала за специјалните сили. При прегледот на горенаведените специјални сили на другите земји, евидентно е и присуството на современа хеликоптерска ескадрила за поддршка на специјалните единици.

Познато е дека трансформацијата на специјалните единици се одвива во рамките на веќе постојните елитни единици. Со реформата на специјалните единици во нова единица за специјална намена се опфатени: Одредот за специјални дејства на АРМ (Волци), Падобранскиот одред од Военото воздухопловство и Извидувачкиот баталјон. Во рамките на оваа единица за прв пат во редовите на нашата армија е прмовиран и ренџерски баталјон.

Формирањето на единицата се одвива етапно и под будното око на советници за НАТО компатабилност. Обуката со овие единици веќе е во тек и се изведува според стандардите и инструкциите на специјални тренери-експерти од специјалните единици на Обединетото Кралство и Република Турција, а во исчекување сме и на специјални тренери за источни боречки вештини за потребите на специјалните единици од Народна Република Кина. За да се остварат целите на овој проект потребни се околу 20 милиони евра, кои ќе се обезбедат од Буџетот, со поддршка и кредитирање од партнерски држави. Годишното одржување на оваа единица, Државата ќе ја чини 12 милиони евра. До крајот на 2005 планирано е да се изврши целосна стандардизација и интероперативност со НАТО, а во тоа се вклучени и стандардите за сместувачките капацитети, комуникациските средства, опремата, вооружувањето и опремата и платите на припадниците на оваа единица.

Примарна цел и намена на оваа единица ќе биде одржувањето на внатрешната безбедност и стабилност на државата. Ова значи дека е планирана неминовна соработка со специјалните сили на полицијата, најмногу за заедничко справување со тероризмот. Тука се прецизирани следните случаи на поддршка на полициските единици: Со разузнавачки податоци, поддршка на силите на МВР со средства и кои ги надминуваат нивните можности и капацитети, поддршка на МВР во граничното обезбедување, поддршка на МВР во извршување акции на обезбедување објекти од значење за одбраната, поддршка на МВР во справување со асиметричните закани. За тие потреби се планира и заедничка обука на единицата на МВР и на АРМ. Посебноста на оваа единица е што таа е планирана и за дејствување и надвор од државните граници, ако затреба, и за учество во НАТО мировните мисии и заеднички операции со други коалициони држави.[80]

Нова генерација македонски воини стапуваат на сцената. Добро опремени и уште подобро извежбани, по сопствен и по НАТО терк. Тука ќе се пронајдат некогашните македонски „Волци“, „Рисови“, „Скорпии“, „Соколи“... Сепак би требало да се потсетиме на формирањето, организацијата, намената,

[80] Говор на министерот за одбрана Владо Бучковски печатен во публикацијата „Македонија во НАТО,“ Форумпринт, Скопје 2003.

задачите, изборот и обуката, како и досегашното вооружување на овие, секако, мошне заслужни единици на Армијата на Република Македонија.

### 10.1. Баталјон за специјални намени на Министерството за одбрана – *„ВОЛЦИ“*

Најмногу експонирана единица на специјалните сили на Република Македонија е Единицата за специјални дејства „Волци“, односно по најновата формација Баталјон за специјални намени кој е во состав на Полкотза специјална намена. Волците се претставуваат преку следниот слоган: „Ние, македонските „Волци“ сме господари на нашата професија, професијата на оружјето. Нашата професија не е само работата. Тоа е начин на живот, кој бара лична пожртвуваност каква што не може да се најде никаде во општеството. Суштината на нашата професија е посветеност. Потреба, должност и лојалност. Тоа е награда и лична сатисфакција. Нашите сограѓани не гледаат како поим за македонски борец. Нашиот симбол е волк, познат и почитуван насекаде, затоа нашето мото е SEMPER ETIAM UBIQUE SUPERIORES! (СЕКОГАШ И СЕКАДЕ ПРВИ).“

Волкот е симбол на единицата и зазема централно место во амблемот на единицата. Другите симболи присутни на амблемот ,исто така, се со посебно значење и кваликатив на единицата. Отворениот падобран во амблемот покажува дека припадниците се квалификувани за изведување воздушен десант и падобрански искокнувања. Штитот ја покажува припадноста на Армијата, а ножот војничката подготвеност. Стрелата е симбол за припадноста во специјалните единици. Доминантна и симболична боја е црвената, која освен како боја на смелоста и решителноста е и традиционална боја на нашата Република.

За популарноста кај граѓаните и нема потреба многу да се кажува. Сите ги знаат како „Волци“. Први се меѓу првите: во подготвеноста, опременоста, обученоста, во професионалното и ефикасно извршување на сите задачи. Припадниците на Единицата за специјални дејства на 1 март 2004 одбележаа десет години од своето постоење. Почнувајќи од дејствата на Чупино брдо, 1994, преку дејствата за обезбедување на претседателот по обидот за атентат,1995, и континуираното зајакнато обезбедување на западната државна

граница и дел од северната граница до борбените дејства за време на кризата во 2001 год., пофалбите ви успехот во Ирак, тие беа и остануваат да бидат секаде и секогаш први. Со најновите формациски промени Волците како баталјон влегуваат во состав на новата единица за специјална намена.

### *Организација и формација*

Изборот за припадник на специјалната единица „Волци“ е строг и селективен. Оваа единица е сместена во гарнизонот на касарната Илинден во Скопје. Бројната состојба е регулирана како државна тајна. Нивните акции се секавичи и ефектни. Тие се најсигурниот дел на Армијата на Република Македонија.

Оваа единица го сочинуваше шестиот одред на Армијата на АРМ. Во почетокот Волците беа организирани во три вода, кои броеја помалку од сто припадника. Овие три вода организациско-формациски беа организирани во команда на единицата, чета за специјални операции и група за врски. Подоцна единицата повеќекратно се реорганизираше следејќи ги потребите. Првобитната организација организациско-формациски е проширена и се состоеше од од четири чети и команда на одред, од кои три се борбени чети, а една е чета за поддршка. Од трите борбени чети, една е антитерористичка, а две се диверзантски. Борбените чети беа составени од команда на четите и шест борбени тима.

Со реорганизацијата на Армијата во текот на 2003 година, единицата е организирана според НАТО стандардите како баталјон за специјални намени и тоа со команда, командна чета и три чети за специјални операции.

Во 1998 година во единицата е востановена организација во тимови, што е стандардно за потребите на повеќето светски специјални единици од ваков вид. Нашите „Волци“ беа организирани во тимови од по дванаесет члена. Првите припадници од Волците кои беа испратени во Мисијата во Ирак, беа организирани во тимови од по осум члена.

Еден тим во целосен состав се состои од командир, заменик-командир, тим специјалисти, специјалист за разузнавање, двајца специјалисти за оружје, двајца специјалисти за минско-експлозивни средства, двајца специјалисти за врски и двајца медицинари. До 2006 година баталјонот за специјални намена

„Волци“, треба целосно да се пополни и да се опреми по стандардите на земјите-членки на Алијансата.

Волците беа директно потчинети на Секторот за безбедност и разузнавање, а преку него директно на Министерството за одбрана.

Единицата е 100 % пополнета со професионалци и е оспособена за извршување на дејства од доменот на неконвенционалното војување.

Основна намена на оваа единица ѝ беше обезбедување на државната граница и задграничното подрачје во мир, а во војна упад во непријателската заднина, противтерористичи и противдиверзантски дејства. Во кризни ситуации, „Волците“ беа тие кои прво се ангажираа, со цел да се воспостави мир и ред, а да се неутрализирз и елиминира непријателското дејство. Било да се работи за ликвидација на терористички групи или кога треба да се обезбедува ВИП личност, секогаш се смета на нивното присуство.Новата реорганизација на единицата, освен што ќе овозможи поголема ефикасност во остварувањето на задачите во однос на безбедноста на внатрешниот интегритет на државата (поддршка на специјалните единици на полицијата), поефикасно ќе ја брани државата од можна надворешна агресија, но ќе биде и во можност да даде свој придонес во планираните мисии во рамките на колективното членство. Ова впрочем и се покажува со успешното остварување на поставените задачи во мисиите во Ирак и во Авганистан. За посветеноста на припадниците сведочат и одликувањата во мисијата „Слобода за Ирак“ и дадените четири животи во справувањето со терористичките групи во Кризата во 2001 во Република Македонија.

Како најчест вид задачи за кои се обучуваат, со кои се справуваат и за кои се извежбани до автоматизација се сметаат следните:борба во урбана и рурална средина; напад на објекти од исклучителна важност; противтерористички и противдиверзантски дејства на привремено заземена територија; упад во определени простории заради запленување нелегално оружје; чистење на теренот од терористи со претреси на отворен терен или во населено место; тивка ликвидација на непријателот; ослободување на заложници; обезбедување витални објекти и лица.

***Обука***

За де се достигне нивото на ефикасност потребно за извршување на сите гореспоменати задачи потребна е да се обезбеди солидна обука за кандидатите кои ќе се пријават на Конкурсот што го објавува највисокото државно и воено раководство за потребите на Министерството за одбрана. Од формирањето на оваа единица објавени се повеќе такви, најчесто интерни конкурси.Првичните услови за пријавување се стандардни за прием во ваков вид единици. Прво, кандидатот треба да е доброволец. Сепак предност им се дава на оние кои служеле во воената полиција, во разузнавачките и во диверзантските единици. Пријавените кандидати треба да ја имаат регулирано воената обврска; да имаат завршено минимум средно стручно образование и да се со натпросечна интелигенција. Кандидатот треба да располага со високи психофизички квалитети, да не е осудуван, да не е постар од 26 години и понизок од 170 центиметри, да е државјанин на Р.М. и да е подобен за чување државни тајни.

Врз основа на податоците кандидатите се повикуваат на селективна програма која опфаќа: информативен разговор, специјалистички прегледи, психофизичка проверка, оценка од воената единица и слично. Тие треба да бидат со висока интелигенција и способност да се снајдат во секоја ситуација. Обуката е сестрана, континуирана и строго селективна.Времетраењето на обуката е петнаесет месеци (порано две години) и е поделена на општа и специјалистичка.

Со новите преструктуирања уште повеќе е нагласена потребата од што пообучен и пообразуван кадар во единицата, со што и критериумите станаа уште построги и поселективни.

Основната фаза на обуката трае шест месеци, а специјалистичката девет месеци. Во склоп на програмата на основната фаза во овој период се совладуваат боречки вештини, ракување со ладно и огнено оружје, физичко кондиционирање, спортски активности и извежбување на различни борбени дејства.

Втората фаза е подолготрајна и оние кандидати што го поминале првиот дел од обуката следните девет месеци се специјализираат за повеќе дејности. Во обуката се застапени противтерористички и противдиверзантски

активности, падобранска обука, пливање и нуркање, алпинизам, десантни дејства и други строго стручни активност, кои најчесто се совладуваат според критериумите и под надзор на елитни странски инструктори. Курсот по алпинизам се дели на летна и на зимска алпинистика и е под надзор на швајцарски инструктори.Оваа обука е по нови наставни планови и е во функција веќе три години. Припадници на единицата беа испратени на доусовршување на овој вид обука и се подготвуваат за идни инструктори на македонските специјалци во елитни швајцарски центри. Првиот ваков курс се спроведе во Андермонт во Швајцарија, а подоцна уште два курса за инструктори по алпинизам на Конечка Планина, во близина на Демиркаписка-та клисура. Извесен број од Волците се здобија со звања инструктори од прво и од второ ниво за алпинистичка обука. На курсевите присуствуваа и припадници на албанската армија, двајца офицери и три подофицери, како и инструктори од Швајцарија, што ја докажува потребата од размена на искуства и заедничко совладување на вештините од досегот на потребите на специјалните единици.

По завршувањето на обуката од единечна извежбаност се оди на повторување на дејностите, но на ниво на тимска работа и работа на чета.

Сето тоа се одвива на сопствени вежбалишта и полигони, а по совладувањето на обуката, извесни поединци се испраќаат и на доусовршување во други земји.

„Волците", како најрепрезентативен дел на МО, полагаат доста сметка за тоа да одат во чекор со вооружувањето на слични формации во светот. Па така, од личното вооружување доминантни се автоматските пушки од 7,69 мм , снајперите од 7,9 мм, пиштоли ЦЗ 9мм, минофрлачки, самострели, тромблони, запалливи бомби,секаков вид ножеви, а и „Црни стрели" (12,7мм) , рачни ракетни фрлачи- „Зоља" и „Оса" и слично. Значи арсеналот на вооружува-њето е најразновиден, во зависност од ситуацијата и акцијата.

Личната заштита е стандардна за ваков воин: панцир, балистички шлем, пакет за прва помош, логорска опрема, алат за обивање, пили за железо, маскирни бои и слично. Опремени се и со заштитни маски, незапалливи и со респиратор. Најчесто ја носат маскирната униформа со посебен амблем на волк на левиот ракав.

Бројната состојба е државна тајна , но и како што е пракса во другите армии секогаш е променлива, во зависност од потребите. За потребите на новата единица секако дека прво се тргна од овие командоси. Веќе се испратени дваесет и еден припадник од оваа единица во операциите во Ирак.Тие заедно со четвртата пешадиска американска дивизија во близина на градчето Таџи извршуваа задачи на обезбедување објекти и патишта. Нашите специјалци во Ирак изведуваа специјални мисии, самостојно или со американските специјални сили. Освен тоа, во Ирак тие спроведуваа и обука на американските војници за мисии на пребарување, откривање оружје и упад во населени места.Подоцна им се придружи и наш медицински тим. По враќањето од Ирак, овој прв контингент беше заменет со нов составен од 31 припадник на Единицата за специјални намени Волци во мисијата „Ирачка слобода". Нивна задача е да ја обезбедуваат стабилноста и поддршката на коалиционите оперативни бази во Ирак. Ова учество е секако влог и доказ на нашата цврста определеност за влез во НАТО алијансата и преку придонес од најдоброто на нашата армија. Волците се гарант на нашето партиципирање во антитерористичката коалиција, токму со својата обученосст за справување со закани од тој вид.

## 10.2. Извидувачки единици и единици за електронско извидување и противелектронско дејство

Кога се зборува за единици за специјална намена мора да се споменат и извидувачите како посебен род, кој секогаш имал голем удел при изведување на акции со силите за специјални дејства. Извидницата на АРМ е попозната по прекарот „Рисови". Тие како вистински рисови, нечујно и ненадејно се прикрадуваат по теренот од каде преку најсовремени средства за известување известуваат за состојбата. Најголемиот дел од нив се професионални војници. При изборот предност имаат тие кои го имаат служено воениот рок во извидувачки единици.Во составот на извидувачите се и оклопно-извидувачката единица за уфрлање во задницата на непријателот, пеш, со возила или со воздухоплови.

Извидувачката единица на АРМ беше директно потчинета на ГШ на АРМ, а извесни единици од нив им беа потчинети на оперативно -

стратегиските команди. Сите единици извршуваат извидувачки активности за потребите на претпоставените команди. , но оспособени се и за друг вид дејсво (препад, напад на комуникациски јазли и сл). Во склоп на АРМ, сите родовски единици имаа извидувачки водови, заради извршување на чисто родовските задачи.Организирани се во групи, патроли и извидници.

Извидувачката група може да биде во различен состав во зависност од задачите и намената. Најчесто по задача се уфрла во непријателските редови. Применува постојано набљудување на теренот, заседа и препад.

Патролата има за цел да ги извидува патните правци и реони. Најчесто се движат пешки, по споредни патишта.

Челната извидница го извидува правецот на сопственото движење, а зачелната го обезбедува зачељето.

Со оглед на реорганизацијата на Армијата, најверојатно дека нема да биде занемарена улогата на овие единици. Со формирањето на ренџерскиот баталјон ќе се сублимира рашireноста на специјалците на извидницата во еден баталјон. Извидувачките органи како што се извидувачката група, патролата, челната извидница, бочната извидница, извидница на пат, сигурно дека ќе се имплементираат во новиот состав на Одредот за специјална намена, односно во Ренџерскиот баталјон како најблизок со нивната намена.

Исто така, и единиците за електронско дејство, наменети за електронско извидување на непријателската територија, откривање и уништување на непријателските електронски уреди за набљудување, секако дека ќе бидат вклучени како поддршка на специјалните единици, При противелектронско дејствување, пред сé, се зема предвид обученоста и суптилниоста на старешинскиот кадар со тој вид специјализација.

### 10.3. Специјалните единици на ВВ и ПВО

Во сите современи армии, при дејствување на специјалните единици се зема предвид и потребата од воздушна поддршка на истите но и дејствување на диверзантско-падобрански единици, па речиси сите имаат формирано и таков вид специјални сили.Падобранските единици секогаш влегувале во редот на елитните и најобучените.

Во АРМ уште во 1992 се формираше падобранска паракомандоска единица наречена Падобрански диверзантски одред (ПДО). Еден дел од оваа единица влезе во составот на Единицата за специјални намени како падобрански тим. Првото промовирање како Падобрански специјален одред, единицата го имаше во ноември 2001 год. Намената на единицата е да врши пребарување на теренот, евакуација и спасување на воздухопловен персонал, координација на авијацијата од земја кон непријателските цели, воздушни десанти од мали и од големи височини во длабочината на непријателската територија, потрага и спасување, ослободување заложници и заштита на аеродроми, како и помош на цивилното население при елементарни непогоди. Селекцијата при изборот на припадниците е исклучително строга. Процентуално само 2 до 3 % од пријавените кандидати продолжуваат како припадници на овој елитен одред. Обуката е поделена во две фази, основна и специјалистичка. Обуката е според програмата на американскиот центар „Џон Кенеди“ во Форт Браг. Припадниците на овој одред, популарно наречените „Соколи“ остваруваат тесна соработка со слични единици од соседните земји, пред сé со припадниците на 63. падобранска бригада на Војската на Србија и ЦрнаГора, а имале вежби и со „Зелените беретки“. Се препознаваат по карактеристичната црвена беретка.

Овој одред на ВВО и ПВО со извесни трансформации е влезен во во составот на Одредот за специјална намена.

### 10.4. Единици за мировни операции

Уште од самиот почеток на формирање на АРМ се претпоставуваше дека во рамките на ваква констелација на сили и настани во светот ќе биде неминовна партиципацијата и на нашите воини во мировни мисии и операции. Токму за вакви цели е фомирана Првата пешадиска бригада, која чекор по чекор се трудеше да ги достасува целите на интероперативноста.

Пешадиската единица „Скорпиони“, која е во склоп на Првата пешадиска бригада, која не носи назив специјална, сепак според задачите со кои се справува влегува во редот на ваквите единици. Седиштето на бригадата првично беше во Кичево, со цел да ја обезбедува западната граница, но подоцна е преместено во Штип. Кадарот е релативно млад, но доволно

искусен, со претежно професионален состав. Најекспониран дел од Првата пешадиска бригада секако се „Скорпиите" кои имаат своја повеќегодишна традиција и презентација во АРМ. Тие веќе се покажаа во повеќе здружени вежби и од нив се очекува да ја ја покажат готовноста за учество во повеќе мировни операции. Скорпиите борбено се прекалија и за време на кризата во 2001 год.

Бригадата е формирана на 16 октомври 2000 година, како Единица за брзи реакција во составот на КоВ на АРМ. Оваа бригада најчесто престојува во гарнизоните во Штип, Куманово и во Струмица.

Единицата е составена од три чети, а секоја чета е поделена на тимови (групи). Со механизираната чета, Република Македонија партиципираше во Комбинираните здружени сили.

Првата пешадиска бригада е членка на мултинационалните мировни сили. Оспособена е за учество во мировни операции насекаде во светот. Дел од Бригадата е таканаречената чета за мировни операции во состав на Мултинационалната бригада за Југоисточна Европа СЕЕБРИГ. Тие се нашите неофицијални амбасадори, кои секогаш и секаде достојно ја претставуваат нашата земја.

Приоритетна задача на припадниците на оваа единица е извршувањето на мировни операции. Токму тие и имаат најмногу контакти со НАТО претставниците и се најблиску до НАТО стандардите. Резултатите што оваа единица ги има покажано на сите мултинационални вежби се на завидно ниво. Имаат учествувано на повеќе мултинационални вежби , на наш терен, во соседството , но и многу подалеку (Луизијана). Такви здружени вежби беа: „Спасител 97" во РМ, „Кооперативен налет 97", во Луизијана: „Есперија 97" во Италија, „Најдобар кооперативен зафат" во Естонија, „Цврсто решение 98" во Шпанија и ред други како билатералната вежба „Соседски зафат 2003" со припадниците на македонската и албанската армија, а едно одделение на оваа единица учествуваше и на вежбата „Најдобар кооперативен зафат 2003" во Ерменија.

Треба да се истакне дека еден офицер од оваа единица учествуваше во рамките на мисијата „Исаф" во Авганистан во 2002 година, а едно одделение учествуваше и во мисијата „Слобода за Ирак". За 2004 година веќе е

испланирано учеството на нашите миротворци во вежбата „Најдобар кооперативен напор 2004“.

Пополувањето на единицата е на доброволна основа. Според досегашното истражување, пополнетоста на единицата е 91 % професионален состав, а само 9 проценти во моментот се војници на отслужување на военият рок. Според националниот состав, Македонците во Бригадата се застапени со 91 %, Албанците со 5%, Србите со 1% и останатите националности се застапени со 1%. Интересно е дека во единицата има 13 старешини, осум офицери и пет подофицери, припадници на понежниот пол. Оваа тенденција за процентуално поголема партиципација на националностите и жените е во постојан пораст, што придонесува за создавањето слика на една нова модерна и мултиетничка Армија на Република Македонија.

Конкурсот за прием во единицата го објавува Министерството за одбрана. Кандидатите од 20 до 25 годишна возраст треба да поминат повеќе прегледи и тестирања за оцена на психофизичката способност. Се проверуваат и физичките дисциплини, боречките вештини, но и психичката подобност и стабилност. Во последно време голем дел од времето за обука е посветено на изучувањето на англискиот јазик, како еден од приоритетите за влез во НАТО Алијансата. Во последниот временски период 102 припадника на Единицата го изучувале англискиот јазик, секојдневно во траење од два часа, а четворица офицери и еден подофицер беа испратени на дошколување во странство. Оние кои ќе ги исполнат критериумите за прием во Единицата, мора и со заклетва тоа да го потврдат. Најчести вежбалишта на „Скорпиите“ им се полигоните во штипската касарна, но и полигонот Криволак и шумите и ридовите ширум земјата и надвор од неа. Обуката опфаќа основна пешадиска и тактичка обука. Пешадиската обука се состои од совладување на основни војнички работи и постапки, ориентација на терен, ракување со оружје, марширање и физички дрил.

Тактичката обука се состои од разузнавачко-безбедносна дејност, боречки вештини, употреба на огнено и ладно оружје, борба во ноќни услови, обука за ракување со системи за врски, ориентирање при лоши временски услови и слично.

Како резултат на ваквата сестрана и подновена обука се произведоа војници и старешини со висока професионалност и борбена готовност.

Во составот на оваа единица влегуваат командири образувани според најновите стандарди за лидери-командири. Лидерите на новото време се вистински професионалци кои знаат и умеат да се снајдат во секоја ситуација. Секој од овие командири го има завршено специјалниот курс за лидери, односно командно-штабен курс по НАТО стандарди.

Со ваква обука се овозможува дејство во сите услови и на различен терен, во заднината на непријателот, дејство од воздух и од вода, со сите начини на неконвенционално војување. Во врска со обуката треба да се нагласи дека во оваа единица се воведуваат и нови форми на обука. Тука се мисли на обуката за дејство во урбани средини, за противтерористичка активност и обука во зимски услови, како и за дејство при елементарни непогоди.

Всушност, оваа единица тоа и го демонстрираше во сите здружени вежби во кои учествуваше.

Иако според барањата на трансформацијата и во оваа единица е неминовна редукција на бројката на припадниците, на сметка на намалувањето на бројноста се очекува да се зголеми моќта на „Скорпиите“ како резултат на повисоката професионалност и извежбаност.

Скорпиите се лесно вооружени, најчесто со автоматски пушки, пиштол ЦЗ од 9 мм. и друго оружје стандарно за специјалните единици. Карактеристично за нив е што располагаат со оклопни возила БТР-70, и Хермелин возила во борбена верзија.

Припадниците на Единицата, освен што во секој момент се подготвени да ја бранат независноста и територијалниот интегритет на Република Македонија, како и да партиципираат во сите претстојни операции за светскиот мир, во секој момент се подготвени и да му пружат помош на обичниот човек во неволја. Така на пример, припадниците на Единицата во 2003 година изградија 2,5 километри водовод до с. Габер, дел од водоводот во с. Шашаварлија. Цивилно - воената соработка се огледа и во честите контакти и заеднички дејствувања со МВР и другите институции во земјата.

Подоцна во Армијата на Република Македонија при трансформативните процеси се формираше и Втора пешадиска бригада. Втората пешадиска бригада веќе го има достигнато потребниот степен на интероперативност со НАТО стандардите.

Припадниците на оваа бригада уште се нарекуваат „Леопарди“. Обучени се за ефикасно справување, пред сé со диверзантско-терористички групи и да водат борбени дејства во напад и во одбрана.  Бригадата се наоѓа во фаза на целосна трансформација. Лоцирана е во Северозападниот дел на Македонија, односно на просторот на Тетово, Кичево и Охрид, но како единица за брзи интервенции, нејзина задача е, во најкус временски период да интервенира по целиот простор на државата. Одделение на Втората пешадиска бригада на АРМ во март 2003 година замина во шестмесечна меѓународна мировна мисија ИСАФ3 во Авганистан, во состав на германскиот контингент. Во Кабул тие беа задолжени за одржување на мирот и безбедноста на улиците и тоа најчесто преку патролирање, воспоставување контролна точка и стражарење на значајни стратегиски точки во градот со што докажаа дека сме интегрален дел на антитерористичката коалиција.  Според Националната програма за членство во НАТО, до крајот на 2004 год. бригадата треба да биде во целосна оперативна  оспособеност.Во февруари 2004 година „Леопардите“ се испратија за партиципирање во мировните мисии на територијата на Авганистан.

## 10.5. „Ренџери“

Првиот ренџерски баталјон во Армијата на Република Македонија веќе речиси една година е оперативен и успешно ги извршува задачите за кои е предвиден. Ова докажува дека формирањето на ваква единица не е само слепо следење на моделите од американската армија туку вистинска потреба со оправдана цел на формирање. Македонските Ренџери се составен дел на Одредот за специјална намена.

Тие се  незаменлива поткрепа: претходница и логистичка поддршка на Баталјонот за специјални дејства.

Како и Ренџерите во американската армија тие се во рангот на лесна пешадија со висока мобилност и оперативност за дејствување во сите услови и на секаков терен. Тие се врвно обучени извидувачи кои со најсовремени средства и техники го извидуваат теренот, ги откриваат непријателските позиции и известуваат за нив, се борат на непријателски терен, изведуваат препади, заседи, диверзии, поставуваат минско-експлозивни средства, односно се служат со сите борбени облици карактеристични за специјалните единици.

Од определувањето на задачите за кои е наменет овој баталјон се избира и кадарот кој ќе припаѓа во него. Пред сé, се одеше на пополна од редовите на извидувачките единици кои веќе имаа квалификуван кадар за специјални дејства од овој домен. Дел од кадарот се прими од водовите на Воената полиција кои, исто така имаа квалификуван кадар, како и искусни падобранци од 501 падобрански одред и дел од Единицата за специјална намена „Волци“, но и од нови припадници кои ги исполнуваат условите за прием во единицата.

Во рамките на Ренџерскиот баталјон се внимава на етничката пропорционалност, па во него се застапени и припадници на албанското, ромското бошњачкото, турското, влашкото и српското малцинство.

Организациско – формациски во моментот ренџерскиот баталјон е во состав на Одредот за специјална намена. Баталјонот има своја команда и штаб, командна чета и три чети со по шест тима.

Во однос на обуката за ренџери, треба да се нагласи, што е прикажано при претставувањето на 75. ренџерски полк на американската армија дека ренџерите минуваат исклучително тешка, сложена и обемна обука, која се оценува по високи критериуми и е строго селективна. Да се биде Ренџер значи да се опстојува и бори на секаков терен и во најтешки услови, најчесто длабоко во непријателската заднина. Ренџерите, најчесто се првите кои се десантираат на непријателски терен со цел да се извршат првични задачки од извидувачко-разузнавачки дострел. Подоцна овие војници со развојот на настаните продолжуваат со друг вид специјални дејства, диверзии, напад на утврдени објекти, изведување заседи, употреба на минско-експлозивни средства, борба гради в гради, но и ракување со посложени орудија , дури и артилериски орудија кои при големи операции може да се десантираат на теренот. Ренџерите мора да бидат обучени и подготвени да издржат и повеќе денови без дотур на храна и други потреби на екстремни услови и преживување во природа.

Значи да се влезе во редовите на „Ренџерите“ не е ниту малку лесно и едноставно.

***Обука***

И во нашата армија за прием во редовите на „Ренџерите" се следат строги принципи и критериуми. Всушност и сите тестирања и оценувања се изведуваат под контрола на инструктори од НАТО. Оценувањето на фитнес тестрањата на поединците е според стандардите на НАТО и потребно е да се освои минимум 206 поени, исто како и за кандидатите од другите земји. Здравствените прегледи, безбедносните проверки и информативните разговори и тестирања во кои се проценува подобноста, интелигенцијата, општото образование и културното ниво на секој поединец се спроведуваат според многу строги критериуми и се во траење од 24 дена. Според посебен план и програма се проверува способноста на секој кандидат за тимска работа, иако и индивидуалните способност и креативноста се високо на цена. Карактеристично за сите ренџерски единици во светот е што во обуката се форсира оспособувањето на поединци со висок степен на физичка издржливост. Затоа во обуката се практикуваат долги и исцрпувачки маршеви и обука за преживување.

По минувањето на првичната селекција, кандидатите кои ги поминале сите тестирања успешно, се испраќаат на обука во Ренџерскиот баталјон. Обуката е селективна и трае 18 месеци. Според стандардите за обука во специјални единици таа е поделена во фази: прва фаза-основна обука и втора фаза-специјалистичка обука. Во рамките на специјалистичката обука се совладува ракување со лично вооружување и се спроведуваат задолжителни контролни гаѓања. Специјалистичката обука опфаќа и инженериска обука, санитетска обука, ракување со мини и експлозиви и друго. Посебно внимание се обрнува на обуката на командниот кадар за донесување одлуки и решавање на сите задачи во најразлични ситуации. Исто како и Волците, односно како и сите специјални единици, и во баталјонот на ренџерите за успешно, брзо и ефикасно извршување на задачите се оди на врвна обученост за дејствување во тимови. Примарно место во обуката има извежбувањето по тимови и завршува со тимски вежби со координација на ниво на чета.

Тие што ќе ги помината двете фази на обуката се испраќаат на посебни курсеви, преку кои се допрецизира нивната специјалност.

Припадниците на ренџерскиот баталјон се испраќаат на основен, преоден и виш падобрански курс, на зимски и летен алпинистички курс, курс за преживување во летни и зимски услови, курс за нуркачи и др. Така се формираат ренџери специјалци падобранци, алпинисти, нуркачи ... Значи да се стане Ренџер не ниту малку лесно и едноставно.

Извесен број од офицерскиот и подофицерскиот кадар во состав на ренџерскиот баталјон е школуван во странство, во САД, Турција, Франција и во други земји - членки на Алијансата. Бидејќи беа прикажани обуката и ефикасноста на повеќе специјални единици од овие единици, без сомневање е дека овие офицери имаат што да им пренесат на сегашните и идните припадници на специјалните единици на Република Македонија. И Ренџерскиот баталјон треба да остварува целосна компатибилност со НАТО стандардите и е планиран во целост или со свои делови да учествува во НАТО мисии и операции.

Македонските Ренџери, сега за сега, се опремени со лично вооружување, автомати, полуавтомати, пиштоли со лесно оружје со оптички нишани, снајпери, рачни фрлачи, минофрлачи со калибар 60 и 82 мм, противоклопни орудија, најразлични средства за врски, возила, и друго, иако во однос на опременоста има потреба од уште помодерна и пософистицирана опрема.

## 10.6. Полк за специјални операции на Република Македонија

Со целосната трансформација на Армијата на Република Македонија беа опфатени и нејзините специјални единици. Иако тие се придржуваа до стандардите за вакви единици според организацијата, обуката и употребата, сепак побарувањата на новонастанатите услови, како и исполнувањето на определени услови за приближување кон стандардите на земјите-членки на Алијансата со што би се забрзал процесот на прием на Република Македонија во НАТО, налагаа нужни промени и во организацијата на специјалните единици.

Според новата формација Командата на специјалните сили се преструктуира и сите сили за специјална намена на Република Македонија влегуваат во составот на Полкот за специјални операции.Овој полк се

пополнува од редовите на постојните специјални единици, но и со нов кадар кој ги исполнува условите.

Со трансформацијата беа опфатени припадниците на Единицата за специјална намена „Волци“, Извидувачкиот баталјон и Падобранскиот одред. Од овие единици се пополни 60 проценти од одредот, а другиот дел од други единици. Бројната состојба на полкот е 999 припадници. Формирањето на единицата се одвива под постојана контрола од НАТО советодавниот тим.

Организациско-формациски, полкот има бригадна структура и е составен од командант, команда и штаб, командна чета, баталјон за специјална намена, ренџерски баталјон, чета за обезбедување и чета за поддршка.

Освен што треба да ги остваруваа мисиите за одбрана на земјата од агресија од надвор, оваа единица е наменета заради своите специфични можности и за поддршка на полициските единици во справување со сите видови асиметрични закани кои би можеле да влијаат врз внатрешното дестабилизирање на државата како и за поддршка на надворешната политика на државата при изведување заеднички операции со земјите -членки на НАТО, како и со други сојузнички држави.

Оваа единица мора да поседува елемент за команда и контрола со специјалните мисии, кој треба да биде во тесна координација со генералштабот на АРМ, но и со штабовите на НАТО алијансата.

Полкот за специјални операции, според Стратегискиот одбранбен преглед во секое време треба да биде подготвен да даде елемент за команда, контрола и разместување, како придонес на НАТО- комбинираните здружени наменски сили за изведување специјални операции., како и за операции во соработка со сојузничките држави.

Исто така, оваа единица треба да се фокусира на планирањето и на координирањето на специјалните операции., да дава предлози и мислења до воениот врв и до министерот за одбрана за работите поврзани со специјалните мисии. Полкот треба да ја развие доктрината на современите начини на војување според светски достигнувања и според специфичните индивидуални потреби. Односно овој полк треба да ги следи сите иновации во однос на обуката, критериумите, доктрината и тактиката на дејствувањето според моделите од земјите припаднички на НАТО Алијансата.

Сето ова може и мора да биде исполнето и доколку се има доволно средства за обука и одржување на оваа единица, ова ќе биде нашиот најквалитетен залог за влез во Алијансата. а одржувањето на специјалните единици е скапа но исплатлива инвестиција.

За опремувањето на декларираните единици и специјалните сили се планирани средства од Буџетот и тоа предимство имаат декларираните единици за мисии во станство. Процесот на опремувањето ќе се одвива етапно и ќе трае некаде до 2013 год. Од средствата на Буџетот е планирана модернизацијата на единиците. Во тек е набавката на комуникациски средства за потребите на специјалците, транспортни возила, лично вооружување и опрема.

Иако дел од специјалните единици влегоа во полкот со мошне солидна опрема и модерно вооружување (Волците), тие треба да го следат трендот на времето кое укажува на мошне брза промена во однос на вооружувањето и средствата за комункација и др. Тие секогаш треба да бидат во можност да му парираат на непријателот со современо и софистицирано оружје и опрема. За наши прилики се чувствува потреба и од набавка на транспортен авион кој ќе може успешно и брзо да ги превезува припадниците.

## 10.7. Специјална единица на МВР на Република Македонија „Тигар“

Уште во далечната 1993 година во рамките на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија е остварена потребата од формирање на посебна единица за специјални намени која ќе има посебно обучен и квалификуван кадар за справување со заканите за безбедноста на Република Македонија кои обичните полициски сили не беа во можност да ги елиминираат со класичен метод на дејствување. Првенствена намена на новосоздадената единица беше да ги попречува и отстранува масовните нереди во државата. Подоцна спектарот на задачите и намена на оваа единица се прошири ја. Тие се употребуваат за интервенци при определени услови, на определен простор и објекти, при злоупотрба и загрозување на интересите на истите од лица кои дејствуваат против законските норми на Република Македонија. Припадниците на оваа единица во тренд со сличните единици од

Армијата кои си избираат метафорично име на некое животно кое ги открива нивните особини (Волци, Рисови, Соколи, Шкорпии), од 1999 година се нарекуваат себеси Тигри.

Во оваа специјална единица строго се внимава на одржувањето на константна бројна состојба, па така приемот на кандидати кој се врши по пат на таен конкурс во Министерството за внатрешни работи не се извршува секоја година туку доколку има потреба од нови припадници. Најчесто обновата се движи по специјалности некаде од 6 до 10 луѓе вкупно. Оваа специјална единица е директно потчинета на Министерството за внатрешни работи, а командант на единицата е министерот за внатрешни работи, Прв субординиран на министерот му е командирот на Единицата, а овој има свој заменик командир. Командирот на единицата за специјални задачи е задолжен да ги достави наредбите од министерот до сите команданти на водовите. Единицата е составена од пет вода и петнаесет одделенија. Првиот и вториот вод се интервентни и се составени од постари и поискусни припадници. Секој вод е специјализиран за одреден вид задачи. Оваа единица инаку најмногу дејствува во случај на внатрешни нереди и загрозувања од типот на упад во објекти, возови и авиони и заробување на сторители на кривични дела; извршување претрес во објекти заради запленување оружје, дрога, или друг вид илегален материјал; антитерористички дејства, обезбедување објекти и настани; противдиверзантски дејства;ослободување заложници други дејства за кои постои потреба од нивна интервенција.

Припадниците на Единицата најчесто дејствуваат како водови со одредена специјалност и дејствуваат самостојно или со поддршка од останатите групи.

Во редовите на Единицата за специјални намени на МВР се пријавуваат кандидати доброволци, но сепак при изборот предност имаат кандидатите со отслужен воен рок во десантно-јуришните, воздухопловно-десантните, извидувачките, единиците на воената полиција, гардиските или ,пак, во исклучителни случаи и реномирани спортисти или факултетски образовани луѓе од цивилството. Старешините се избираат од разузнавачките служби, воздухопловно-десантните или од други специјални единици. Освен што треба да е доброволец, кандидатот не треба да биде постар од 25 години, да не е осудуван и да е државјанин на Република Македонија.

За да станаат припадници на Тигрите , пријавените кандидати треба да исполнат одредени критериуми од програмата за селекција. Прелеминарните тестирања опфаќаат информативен разговор во четири очи со командирот на Единицата, решавање на посебни психолошки тестирања, проверки на физичката подготвеност и здравствен преглед.

Оние што ќе ги исполнат прелеминарните услови се испраќаат на полигоните за обука. Најголемиот дел од обуката се изведува на сопствен оперативно-тактичен полигон, но се служат и со други полигони во државата. Обуката е поделена на основна и специјалистичка и трае една година. Во првиот период се извежбуваат и совладуваат основните физижки вешини, како и ракување со ладно и огнено оружје. Во првиот дел задолжително е изведување на повеќе маршеви како и совладување и владеење со боречките вештини. Маршевите се изведуваат и ноќе и дење и се изведуваат задолжително еднаш неделно во должина од 25 до 30 километри. Како и во сите специјални единици во светот и во оваа единица вториот дел од обуката е посветен на специјалистичкото усовршување. Тука се совладуваат следните активности: совладување огнени пречки, извршување десантни операции, уфрлање во задницата на непријателот, врски и комуникации, дејство од возило во движење, преживување во природа, алпинизам, скијање, извршување заседи, препади и упади, извршување претрес, блокада, рација и други строго специјализирани активности.

Во обуката на вакви единици, особено внимание се посветува на десантните операции. Таквите вежби се изведуваат со поддршка на транспортните хеликоптери. Се извежбува одредување на местото на товарење и растоварување и превозните реони за растоварување, се вежба расчистување и уредување на десантниот простор и распоредување на единиците. Секоја вежба има своја тежина и реална употреба. Припадниците на оваа единица, откако ќе ја совладаат исцрпувачката и сеопфатна обука се подготвени во најтешки услови и на најнедостапни места и терени, рескирајќи го честопати и својот живот да се справат со сите закани и опасности за Република Македонија и нејзините жители.

Во однос на опремата и вооружувањето, Единицата за специјални намени на МВР располага со доволен арсенал оружје. Од личното вооружување се застапени пиштолите ЦЗ-99, со калибар од 9 мм автоматската пушка

со калибар 7,62 мм, рачни ракетни фрлачки М-80 со калибар 64 мм, автоматските пушки Хеклер и Кох Мр -5, снајпери, самострели, ладно оружје и друго. Од транспортните возила се користат возилата „Хермелин" и оклопното возила БРДМ, кое е приспособено и за амфибиски акции, потоа возилата „Хамер" во цивилна верзија. Во акциите се поддржувани од транспортен хеликоптер Ми-17. Униформата им е модернизирана, маскирна со заштитен панцирен елек, тактичко помало елече со доволно простор за носење муниција и друга опрема.

### 10.8. Специјална единица за брзо распоредување (СЕБР)

Во втората половина на 2002 година, македонското Министерство за внатрешни работи започна со реконструкција на Единицата за брза интервенција „Лавови", а подоцна следеше и нејзиното целосно распуштање. Подоцна дел од оваа единица, оружјето кое не беше за потценување и опремата влегоа во состав на новоформираната СЕБР, специјална единица за брзо распоредување.

Званично, на 27.03. 2003 год. со Одлука на Владата на Република Македонија за формирање на антитероистичка единица во рамките на Министерството за внатрешни работи е формирана Специјалната единица за брзо распоредување (СЕБР). Формирањето на една ваква специјална единица е призлезено од потребата на Република Македонија за формирање единица која брзо ќе се распоредува на целата територија на државата. Досега не постоеш во рамките на државата единица со такви капацитети.

Формирањето на единицата е законски и теоретски поткрепено со одредби од Уставот на Република Македонија, членови од Законот за МВР и определбите на Концепцијата за национална безбедност и одбрана, како и Проценката на загрозеноста на целата територија на Република Македонија.

И оваа единица, како и другите специјални единици на Република Македонија е во фаза на трансформирање и реорганизирање со цел да се достигната поставените европски стандарди и норми и со неопходната поддршка од релевантните структури на меѓународната заедница.

Припадниците на единицата ја почитуваат правичната етничка застапеност, како и принципите на транспарентност и јавност., со што се

постигнува целта на Министерството за внатрешни работи за поседување специјална полициска единица која ќе го аплицира мултиетничкиот карактер на вработените во МВР и граѓаните на РМ.

Оваа единица е од редот на силите со висока готовност и способности за справување со вооружени екстремисти, криминалци и банди во руралните средини.

Потребата од формирање ваква единица е неспорна во ерата на зголемените безбедносни нарушувања олицетворени во терористички акти од различен вид и потекло и криминални дејствија и банди кои ги надминуваат можностите на класичните полициски сили. Припадниците на СЕБР се обучени за потрага, блокирање и лишување од слобода на вооружени криминални групи, банди и поединци. Исто така, припадниците на оваа единица се подготвени да се вклучат во пообемни акции на МВР и давање поддршка за борба против организираниот криминал и секој друг пософистициран облик на криминалитет. При секое поголемо нарушување на јавниот ред и мир при поголеми и масовни собири, припадниците на СЕБР се обучени во најкраток можен рок да го воспостават нарушениот јавен ред и мир, како и да се справат со побунетите затворници во КПД.За оваа намена единицата има способност и капацитет вообличена во 250 врвно обучени специјалци за контрола на толпа и јавниот ред.

Централното јадро за должности во рурална средина е составено од 250 полицајци обучени да извршуваат операции на набљудување, патролирање и приведување во руралните области, спасувачки мисии во високите плнински предели и спасувачки мисии при елементарни непогоди, како и за обезбедување поддршка на сите полициски единици на територијата на Република Македонија.

Во случај на потреба, припадниците на СЕБР дејствуваат во поддршка на ЕСЗ и на единиците на АРМ.

Основна улога на Специјалната единица за брзо распоредување е да се бори против организираниот криминал во руралните средини и да обезбеди јавен ред со цел да помогне во создавањето на стабилна безбедносна состојба и самостојно изведување на високоризични полициски операции во разни средини.

*Обука*

Специјалната единица за брзо распоредување е отворена за сите националности и полови припадници – припадници на Полцијата.

За прием во редовите на СЕБР се распишува интерен оглас за прием до сите СВР-ОВР. кандидатите кои аплицираа треба да се на старост од 21 до 30 години и да се на униформирана полициска служба од 12 до 24 месеци.

Критериумите во однос на физичките тестирања за припадниците се стандардни за прием во специјални единици. Се оценува брзината, експлозивната сила, репетативната сила рамнотежата, координацијата, издржливоста. Во рамките на овие тестирања дадени се вредностите на долните граници за позитивно оценување, кои се доста високи и бараат висока физичка подготвеност на кандидатот. Следуваат тестирања на поспецифични побарувања на службата. Тестот за оценување на стравот од височина опфаќа вштина на спуштање од кула по алпинистичко јаже.Следува совладување на жичани пречки во вид на поминување по сајла на суво во растојание од 10 метри и преку водена површина во растојание од 20 метри.

Прецизноста на кандидатот се оценува преку нишанење со стап од место во мета на оддалеченост од 2,5 метри, поминување на пречки и изведување гаѓање со пиштол ХС 2000 со калибар од 9 мм од 25 метри со 10 куршуми Повторно следува поминување прчки па изведување гаѓање сссо АП 7,62 мм на оддалеченост од 100 метри со 15 куршуми.

Сите дадени вредности кои минимум треба да се остварат за прием во редовите на СЕБР покажуваат дека кандидатот треба да е со значителна претходна извежбаност и обука. Селекцијата е доста строга и во однос на утврдувањето на психолошките тестирања и се примаат само емотивно стабилни и карактерно и морално изградени личности.

Обуката на кандидатите ко ги пминале тестирањата е поделена во фази. првата седмица е период на прилагодување за новопримените кандидати. Следува курс за основна обука со кој се опфатени и полициската и воената обука , борбено стрелаштво, кој е во траење од три месеци.

По завршената основна обука кандидатите повторно се оценуваат во совладаните вештини. Кандидатот кој успешно ќе го помине оценувaето и завшниот испит се распоредува во определените водови на СЕБР, а доколку

не го положи со успех оценувањето и завршиот испите се враќа во својата претходна матична полициска станица.

Во однос на обуката се следат (иако со помал број часови од стандардите за прием и обука на припадници на специјалните единици).

Организациско–формациски, СЕБР е составена од команда на единицата и три чети: мобилна чета, чета за јавен ред и чета за рурална средина.

Во рамките на МВР постои уште една високопрофесионална , мобилна и врвно обучена полициска единица која се вбројува во редот на специјалните единици. Припадниците на оваа единица најчесто се нарекуваат со името „Специјална полиција“. За нивните успешни акции се почесто слушаме и следиме по медиумите.

Организациско-формациски припадниците се групирани во три баталјони: баталјон „Скопје Куманово“, баталјон „Исток“ и баталјон „Запад“. Припадниците се регрутираат од редовниот состав на Полицијата и подлежат на дополнителна обука. По совладувањето на обуката припадниците на оваа единица се испраќаат за справување со посложени задачи. Во нивен делокруг се акциите за потрага и апсење на тешки криминалци, обезбедување на јавни собири, објекти од посебен интерес за државата и слично.

### 10.9. Гранична полиција

Приближувањето на Република Македонија кон НАТО и ЕУ значи дека АРМ ќе се повлече од долножностите за гранично управување и предавање на истите на полициската гранична служба. Процесот на интегрирано гранично управување ќе се реализира преку остварување зацртаното во Националната стратегија за интегрирано гранично управување во Република Македонија. Одредбите на Стратегијата се во согласност со Шенгенскиот каталог ќе се остварат преку повлекување на АРМ од одговорностите до 31 декември 2005 год. и создавање нова национална гранична полициска служба, во рамките на Министерството за внатрешни работи, како основна служба за гранично управување во државата и создавање на национален координативен механизам за гранично управување со кој ќе

раководи граничната полициска служба во соработка со сите останати национални служби за гранично управување.

Стратегиските определби на Граничната полиција се вообличени како ефикасност при одбрана на државната граница од закани во вид на можност за навлегување на непријателски настроени поединци и групи, спречување внатрешен конфликт преку пресекување на шверцерски канали за пролиферација на оружје за субверзивни цели. Исто така и да спречува меѓународни криминални групи и банди во извршувањето на нивните преку гранични криминални активности. Тука пред сè се мисли на организираниот криминал во вид на илегална имиграција, трговијата и шверцот со бело робје, дрога и оружје за масовно уништување.

Со самото набројување на  овие илегални активности се забележува дека дел од нив се вклучени во дефиницијата за современи безбедносни асиметрични закани за кои е потребно да се формира посебно обучен кадар кој ќе знае да соодветно да се справува на теренот со нив.

Граничната полиција треба да биде во целосно професионален состав, се исклучуваат воените регрути и војниците по договор од граничната бригада.Работните места во граничната полиција треба да бидат пополнети со високо професионален и стручен персонал. Критериумите кои се следат за припадник во редовите на Граничната полиција во основа се преклопуваат со условите за прием во полициските  единици и повеќе. Целиот персонал подлежи на селекција и проверка на способностите.

Персоналот на граничната плиција мора да биде обучен и постојано да се усовршува како и припадниците на полицијата . Исто така треба да владее со странски јазици, а новопримените регрути во граничната полиција треба да имаат можост да се обучуваат на највисоко ниво.

За остварување на стртегиските определби Граничната полиција ќе користи комбинација на прикриено и откриено физичко и техничко набљудување, современи аналитички и разузнавачки трхники и размена на информации со останатите служби со цел да обезбеди јасни, целосни, прецизни и сигурни информации, врз основа на кои ќе може да се планираат проактивни поединечни и меѓуагенциски операции.[81]

[81] Национална стратегија за гранично управување, Влада на РМ, Скопје,  декември 2003, стр 17.

За извршување на доверените задачи и мисии кои се прецизирани во Стратегијата неопходно е да се обрне доволно внимании на регрутацијата, селекцијата и обуката на кадри, кои во најголем обем ќе бидат преземени од претходните служби во рамките на Министерството за внатрешни работи и Министерствот за одбрана.

Во Министерството за внатрешни работи во тек е дооформувањето на професионалната гранична полиција. Процесот треба да се одвива во неколку фази. Претходница се подготвителните активности, подоцна и конкретни активност за пониско обезбедување на државната граница, што вклучува екипирање на персоналот, обуката и тренингот, материјалното и техничко опремување, просторни капацитети, обезбедување систем на врски, како и сместувачки капацитети на локалните, регионалните и централната служба на граничната полиција.

Ова оди во прилог на етапното преземање на линиското обезбедување на државната граница од Министерството за одбрана од Армијата на Република Македонија. Овој процес би се одвивал 34 месеци, односно до крајот на 2005 година, кога конкретно ќе биде оформена Граничната полиција.

Сепак, оваа безбедносна структура сé уште треба да се доизградува. Потребно е нејзината организациска поставеност и законски да се регулира преку донесување посебен закон за гранична полиција кој би соодветствувал на постојните закони за одбрана и за внатрешни работи. Исто така, треба да се прецизират нејзините надлежности, обука, кадровска пополнетост, начинот на комуницирање и координираност со Армијата и со Полицијата.

## 10.10. Местото и улогата на специјалните единици во системот за национална безбедност на Република Македонија

За улогата на армијата како фактор на одржувањето и опстојувањето на државата во меѓународни рамки не треба да се спори. Поседувањето репрезентативна воена сила, како и членувањето во колективните системи за безбедност, ја остварува својата заштитно-безбедносна функција и одвраќање на можните агресори од надвор и во состојба на потенцијално мирување на воениот капацитет. Тука, пред сé, се мисли на безбедносна закана олицетворена како класична воена агресија од друга држава. Државите жртви

на агресија од друга држава веднаш, во таков случај на напад ги активираат меѓународно-правните мерки и одговараат на нападот со еквивалентна сила сѐ до моментот на вклучувањето на институциите и мерките на Меѓународнот право и не се преземаат соодветни санкции кон државата агресор.

Ваквите случаи се се помалку веројатни, зашто државите агресори своите политички и друг вид цели практикуваат да ги остваруваат со сили и средства кои не можат прецизно да се дефинираат и да се подведат под соодветни членови на меѓународното право. Како што забележав уште во воведниот дел на трудот, дваесет и првиот век е век на големи промени во безбедносната политика на глобално ниво. Новиот милениум е време на нов вид загрозување на меѓународниот мир и безбедност.Постојниот ред на нештата сѐ почесто се загрозува во вид на безбедносни нарушувања кои не се предизвикани од определена држава агресор, туку во вид на терористички акти и друг вид агресија од недефиниран извор (терористички организации без дефинирана генеза во определена држава, револуционерни или религиозни движења со агресивни претензии и слично). Исто така, сѐ поприсутно е загрозувањето на опстанокот, безбедноста и стабилноста на државите и од внатрешни фактори на загрозување, кои се со такви димензии и моќ што средствата и мерките планирани во рамките на институциите за одржување на внатрешната безбедност не се во можност да ги елиминираат без соодветна воена поддршка и слично. Сето ова што се случува во светот нужно бара и промени во однос на најсоодветните начини за справување со овој вид закани по светскиот мир и безбедност и во однос на најрелевантните решенија за одржувањето на безбедносното статус кво и во рамките на самата држава и регуларните модуси за елиминирање на сите видови дестабилизирачки фактори во форма на асимерични закани, конфликти и кризни ситуации предизвикано однатре.

Целта на овој труд беше да покаже и докаже дека за справување со сите видови неконвенционални и асиметрични закани кои се во пораст и го загрозуваат светскиот мир е замислен добро организиран, обучен и ефикасен бастион за одбрана на светската слобода, а тоа се специјалните единици. Претставувајќи ги специјалните единици формирани во современите системи за национална безбедност на земјите предводнички во НАТО алијансата, но и на земјите наши непосредни соседи покажавме дека овие единици имаат доста

голема улога во рамките на тие системи. Тие се организирани според посебни принципи и имаат своја сопствена доктрина. Нивните задачи, исто така се посебни и определени од употребата на специјалните единици во време на мир, конфликт или во војна.

Сепак, при потребата за интервенција на специјалните единици за специјални операции надвор од рамките на државата се чини дека сé уште не е определен најкомпетентниот начин за нивно легално активирање за справување со современите видови асиметрични закани. А во рамките на системот за национална безбедност на Република Македонија сé уште како да се бара најсоодветното решение за употреба на единици на Армијата (специјалните) при справување со внатрешни безбедносни закани, конфликти или безбедносна криза со која етаблирарините полициски специјални сили не се во можност да се справат.

И во рамките на меѓународниот правен систем постојат недефинираности во однос на употребата на вооружената сила за справување со современите безбедносни закани.

Во однос на справувањето со асиметричните закани, во вид на терористички акти насочени кон определена држава во меѓународни рамки опстојува законска регулатива која се труди да ги подведе тие акти под меѓународно правни рамки и истите да ги разреши и санкционира, но доста често оваа регулатива не е во можност ефикасно да одговори на извршените акти. Најчесто решението се бара во членови од Повелбата на Обединетите нации кои се однесуваат за можностите на употребата на вооружени сили.(член 4, член 51 и др.)[82], Резолуцијата 12526 или Декларација за принципите на меѓународното право во врска со пријателските односи меѓу народите, во која се обврзуваат ентитетите да спречуваат организирање, поддршка, пружање помош или земање активно учество во внатрешни конфликти на друга држава или во терористички акти против други држави. Такви документи се и Женевските конвенции и антитерористичките конвенции, но и тие се веќе застарени и бараат трансформации за одговорот на современите видови безбедносни закани да биде секогаш законски поддржан и регуларен. Овие документи се донесени во време кога тактиката

[82] The law of the United Nations. San Fancisko, 1945.

на дејствувањето на терористите се уште не била доволно позната и не се конструирани за соодветен одговор на такво настапување. Членот 51 е креиран за одговор на фронтални напади, односно конвенционално војување, а не за ненадејни „ад хок“ напади слични на герилските, но не и истоветни. Во последно време, во рамките на меѓународното право функционира посебен модус на употреба на вооружена интервенција која може да се употреби за справување со современите безбедносни закани и која се именува како антиципирачко право на самоодбрана на државата. Најголемиот број случаи на изведените акции и операции на специјалните единици во светски рамки се потпираа на тие законски модуси. Членот 51 од Повелбата на Обединетите нации по настаните од 11 септември мора да добие ново значење во однос на справувањето со тероризмот, и тоа пред сѐ се мисли за вклучување на правото за предвремена (антиципирачка самодбрана).

Значи, доколку се направи анализа на законската регулатива во меѓународни рамки, може да се констатира дека таа постои, дека асиметричните закани, посебно тероризмот може да се подведат под нивна јурисдикција, но тоа е недоволно и нецелосно во поглед на ефикасноста во справување со терористички организации од типот на Ал Каеда и се добива впечаток на бавност или пасивизираност на Меѓународната заедница во поглед на терористичките напади. Односно можеме да заклучиме дека самата Меѓународна заедница, придржувајќи се до Меѓународното право и неговите конвенции во однос на употребата на сила како одговор на тероризмот, си ги врзува рацете. Големите држави, како Соединетите Американски Држави, Велика Британија и некои други, модусот, за справување со вакви опасности го изнаоѓаат во правото за антиципирачка самоодбрана или предвремена самоодбрана, но и ова наидува на опречни толкувања....

Малите држави, освен што се засегнати од таков вид безбедносни закани и проблеми, тие, исто така се во постојана активност за зачувување на својот идентитет и интегритет во рамките на постојните граници, како од агресија однадвор, така и од внатрешното поткопување и дестабилизирање на државата...

Затоа малите држави потпирајќи се на одредбите на членот 51 од Повелбата на Обединетите нации создаваат системи за безбедност и одбрана, во границите на потребите, но и на своите можности. Но и се стремат да

влезат под безбедносниот чадор на колективните системи за безбедност. Создавањето репрезентативен воен потенцијал и влегувањето во Колективните системи за безбедност се основните фактори за зачувувањето на интегритетот, суверенитетот и независноста на една држава од опасноста за агресија однадвор. Но, во последно време се поприсутна е и опасноста за дестабилизирање и губење на идентитетот и државноста и однатре.

Затоа државите во рамките на своите системи за национална безбедност мора да ги детектираат и факторите на загрозување кои сé повеќе се во вид на асиметрични закани кои бараат поинаков начин на справување со рамките на системот.

Секој современ систем за национална безбедност и одбрана постојано мора да биде во тек со безбедносните промени внатре во сопствената држава, во окружувањето, но и со безбедносните промени на глобално ниво.

Наглото зголемување на степенот на безбедносно загрозување заради закани од асиметрично потекло, односно заканата од тероризам од масовни размери и со несогледиви последици, нужно бара отстапување доволно простор и внимание во рамките на системот за национална безбедност на секоја држава.

Владата и безбедносните органи на државата секогаш мора да дејствуваат во рамките на законот. Во спротивно, доколку не успеат во тоа, ќе го поткопаат демократскиот легитимитет и довербата и почитувањето на јавноста. Доколку не се почитуваат законите од страна на безбедносните сили се создава можност за појава на репресија и создавање на тоталитаристичко општество или ,пак, доколку се оди во друга крајност, до појава на анархија.[83]

Република Македонија бидејќи и самата стана жртва на ваков вид безбедносно нарушување, сериозно се зафати да ги пополни празнините, пред сé во законската регулатива за справување со современите видови безбедносни закани, а и со создавање специјални сили како соодветен одговор за елиминирање на ваков вид безбедносни закани.

Со дефинирањето на новата безбедносна политика, се тргна во конкретно креирање на документи кои ќе соодветствуваат на новите состојби во Република Македонија. Концепцијата за национална безбедност и одбрана

[83] Котовчевски, М. (2004). Борба против тероризмот. Скопје: Македонска цивилизација, 146.

ја постави платформата на која ќе се надградат сите определби, ставови, активности и мерки што ги презема Република Македонија за да стане земја со што повисок степен на национална сбезбедност и што поблиска со земјите кои се дел од колективните системи за безбедност.

Значи, во рамките на системот за национална безбедност се формираат современи специјални единици на Армијата на Република Македонија, како и специјалните единици на Министерството за внатрешни работи како средство за справување со сите видови современи неконвенционални и асиметрични закани за Република Македонија.

За справување со сите видови криминални дејствија, како и безбедносни предизвици од внатрешно потекло, недозволена трговија со оружје, луѓе или дрога, како и терористички акти, кои се случуваат внатре во рамките на државата и се со внатрешно потекло, првенствено се надлежни единиците на Министерството за внатрешни работи и тоа најчесто за ваков вид безбедносни закани се користат специјалните единици на МВР( ЕСЗ, СЕБР и специјалната полиција). За криминалните дејствија од меѓународен карактер кои се одвиваат преку гтраничните премини надлежноста е во граничната полиција, која е задолжена за границата и инцидентите на неа. Сепак, понекогаш може да се случат ситуации кога е неопходно на овие единици да им се даде поддршка од воените специјални единици.

Во рамките на Законот треба да се определи точното место и улогата на војската при справувањето со заканите кои се во рамките на државата.

Досегашната законска регулатива, Уставот на Република Македонија, Законот за одбрана, Законот за служба во армијата и други документи ја признаваа улогата на Армијата единствено како одговор на извршена агресија однадвор како средство кое во таков случај со сите сили и капацитети ќе му се спротивстави на непријателот во одбрана на земјата, нејзиниот идентитет и територијален интегритет. За сите прашања поврзани за внатрешниот мир и безбедност единствено надлежно беше Министерството за внатрешни работи. Со оглед дека безбедносните закани, што се виде и во настаните од 2001 година, можат да бидат со такви димензии и ефект да се доведе во прашање и опстојувањето на државата мора да се најде легален модус за вклучување на специјалните единици на Армијата во поддршка на специјалните единици на

Полицијата и да се прецизира начинот, редоследот и приоритетот во командувањето при заедничкото настапување.

Исто така во досегашната законска регулатива не беше третирано уредувањето на прашањето за партиципација на единици од Армијата во мировни, хуманитарни или друг вид операции во рамките на определени сојузи и коалициски сили.

Значи во рамките на системот за национална безбедност се чувствуваше потреба за промена и дополна на политиката за национална безбедност, како и преточување на новите ставови на безбедносната политика во соодветна концепција и други стратегиски документи.

Најзначаен документ кој ја даде платформата за надградување на други поконкретни закони и документи е Концепцијата за национална безбедност и одбрана. Врз база на концепциски заснованите ставови во врска со виталните безбедносни прашања се оформуваше и најновиот Стратегиски одбранбен преглед, кој се реализира во три фази. Првата фаза е политичката рамка кон Стратегискиот одбранбен преглед и таа ги систематизира концепциските определби.

Втората фаза или програма за реализација на Стратегискиот одбранбен преглед во делот за процена на идните вооружени сили, нивните способности, опрема и поддршка утврдува неколку фази и оперативни чекори во реализацијата.

Првата фаза е дел во кој се изработија документите кои послужија како основа, насоки и претпоставки за планирањето. Втората фаза го опфаќа делот за процена на силите.

Во Втората фаза на Стратегискиот одбранбен преглед најпрвин се дефинирани основните мисии на одбраната на Република Македонија, а тие се:одбрана на земјата;операции за поддршка на мирот; придонес во справувањето со регионалните конфликти; заштита на пошироките интереси на Република Македонија.

Во нашиот случај ќе ги разгледаме задачите на мисијата „одбрана на земјата“, а тие се:

1.1. одбрана и заштита на територијалниот интегритет и независноста на Република Македонија во согласност со Уставот, Законот за одбрана и Националната концепција за безбедност и одбрана на Република Македонија;

1.2. поддршка на силите на МВР во справувањето со закани, ризици и опасности по безбедноста, а кои ги надминуваат нивните способности и капацитети;

1.3. поддршка на органите на државната власт, единиците на локалната самоуправа и други владини и невладини организации и институции, како и на граѓаните во справувањето со природните непогоди и епидемии, техничко-технолошки и други институции и други несреќи.

1.4. изведување на операции и воена поддршка како земја-домаќин на меѓународните сили на територијата на РМ за извршување задачи и обврски кои ги презела РМ, вклучувајќи и заедничка одбрана на територијалниот интегритет и суверенитет на РМ.

Во контекст на предметот на нашето истражување битен е делот кој во врска со задачата 1.1. е дефиниран како подзадача на задачата 1.1. и се однесува за одбрана од неконвенционални закани директно насочени против вооружените сили и за која најголемиот товар го поднесуваат специјалните единици на АРМ.

Како подзадачи на задачата 1.2. се дефинирани следните ситуации:

- поддршка на МВР со разузнавачки информации;
- поддршка на МВР со средства и капацитети кои ги надминуваат нивните способности;
- поддршка на МВР во граничното обезбедување;
- поддршка на МВР во извршување акции на обезбедувањене на објекти од значење за одбраната;
- поддршка на МВР во справување со асиметрични закани.

Подоцна се објаснува дека согласно на разработката на одбранбените мисии АРМ треба да ги дефинира активностите за реализација на истите. Во точка 4 се определува дека АРМ мора да развие сили и способности за специјални операции, со конкретно специјализирани способности за потребите од справување со идните закани.

А, во точка 5 се нагласува дека АРМ мора да се оспособи за распоредување надвор од територијата на РМ и да обезбеди прием и поддршка на НАТО силите како земја- домаќин.

Во однос на специјалните единици доста прецизно во потточките се определува на каков начин ќе дејствуваат единиците во случај на загрозеност од неконвенционална безбедносна закана и со кои единици во кој случај.

Исто така и за подзадачата „поддршка на единиците на МВР“ во Стратегискиот одбранбен преглед точно се утврдени активностите со кои специјалните единици ќе ги поддржат полициските сили и во кој случај.

Стратегискиот одбранбен преглед е документ кој, освен што се погрижи да ги прецизира задачите на вооружените сили и на специјалните единици како дел од нив при одбрана на земјата однадвор, исто така се погрижи да даде одговор за претходните дилеми во однос на употребата на вооружените сили при заканите по безбедноста кои не се агресија од надвор извршена врз нашата држава.

Предлог - Законот за кризен менаџмент опфаќа извесни ситуации на криза при која е потребна интервенција од посебно обучени специјални единици од Армијата. За улогата на делови од Армијата при справување на вонредни и кризни ситуации предизвикани од природни, техничко-технолошки и друг вид извори на загрозување, во смисла на отстранување на последиците постоеја и порано законски одредби (Уредбите за ЦЗ, и слично ), но ова е прв закон кој подетално се занимава со оваа проблематика и кој легализира една воена единица која во рамките на државата се употребува за поддршка на силите на Полицијата при справување со кризни ситуации. Армиските сили кои можат да се користат за учество во справувањето со кризи и хуманитарни итни ситуации се точно дефинирани во СОП мисиите, а условите според кои може да се ангажираат се дадени во член 32.

Според овој закон за да се употребат воени сили за кризна ситуација и во поддршка на Полицијата, Управувачкиот комитет на Кризниот менаџмент ќе мора да даде предлог преку Владата до Претседателот на Републиката. Во предлогот мора да се прецизира видот и бројот на силите и капацитетите на АРМ, намената и задачите за кои се бараат и времетраењето на активностите.

Координацијата во одлучувањето ја врши Полицијата, додека командувањето со единиците на АРМ, кои учествуваат во операцијата е во надлежност на формациските команданти. Сепак се чини дека усвојувањето на овој витален закон е попречено со извесни законски нерегулираности и несоодветности, па тој сѐ уште е во законска процедура.

Исто така, со најновите државни документи се регулирани и мисиите во кои Република Македонија ќе може да парципира со свои декларирани единици. Декларирани се единиците на Армијата на Република Македонија кои во состав на НАТО,ОБСЕ,ООН и ЕУ ќе можат да учествуваат во справување со регионални конфликти и кризи.

Значи, државиот врв во однос на креирањето на националната безбедносна политика ги земал предвид сите стандарди за креиање современи сили и средства за справување со современите безбедносни закани и зачувување на виталните вредности, остварување на интересите и овозможување на реален прогрес на државата Република Македонија во секој поглед. Сепак во однос на законската регулатива во рамките на системот за национална безбедност потребни се уште некои допрецизирања и усогласувања на целокупната законска регулатива со усвојување и на нужните промени во законите кои се однесуваат на оаа проблематика (Уставот, Законот за одбрана) и донесување на нови закони (Закон за гранична полиција) и др.

## Заклучок

Република Македонија со формирањето на специјални единици не се соочува со нешто што и е непознато и неупотребувано. Историјата на нашата држава, како и историјата на целиот Балкан е историја на безброј војни во кои еден од најзастапените бил арсеналот на специјлното војување, односно употреба на посебни борбени облици, тактика и стратегија на војување.. Споменувајќи го Илинденскиот период ќе нагласиме дека четничкото војување и ајдутството се мошне блиски до герилското војување.Сите оние кои припаѓале на четите биле прекалени борци, избрани по посебен избор и се претходница на денешните специјални единици. Исто така и НОВ на нашите простори беше повеќе герилска отколку фронтална борба. Диверзиите, саботажите и психолошката војна имаат голем удел во стекнувањето предност над надмоќниот непријател. Значи, овие единици имаат традиција на овој простор и се разбира дека во новите услови со нови знаења и вештини, со модерно оружје, опрема и висок морал ќе бидат дораснати на секоја задача.Ова што денес го создавамр во тој поглед, секако дека треба да биде по НАТО теркот, но ќе треба да се достигне и рејтингот на прифатеност од широките маси.

Иако се со висок степен на ризик, според досегашното искуство, со оглед на популарноста и прифатеноста на специјалците, одзивот за прием во редовите на елитните единици секогаш бил на високо ниво. Според извесни истражувања кај младата машка популација, она што најмногу ги привлекува младите во армиските и полициските редови е токму можноста да се биде припадник на ваква единица.

Претставувајќи ги специјалните единици на неколку светски сили, но и давајќи преглед на таквите единици формирани кај нашите соседи, целта на овој труд беше да ја потврди оправданоста од формирањето на вакви единици и во Армијата и во Полицијата на Република Македонија.

Формирањето специјални единици во системите за национална безбедност е гарант за успешно справување со повеќето видови неконвенцио-нални и асиметрични закани кои се во пораст, а исто така тие се и наш

придонес во формации кои во секое време ќе можат да бидат оперативно подготвени за учество во мировни и друг вид операции со сојузниците

Бидејќи во трудот најмногу се користеа методот на дескрипција и компарација, за крај во поглед на организацијата, обуката, облиците на дејствувањето и доктрината која се застапува, како и вооружувањето и опремата ќе заклучиме дека Република Македонија, односно припадниците на нејзините специјални сили сесрдно се трудат да ги достигната стандардите на земјите-членки на Алијансата, а во однос со соседите, освен силите на Република Грција кои се со подолг век на НАТО компатибилност, другите држави се на приближно еквивалентно ниво на развиеност и ефикасност со нашите специјални единици.

Презентирањето на предметот на истражувањето овозможи да се синтетизираат неколку заклучни констатации.

Прво, определени се заедничките одредувачки фактори за припадност во специјалните единици за повеќето армии во светот.

Фактор број еден за припадност во овие единици е човекот. И тоа човек професионалец. Сите армии претпочитаат припадниците на специјалните единици да бидат со професионален состав. Искуствата од поранешните армии кои во овие единици дозволуваа партиципација и на редовниот војнички состав, кажуваат дека тоа не е исплатлива инвестиција бидејќи се потребни дополнителни средства за дообука и дека во тој случај се намалува и ефикасноста на единицата. И припадниците на специјалните единици на Република Македонија се професионални војници во секоја смисла на зборот.

Второ, за создавање на човек достоен за припадник во вакви единици се издвојуваат неколку принципи кои доследно ги спроведуваат речиси сите армии во светот, што се следи и спроведува и во Република Македонија.

Изборот, квалтетот и обуката се заедничките одредници на специјалните единици во однос на човечкиот фактор. Може да се заклучи, без оглед на историјата, традицијата и обемот на специјалните сили на државата дека при изборот за припадници се следат следниве принципи:

- доброволноста,
- старосната граница,
- и базата за пополна.

Споредувајќи ги изнесените податоци се заклучува дека кај сите единици е застапен принципот на доброволност, што значи чекор повеќе во свесноста за предаденоста и исполнителноста на припадникот.

Сите припадници на специјалните единици се ограничени со старосна граница, значи не треба да бидат постари од 35, а во некои единици старосната граница е и до 25 години.

Базата за пополна на единиците речиси кај сите единици е најчесто од единиците на регуларната армија, но најчесто од нејзиниот елитен дел, како што се падобранските, десантно-јуришните, воено-полициските или гардиските единици.

Вториот принцип за избор за припадност во специјалните единици е личниот квалитет на поединецот. Во сите специјални единици се претпочитаат поединци со посебна надареност и квалитети и натпросечна интелегенција.

Обуката на овие единици во сите земји е посебна, пообемна и во неа се застапени освен класични воени вештини и посебни специјалности специфични само за овие единици.

Обуката се спроведува во временски период поделен во фази и тој период може да трае и повеќе од една година, во зависност од тежината на посебните специјалности и потреби.На пример обуката на специјалните СЕАЛ тимови на американската армија трае и до две години, а и нашите Волци, барем досега се обучуваа речиси две години.

Најчесто, првата фаза од обуката е основна воена обука, со посебен акцент на физичкото кондиционирање и оспособување на физички издржлив припадник кој може да се снајде и да издржи во секакви временски услови и на различен терен. Вториот дел од обуката, кој повторно може да се дели на повеќе фази е најчесто специјалистички, во зависност од потребите и видот на специјалната единица.

Специјалистичката обука во сите земји се преклопува во многу детали. Припадниците се обучуваат за антитерористичка борба во урбани и други средини, за противдиверзантски дејства, за изведување воздушни десанти, за подводни диверзии, за отстранување минско-експлозивни пречки и друг вид специјалистичка обука.

И формациско-организациски се согледуваат голем број сличности и аналогии, што секако дека произлегува од тактиката на дејствувањето на овие

единици, односно од нивните борбени карактеристики и мисиите за кои се подготвуваат. И британските и американските единици и нашите Волци следат исти принципи на организирање и дејствување. Разликата повторно е во бројката од луѓе и модерни средства, опрема и оружје. Сите специјални единици се формирани да дејствуваат во посебни случаи и со посебни облици на дејствување. Во зависност од можните видови загрозување се форсираат едните единици на сметка на другите. Едно е сигурно и заедничко за сите современи армии, дека антитерористичките единици сè повеќе ќе добиваат на значење заради порастост на тероризмот во сите негови projавни облици.

Со формирањето на новите специјални единици, се претпоставува дека ќе бидат задоволени сопствените потреби, но и потребите на идното колективно членство, па ќе се внимава да бидат задоволени и тие потреби. Од искажувањата на нашите специјалци кои партиципираа во операциите во Авганистан и во Ирак, дознаваме дека нашите специјалци високо котираат според личните квалитети, знаење и обученост.

Сето ова што беше напишано за специјалните единици на земјите предводнички на Алијансата, како и за специјалните единици на нашите соседи, а и за нашите специјалци, морам да констатирам дека е поубавата страна на медалот. Би било идеално и многу убаво доколку сето ова што досега е напишано во овој труд е во целост остварливо и доколку медалот нема и друга страна.

Целта на овој труд не е да спори за придобивките од формирањето специјални единици, но чувствувам за потреба да ги споменам и извесните појави кои се врзани за специјалните единици, а се со негативна конотација.

Специјалните единици како феномен кој е екплоатиран од ниво на званичните безбедносни стратегии на сите држави во светот до ниво на најчеста тематика на современите акциони филмови и содржина на повеќето видео игри за децата заслужува да биде анализиран и од други агли.

Во наш домен, значи во рамките на воено-теоретските истражувања би ги споменала неуспешните акции, односно дебаклите кои во повеќе наврати ги доживеаја токму специјалните единици на најелитените светски армии... Зошто беше неуспешна акцијата за ослободувањето на заложниците во амбасадата во Техеран, зошто пропаднаа и обидите за фаќањето на Радован Караџиќ, зошто се случија масакрите во Сомалија и што во моментот се

случува во Ирак, па секојдневно слушаме за нови загинати од редовите на Маринците, Ренџерите….. Според прогнозите и планирањето на стратезите сите овие операции требаше да бидат успешни….

Исто така, сакам да допрам и некои етички дилеми кои ми се наметнаа при обработката на трудот и кои можеби некој стручњак ќе знае да ги дефинира и образложи.

Ми се наметнаа дилеми во однос на специјалецот - човек, кој се поставува како надчовек во однос на обичниот војник и граѓанин. Дали свесноста за сопствената супериорност е секогаш под контрола, дали специјалецот по сите обуки и акции е во состојба во секој момент да го активира, но и дезактивира анималниот нагон за убивање во себе, како што вели Ричард Бенет. Зошто, тогаш токму во нашата мала држава неколку случаи на насилни убиства се случени токму од припадниците на определени специјалните единици. И зошто се случуваат такви насилни и нехумани акти врз ирачките заробеници од страна на припадници на елитни единици…

При обработката на податоците за специјалните единици дојдов и до други податоци кои се опречни на тврдењата дека припадниците на специјалните единици се селектирани како стабилни, високо патриотки мотивирани и морални личности. Во последно време и во нашето окружување и во единиците на американските и британските елитни единици се случува отпадништво, односно од различни мотиви ( најчесто од материјални побуди) се напушта единица и се оди во наем на паравоени или приватни единици или се злоупотрбуваат припадници или цели единици за политички пресметки и криминални дејствија (Црвените беретки во СРЈ денешна ЗСЦГија) и други видови неморално однесување….

Исто така присутен како психолошки или повеќе како соцолошки е и синдромот на суицидност, кој ги зафаќа специјалните единици. Во Британија се направени и поопширни студии за оваaа појава во елитните САС единици. Исто така извесни анализи на оваа појава се направени и кај повратниците од мисиите во странство, во бугарската армија.Бројката на извршени самоубиства и обиди за самоубиство во редовите на Маринците кои учествуваа во мисиите во Ирак добива алармантни димензии. Ова веќе почна да се нарекува нов (ирачки) виетнамски синдром. Ова се објаснува со постојаната состојба на стрес со учеството во операциите, чувство на постојана изложеност на нишан

од непријателот и бесцелноста и непостоењето смисла во приватниот живот надвор од единицата по враќањето дома и слично….

Сепак, предмет на моето истажување беше светлата страна на медалот.

Целта на мојот труд беше да докажам дека ефикасноста на специјалните единици во современата констелација на сили и безбедносни закани од национално до глобално ниво е поголема во однос на класичните воени сили. Создавањето национална безбедност и стратегија е умешност и знаење кое треба да ги обедини и синхронизира политичките, воените, економските и друг вид елементи на националната сила и моќ во зачувувањето на виталните вредности на Република Македонија. Во правилно конципираната национална безбедносна стратегија улогата на специјалните единици и во рамките на Армијата и во рамките на Плицијата како безбедносни институции е еминентна. Улогата на специјалните единици е репрезентативна и во услови на мир, кога е во својство на одвраќање на можниот агресор и во разрешувањето на конфликтни и кризни ситуации и во услови на војна. Република Македонија треба да ги форсира специјалните единици и доктрината на современите начини на војување за да може да справува со сите видови современи неконвенционални закани по нејзиниот мир и безбедност, а и за да даде квалитен придонес во заедничките операции со сојузниците, со што дефинитивно ќе го трасира патот за влез во колективното членство.

## Литература:

**Airborne,** (2000). A Guided Tour of an Airbourn Task Force, Tom Clancy, Berkley Pub Group,

**Adams, J.** (1988). Seacret Armies. New York.

**Airborne Rangers,** Alan Landau, Frieda Landau, 1992

**Арсиќ, С., Михајловиќ, М.** (2003). Специјалне снаге света. Београд: НИЦ „Војска“.

**Бабановски, И.** (1989). ЦИА ( Covert i Action). Скопје: Млад борец.

**Vasić, M.** Specijalno i priguseno oruzje, GRAPHO, N&N, Nova Pazova, 1988

**Виснар, Ф.** (1986). Челична воља модерних аскера. напис во Старт.

**Вудворд, Б.** (1988). Тајни рат ЦИА. Њујорк: 1981-1987.

**Гоцевски, Т.** (1993). Колективната безбедност и одбраната на Република Македонија. Куманово: „Просвета“.

**Гоцевски, Т.** (2000). Современи тенденции во одбраната. Куманово: Македонска ризница.

**Гоцевски, Т., Митревска, М.** (2001). Кризен менаџмент. Куманово: Македонска ризница.

**Георгиева, Л.** (1999). Творење на мирот. Скопје: Студио АДА.

**Ghost, F.** (2000). The Secret History of the SAS, Ken Connor. Orion.

**Delta force.** (2000). The Armys Elite Counterrorist Unit, Charlie Beckwith, Donald Knox, Mass market .

**Delta.** (1992). America's Elite Countrrorist Force, Terry Griswold.

**Doctrine** for Special Forces Operations. (1990). FM 31-20, US Army, Washingon.

**Димишковски, С.** (1984). Војна, војска и политика. НИП „Глобус“.

**Димишковски, С.** (1996). Основи на националната одбрана на Р.Македонија. Скопје: Глобус.

**Elite Warriors** (1996). 300 years of America's best Fighting tTroops, Lance Q Zedric,

Bennet, Richard M. (2003). Elite Forces. London: Virgin Books LTD.

**Котовчевски, М.** (2000). Интегрална безбедност. Скопје: Македонска ризница.

**Котовчевски, М.** (2004). Борба против тероризмот. Скопје: Македонска цивилизација.

**Котовчевски, М.** (1996). Македонија воена алка на светот. Скопје: Македонска цивилизација.

**Котовчевски, М.** (1999). Извори на загрозување на мирот и националната безбедност. Скопје: Балкански центар за мир.

**Котовчевски, М.** (1999). Националната безбедност на Република Македонија (1,2,3,). Скопје: Македонска цивилизација.

**Лазански. М.** (2002). Командоси. Белград: Књига-комерц.

**Пашански, М.** (1987)**.** Савремене камиказе Београд: „НИРО" Књижевне Новине.

**Special** Operations Forces Reference Manual. (January 1998). Institute by Cubic Applications.

**Mcdonald, P.** (1990). SAS in Action.Pan.

**Fontana, James Ladd** (1984).SBS - The Invisiable Raiders.

**Списание „Одбрана"-**Комлет 2002 и 2003

**Списание Калибар,** Комлет 2002 -2003

Списание „Современа македонска одбрана" бр.1-9

**Сун Цу Ву** (1996). Вештина на војувањето. Скопје: Штрк.

**Терповски, В.** (1998). Специјални сили, Скопје: Боми.

**Јовиќ, С.** (1994). Специјалне снаге. Белград: Монтенегро Харвест.

**Клаузевиц Фон Карл** (1951): За војната. Белград.

**Нацев, З.** (1994). Теоетски основи на доктрината и стратегијата на националната одбрана. Скопје: НИП Ѓурѓа.

**Нацев, З., Начевски, Р.** (2000). Војна, мир и безбедност. Куманово: Македонска ризница.

**Спасевски Ј., Аслимовски П**. (1996). Безбедност и заштита. Охрид: Институт за истражување на туризмот и угодтителството.

**Comski Noam** (2000). Novi militaristicki humanizam. Beograd „Filip Visnic"

**Фукујама, Ф.** (1994). Крајот на историјата и последниот човек. Скопје: Култура.

**Џамиќ, Д.** (1999). Ратници из сенке. Београд: ДОО Таргет.

(2004). Управување со кризи. Скопје: округла маса.

**Нормативни акти:**

Устав на Република Македонија

Закон за одбрана

Закон за служба во АРМ

Концепција за националана безбедност и одбрана

Стратегиски одбранбен преглед(политичка рамка)

Делови од втората фаза на СОП во изработка-Декларирани единици, Функционална анализа на МО и др.

Предлог-Закон за управување со кризи.

Национална стратегија за интегрирано гранично управување